**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" – СКОПЈЕ**

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

**ИНСТИТУТ ЗА ПЕДАГОГИЈА**

**Постдипломски студии по педагошки науки**

# ЕТИЧКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА И МОРАЛНИТЕ ОСОБИНИ И ВРЕДНОСТИ КАЈ УЧЕНИЦИТЕ

***МАГИСТЕРСКИ ТРУД***

**Кандидат:**
**Сања Богданоска**

**Ментор:**
**проф.д-р Анета Баракоска**

**Скопје, 2020**

# СОДРЖИНА:

***ПРВ ДЕЛ***

**ТЕОРИСКО СОГЛЕДУВАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ**


1. ВОВЕД. .......................................................................................................... 7
2. ТЕМЕЛНИ ОПРЕДЕЛБИ НА ЕТИКАТА – ПОИМ И ПРЕДМЕТ .................. 10
3. ОПШТА ОПРЕДЕЛБА НА ПОИМОТ МОРАЛ. ............................................. 17

   3.1 Дефинирање на морал ........................................................................ 17

   3.2 Основни форми на манифестација на морал ........................................ 20
4. ЗНАЧЕЊЕТО НА ВОСПИТАНИЕТО ЗА МОРАЛНИОТ РАЗВОЈ НА ЛИЧНОСТА ........................................................................................................ 24

   4.1 Етика, морал и морално воспитание .................................................. 29
5. МОРАЛНО ВОПИТАНИЕ ............................................................................ 32

   5.1 Морално воспитание и образование – историски аспекти ..................... 32

   5.2 Определување на моралното воспитание ............................................ 38

   5.3 Цел на моралното воспитание ............................................................ 39

   5.4 Задачи на моралното воспитание ........................................................ 41

   5.5 Етапи во процесот на морално формирање ......................................... 47

   5.6 Теории на моралниот развој .............................................................. 50

   5.6.1. Когнитивно – развојна теорија на моралот и моралното воспитание .... 51
6. МОРАЛНИ ВРЕДНОСТИ ............................................................................ 58

   6.1 Криза на моралот – криза на современото општество .......................... 63
7. ПОСТАВЕНОСТА НА ЕТИЧКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО УЧИЛИШТАТА ОД ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ ..................................... 66

   7.1 Анализа на наставите програми по предметите Етика и Етика во религиите ........................................................................................ 69

## *ВТОР ДЕЛ*

## МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ


1. ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ ........................................................................ 75
2. ЦЕЛ И КАРАКТЕР НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ................................................ 76
3. ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ................................................................. 77
4. ХИПОТЕЗИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ........................................................... 78
5. ВАРИЈАБЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО .......................................................... 79
6. МЕТОДИ, ТЕХНИКИ И ИНСТРУМЕНТИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ........... 80
7. ПОПУЛАЦИЈА И ПРИМЕРОК ...................................................................... 82
8. СТАТИСТИЧКА ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИТЕ ..................................... 83
9. ОРГАНИЗАЦИЈА И ТЕК НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ...................................... 83


## *ТРЕТ ДЕЛ*

## АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО


1. ОБРАБОТКА И АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО ..85
    1.1. Резултати од анкетниот лист наменет за наставници ......................... 86
    1.2. Обработка на општи податоци на наставници................................. 87
2. РЕЗУЛТАТИ ОД БАТЕРИЈА НА ИНСТРУМЕНТИ ШТО БЕШЕ НАМЕНЕТ ЗА УЧЕНИЦИ ......................................................................................... 103
    2.1.Обработка на општи податоци ................................................................ 104
    2.2.Анализа на резултатите од познавање на моралните особини кај учениците ......................................................................................... 105
    2.3.Анализа на резултатите од вреднување на моралните особини кај учениците ......................................................................................... 109
    2.4.Анализа на резултатите од мислењата и ставовите на учениците за предметите Етика и Етика во религиите ...................................................... 120

***ЧЕТВРТ ДЕЛ***

1. ДИСКУСИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ПО ОДНОС НА ХИПОТЕЗИТЕ .......... 126
2. ЗАКЛУЧОК.............................................................................................. 132
3. ПРИЛОЗИ .............................................................................................. 134
4. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА ............................................................................ 142

# ***Благодарност***

*Сакам да изразам благодарност до сите кои помогнаа при реализација на оваа магистерска тема, за да ја добие потребната содржина и форма во која ќе биде презентирана.*

*Искрена и најголема благодарност за моралната и стручната поддршка, стручните совети, консултации, сугестии и насоки за изработка на овој магистерски труд, упатувам до мојот почитуван ментор проф. д-р Анета Баракоска.*

*Посебно задоволство и благодарност изразувам кон моите родители Пецо и Наде Богданоски и мојот сопруг Климент Боневски за нивната бескрајна моралната подршка при изработување на овој труд.*

*ПРВ ДЕЛ*

# ТЕОРИСКО СОГЛЕДУВАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ

# 1. ВОВЕД

Секој, кој се занимава со проучување на воспитанието и образованието, порано или подоцна, ќе констатира дека воспитанието и образованието претставуваат сложен и комплексен феномен. Причината за ваквата комплексност и сложеност на воспитанието и образованието се согледува во фактот дека тие се манифестираат на најразлични начини. Воспитанието претставува процес кој започнува од самото раѓање на човекот и никогаш не завршува, постојано го формира и гради човекот и трае до крајот на животот. Воспитанието се однесува на се што е човечно, свесно, намерно, систематски и организирано влијае на планот на формирањето на личноста, на се што организира општеството по однос на воспитаникот, на се што самата личност презема, личност која се развива и формира во околности на едно конкретно општество. Додека пак, образованието се определува како педагошки процес кој е во функција на збогатување на човековите сознанија. Образованието опфаќа усвојување на одреден систем на знаења, формирање на практични умеења и навики, а тоа е претпоставка и темел за развој на интелектуалните сили и способности, обликување на научен поглед на свет, за поврзување на знаењата со практичната, професионалната и која било друга дејност. Воспитанието и образованието сочинуваат дијалектичко единство и меѓусебно условен процес и не можат да постојат едно без друго, и без единствено дејствување не можат да се постигнат саканите резултати во воспитно-образовните институции. (Баракоска, 2013:99,100)

Воспитно-образовни институции се нарекуваат оние установи на кои им е доделена воспитно-образована работа како нивна примарна општествена задача. Во воспитните институции дејствуваат педагошко оспособени кадри кои работат плански и организирано за да ги остварат целите и задачите на воспитанието – морално, интелектуално, телесно, естетско, работно и техничко. Моралното воспитание претставува една од најзначајните примарни задачи во воспитните установи. Најстара и најпозната воспитна установа е училиштето.

Училиштето претставува сложен, отворен, динамичен, комплексен целесообразен систем. Основното училиште како фактор на моралното воспитание, дава можност на организирано и планско дејствување во правец на изградување на морално сознание, морално дејствување и морално уверување, преку кои ќе се развиваат позитивни морални квалитети и особини на карактерот на личноста. Во нашите училишта моралното воспитание се реализира како принцип, но исто така и како посебен наставен предмет – Етика и Етика во религиите.

Наставата претставува воспитно-образовен процес. Секоја наставна единица која се обработува во воспитно-образованиот систем има свои воспитни и образовни задачи. На часовите каде што се реализираат цели и задачи за морално воспитание учениците се запознаваат со: општествените односи, моралните норми, морални категории, морални идеи, правила и сл. Преку стекнување на овие морални особини учениците стекнуваат морални искуства, чувствуваат сигурност и способност да ги оценуваат своите, но и туѓите морални постапки.

Задачите на моралното воспитание во воспитно-образовниот процес се остваруваат плански, секое училиште мора да има програма за воспитна работа во која моралното воспитание треба да има значајно место.

Со добро поставено морално воспитание во воспитно-образовниот систем, учениците заземаат правилен став кон животот, подобро ја сфаќаат смислата на животот, се навикнуваат на ред и дисциплина, развиваат позитивни црти на личноста, се развиваат работните навики, навики за културно однесување и сл.

Цел на овој магистерски труд е да се дојде до сознанија за поставеноста на наставните предмети Етика и Етика во религиите, и колку содржините по предметите Етика и Етика во религиите придонесуваат во формирањето на моралните особини и вредности кај учениците од основно воспитание и образование.

Во првиот дел „Теориско согледување на проблемот" дадени се општите карактеристики за етиката, моралот и моралното воспитание – дефинирање, поим, предмет, историски аспекти, цел, задачи, теории, етапи и слично.

Во вториот дел „Методологија на истражувањето" се обработува предметот, целта и карактерот, задачите, хипотезите, варијабли, методи, техники и инструменти, популација, статистичката обработка на податоците и организацијата на истражувањето. Предмет на ова истражување е да се испита концептот на поставеноста на етичкото образование како и функцијата и значењето на наставните предмети Етика и Етика во религиите во формирањето на моралните особини и

вредности кај учениците од основно воспитание и образование. Беа користени техники на анкетирање, скалирање и рангирање. Во истражувањето се опфатени популациони категории на наставници и ученици од три основни училишта од град Скопје. Најзначајни инструменти кои беа користени во овој магистерски труд се: анкетен лист за наставници и батерија на инструменти за ученици.

Додека пак, во третиот дел „Анализа и интерпретација на резултатите од истражувањето” се обработени општите податоци за наставниците и учениците, резултатите од анкетниот лист наменет за наставниците, анализа на резултатите од познавање и вреднување на моралните особини и вредности, и анализа на мислењата и ставовите на учениците за моралните особини и вредности.

На крајот од овој магистерски труд прикажани се заклучните согледување по однос на етичкото образование и прилозите кои беа користени во истражувањето.

# 2. ТЕМЕЛНИ ОПРЕДЕЛБИ НА ЕТИКАТА - ПОИМ И ПРЕДМЕТ

Во етичките истражувања најчесто се говори за определување на поимот „етика”. Пред се треба да се водиме според генералното уверување дека етиката е она што има работа со ethos/ēthos-от, т.е. она што се однесува на ethos/ēthos-от. Овде се поставува и отвора прашањето што овие два термина попрецизно означуваат и какво е нивното место и улога во процесот на изградба на терминот „етика”.

Во времето на Аристотел, според Вилхелм Вунт, овие два термина, „**ethos**” **(обичај** или **навика)**, односно „**ēthos**” **(карактер)** се разликувале по своето значење.

- Првиот поим „ethos” (обичај или навика) се однесува на навиките, навикнатите, надворешните, вообичаени дејства, т.е. обичаите според кои се раководат луѓето во своето однесување;
- Вториот поим „ēthos” (карактер) ги означува внатрешните, волеви, душевни својства и одлики, т.е. личните, морални карактеристики на човекот. (Донев, 2018:21)

Како прв и најзначаен претставник кој го употребил зборот етика бил Аристотел во своето дело ,,Никомахова етика”. Тој зборот етика го поврзува со суштинските својства, одлики на личноста. Аристотел во своето дело етиката ја сваќал како наука за изборот на најдоброто решение. Во старогрчката литература со етика се нарекувало и она што денес се нарекува начин на живот. Исто така етиката се сфаќала и како уметност, вештина со која може да се спречи лошото. (Симоновска, Скаловски, 2012:30)

При анализирање и разгледувањето на овие два термина не треба да се заборави и на сознанието дека во градењето на терминот „етика” (грч. tàēthiká, лат. ethica) и придавката „етички” (грч. ēthikós, лат. moralis) од особено значење е Аристотеловото укажување на блискоста и разликата во значењето на поимите „ēthos” (карактер, лат. mos) и „ethos” (обичај или навика, лат. consuetudo), кои заедно со поимот „трајни способности” (грч.hexis, лат. habitus) служат за објаснување на процесот на човековото очовечување во кој се изградува

индивидуалната слободна активна волја на човекот. Тоа се случува така, затоа што она што таа активна волја прави, резултира во доблестите на човековиот карактер како способност на човекот своите интереси, желби и барања да ги подреди на умното водство на сопствената разумност. Таквиот морален карактер тогаш се изразува во различни полиња на човековото дејствување. (Донев, 2018:21,22)

Етиката претставува филозофска рефлексија на моралноста на човековите дејства, и се нарекува морална филозофија или филозофија на моралот. Почетоците и корените на етиката, во V век пред н.е. се поврзуваат со Сократ. Овој филозоф во своите расправи трагал по она што е исправно – достоинствено. Сократ тргнувал од максимите: *„јас знам дека ништо не знам"* и *„спознај се самиот себе"*. Никому не му зборувал што треба или не треба да прави, едноставно, ги провоцирал слушателите на расправа за постојаните морални начела. (Симоновска, Скаловски, 2012:29,30)

Во Сократовата филозофија се обрнувало внимание и на прашањето за задачите и смислата на самата филозофија. Оттука произлегуваат и првите дисциплинарни поделби на основните предмети на филозофското мислење на **спознание** и **дејствување**. Воздигнувањето на дејственото искуство на човекот до филозофски поим или став, значи и отворање на можноста филозофијата да промислува едно посебно подрачје на човековата егзистенција, т.е. отворање на саморефлексија на филозофијата за сопствените внатрешни дисциплинарни поделби.

Според Перович, суштината на етиката како филозофска дисциплина, нејзиното тематско подрачје, начинот на нејзината методска самосвестеност, нејзиното организирање на сопствените мисловни предмети, како и поставувањето на носечките поимни и категоријални одредувања, се обликува низ специфичната средба на природата и суштината на самата филозофија со определеното дејствено искуство на историската егзистенција на човекот. (Донев, 2018:23)

Етиката е наука за моралот, т.е. за она човечко однесување (мисли и постапки) кое се мери со доброто и злото. Етиката се занимава со животните вредности на луѓето, со тоа како луѓето избираат добри цели и како се застапуваат за тие цели во живеењето.

Значи, ги истражува оние човечки намери и дејства кои можат да се мерат како добри или лоши (зли) – добрите се следат и се извршуваат, а злите се критикуваат и избегнуваат. (Темков, 2004:6)

Како доста значајна определба за етиката ќе издвоиме: дека таа претставува општествена наука за моралот која ги проучува и истражува целта и смислата на моралните тежнеења, основните критериуми за вреднување на моралните постапки, односно воопшто изворот, заснованоста, усовршувањето и развојот на моралот. (Vukasović, 1993:40)

Во Педагошката енциклопедија се вели дека: грчкиот збор ethos значи навика, обичај. Етиката претставува посебна филозофска дисциплина. Предметот на етиката е моралот за тоа уште се вика филозофија на моралот, на практиката, односно на човековото дејствување. (Педагошка енциклопедија, 1989:63)

Според Хајнрих Шмит и Георги Шишков етиката е практична филозофија, која го бара одговорот на прашањето: што треба да правиме?... Етиката не учи да ја оценуваме критички дадената ситуација и така да ја создадеме можноста за правилно постапување. Таа го подготвува човекот за неговиот повик да го усовршува светот, над царството на она што треба да биде. Етиката ги изучува вредностите во животот и учествува во будење на вредносното сознание. (Темков, 2004:7)

Проблемот за поделбата на филозофијата и постулирањето на етиката во нејзината структура и историја, а особено разгледувањето на проблемот на односот меѓу поимите „ethos" и „ēthos" ни се отвора и расчистува полето на етиката како филозофска дисциплина. Со самото осветлување на поимот на етиката се врши и осветлување на нејзиното предметно подрачје, затоа што поимот ја мисли предметноста на предметот. Целта на ова поврзување може да се наоѓа во знаењето заради самото знаење или, во различните облици на корисност коишто научното спознание може да ги има за човекот. Специфичноста на етиката како филозофска наука се состои во тоа што начинот на поврзувањето на етиката со нејзиниот предмет произлегува од внатрешните цели на самиот предмет, во овој контекст доколку етиката ја одредуваме како теорија на моралот, нејзиниот развој и извор, нормите и начелата на човековото дејствување и однесување, нивната улога во општествениот и личен живот на човекот, тогаш моралот, т.е. моралноста е самиот предмет на истражување на етиката. На моралноста ѝ припаѓа изворната запрашаност за сопствената цел, смисла и намера. Таа запрашаност се пренесува и на етиката, која историски секогаш одново се раѓа од силата на таа запрашаност, односно од потребата оваа запрашаност филозофски да се саморефлектира и врати во моралноста, без оглед дали таа саморефлексија сопствената намера ја прокламира

како дескрипција или нормирање. Овој морално-етички круг подразбира дека етиката мора да може да ја мисли моралноста, да ја подготви истата како свој предмет на истражување на тој начин што ќе ја ослободи од она што во неа е случајно, ефемерно, минливо, небитно односно што ќе ја поими во нејзината суштина. (Донев, 2018:27,28)

Според Перович целта на етиката не е во прибирањето на чисти спознанија за сопствениот предмет, туку во повратното дејствување врз тој предмет, значи врз самата моралност. Како осознаено знаење за дејствувањето таа, себеси се сака и како знаење заради дејствување, осознаено дејствување како активно дејствувачко знаење, т.е. мислење на активното, дејствувачко мислење кое има намера да биде мисловно - активно. (Perovic, 2001:67)

Одредувајќи го предметот и методот на етиката како наука Аристотел вели: „Бидејќи оваа прагматеја, која овде се опфаќа, не е поради теоретско истражување како што се другите (не испитуваме што е доблеста само за да ја осознаеме, туку – за да станеме добри; поинаку не би имале никаква полза од неа), нужно е да се испитаат нештата околу праксите: - како треба да се извршуваат, зошто токму тие се главни насоки – какви ќе бидат етичките ставови. (Аристотел, 2003:33)

Како два основни поими кои се доста значајни за Етиката се: доброто и злото. Околу нив се врти се во етиката, тие му даваат смисла на моралот.

- *Доброто* се определува самото од себе, според неговата висока вредност и според животната и лична потреба од него. Секако, тоа може да се определи – како нешто што се посакува или е потребно, или како нешто за чие извршување се дадени морални норми, или како елемент кој создава исправен живот или среќа. Но, со тоа се определува функцијата на доброто. Или, ако кажеме Доброто е она што чини и е добро, во сознајна смисла не сме направиле чекор напред, само правиме круг во докажување. „Самите од себе ние треба да знаеме што е добро и тоа го разликуваме од она што не е добро” – според Џорџ Мур.
- *Злото* се определува како нешто негативно и она што нема етичка вредност. Злото може да се определи како она што се избегнува, или како она што го отфрлаат моралните норми, или како елемент кој создава лош живот и несреќа за луѓето и за оној што го прави. Ако се каже дека Злото е она што е лошо и што не чини, се прави круг во докажување на нешто со тоа истото. И

за злото како основна етичка категорија се вели дека се сознава интуитивно (по себе) како зло, како нешто што морално не чини.

Од поимите Добро и Зло е изведено значењето на другите категории на етиката. Тие претставуваат поинаква формулација на основните етички категории, а имаат иста вредност и значење: посакувано и непосакувано, морално и неморално, исправно и неисправно, вредно и невредно, правилно и неправилно, етичко и неетичко, она што се цени и она што не се цени.

Како главни етички поими кои служат за проценување на предноста на Доброто и Злото се: волја, совест, норма, санкција, оценка, постапување и сл. (Темков, 2004: 41,42)

Етиката ги бара умните начини на ориентирање и принципите на човековото дејствување, согласно прашањата: „Како да се живее, како да се однесуваме и како да дејствуваме?" Овие одговори не бараат шаблони на некое практичко однесување во секојдневието, ниту, пак, тежнеат кон некоја прагматично-социјално-општествена регулација. Истите едноставно се насочени кон човековиот етос, согласно неговите морални темелни принципи, вредности и норми, според правилата на моралот, со што се оправдува втемелувањето на моралот како основа на човековиот живот. (Донев, 2018:31)

Етиката зазема исклучително важно место во човековиот живот. Таа се занимава со животните вредности на луѓето, со тоа како луѓето избираат добри цели и задачи и како се застапуваат за тие цели и задачи во живеењето, односно таа ги истражува оние човечки намери и дејства кои можат да се мерат како добри и лоши (зли).

Целта на етиката е *разумно и умно да ја втемели концепцијата на доброто човечко постапување и доброто живеење, трагајќи по исправна одлука или за исправно дејствување*.

Со поставување на ваквата цел, потребно е претходно реализирање на една суштествена цел и особена задача на етиката, која претходи на сите останати, а тоа е разбирањето на етичката автономија, т.е. изградбата на автономна личност. Како една од основните цели на етиката - луѓето да прават добро, се чини, дека тоа најлесно може да се постигне така што на сите ќе им биде заповедано да прават добро. За вистински да се прави добро личностите треба да бидат слободни, со својот ум и совест да решаваат за своето дејствување. Моралот од нас бара добрината да се види во нашите мисли и душа, во нашите намери, во нашите

зборови и во нашите дела. Затоа е нужно секој човек сам слободно да решава за постапките и да се определува за доброто. (Донев, 2018:31,32)

Етиката се состои од две основни **задачи**:

- **Дескриптивна задача;**
- **Нормативна задача.**

*Дескриптивната задача* (етика) се состои од проучување и објаснување на моралните појави, поими, односи, морални сфаќања кои се појавиле во одреден период на општествениот развој; ги истражува и опишува појавата на моралот, неговата цел, задачи кои се појавиле, моралните норми, неговото унапредување и сл. Дескриптивната етика има за цел да даде одговор на прашањата: Што е морал?, Како настанал моралот?, Од кога постои?, Од што зависи?. (Vukasovic, 1974:45)

*Нормативната задача* (етика) настојува да ги формулира и образложи нормите на правилното, исправното и доброто постапување. На тој начин нормативната етика игра практична, раководствена улога, која ни помага во самото дејствување. Значи ако сакаме да утврдиме критериуми, правила и норми за тоа што е добра, а што лоша постапка, тогаш сме на теренот на нормативната етика. (Симоновска, Скаловски, 2012:37)

Постојат два пристапа кон нормативната етика:

- поширока или општа практична – нормативна етика, при што целта е да се формулираат, образложат и сугерираат сите основни форми на општеството;
- посебни нормативни етики во кои се формулираат и образложуваат нормите што треба да ги регулираат односите со специфичните општествени групи. (Борота - Поповска, 2004:14)

Од се претходно наведено можеме да заклучиме дека етиката претставува една од најважните помошни науки за педагогијата. По својот карактер таа е филозофска дисциплина, филозофска наука, гранка и морална филозофија. Преку неа правилно ги осознаваме моралните појави, категории и вредности.

Во повеќе учебници по педагогија се нагласува дека филозофијата е тесно поврзана со педагогијата. Тоа може да се види од конкретните форми на примената на филозофските сознанија на подрачјето на педагогијата. Педагогијата како наука е

вовлечена во дискусии за тоа што е добро, а што лошо, што е вредно, а што невредно. Овие дискусии по својата суштина се филозофски.

Така во врската на педагогијата со филозофските дисциплини истактато место има и етиката – науката за моралот. Разработувањето на прашањата за моралот и моралното воспитание во голема мера зависи и од сознанијата на етиката. Тоа не значи дека функцијата на педагогијата се исцрпува со прифаќањето на етичките вредности и принципи, т.е. не значи дека педагогијата се сведува на применета етика. Педагогијата се однесува критички кон етиката и не ги прифаќа безрезервно нејзините ставови. (Баракоска, 2013:68-71)

Преку целите и задачите на етичкото образование се создаваат автономни личности со капацитет за самостојно донесување на етички и морални решенија. Ученикот треба да израсне во личност која е способна да прифаќа и разликува вредности, знае што е добро и лошо.

# 3. ОПШТА ОПРЕДЕЛБА НА ПОИМОТ МОРАЛ

## 3.1. Дефинирање на морал

Зборот морал настанал од латинските зборови: **mos, moris** – што значи обичај, правило, закон; **mores** – совладување начин на однесување на луѓето и сфаќање на тоа однесување, односно, **moralis** – морален. (Vukasovic, 1974:21)

Како воведна и општа одредба на моралот може да се даде и во форма на т.н. карактеристична дефиниција, т.е. терминолошка и формална, според која **моралот е облик на човековата практика, облик на дејствено, практично однесување на човекот спрема светот, спрема другите луѓе, како и спрема себеси**. Истиот се манифестира во вредносното проценување на човековите постапки и барања како позитивно или негативно вредни, при што првите се одобруваат, посакуваат, препорачуваат, заповедаат, а другите не се одобруваат, се осудуваат, забрануваат.

Специфичноста на моралот во однос на другите облици на практика и вредносно проценување се бара во поглед на моралната практика и објектот на моралната оценка, односно моралниот суд. Гледано од овој аспект, *првиот значаен момент* на посебноста или специфичноста на моралната практика е во тоа што нејзиниот објект е самиот човек. *Вториот значаен момент* во однос на специфичноста на моралот е во однос на моралниот суд, односно предикатите или атрибутите според кои истиот се изразува - доброто и злото. Сето ова говори дека моралот е активно човеково обликување и оценување на себеси и другите луѓе како добри и лоши. (Донев,2018:37)

Моралот претставува сложена општествена појава која најчесно се објаснува преку три различни теоретски пристапи:

- првата група теории, моралот го толкува од нормативен аспект и на него гледа како услов и потреба за опстанок во општеството. Без моралот општеството не би можело да функционира. Моралните норми се третират како категории кои треба да се почитуваат и разликуваат;
- втората група теории, критички се однесува кон моралот. Тие го гледаат моралот како општествена ограниченост за слободно манифестирање на

индивидуата. Според оваа група на теории моралот служи за одржување статус-кво, на власт за одредени општествени слоеви;

- додека пак третата група ја сочинуваат теории чии претставници моралот го третираат од научен аспект. Тие го објаснуваат моралот како универзална општествена појава. Ги откриваат законитостите на моралот како процес и појава која се припаѓа во одредено општество. (Фрицханд, 2007:8)

Постојат голем број на различни дефиниции за поимот морал, бидејќи секој автор има различни аспекти за дефинирање на моралот.

Во Етичкиот речник поимот морал се определува како човечко однесување, форма на човечко дејствување и социјално творештво, кои се раководат според специфичните вредносни норми на почитување и извршување на доброто, и на отфрлање и избегнување на злото, кои се залагаат за исправно поведение и значат изградба и наложување на етички односи меѓу луѓето. (Темков, 2004:75,76)

Според Филозофскиот речник моралот е една од формите на општествено – историското човечко постоење (покрај религија, право, политика, држава итн.) како таков со текот на времето се менува и во својот обем и содржина, па е различен во различните периоди и кај различните племиња, народи, класи, групи итн. Моралот содржи во себе одредени обичаи, прописи, правила, насоки, норми, категории, идеали како напишани регулативи, кои им се наметнуваат на единките или на целите групи како обврзни за дејствување и за оценување, односно како определена форма на живеење во таа заедница. (Темков, 2004:12)

Во Педагошкиот лексикон моралот се дефинира како збир на непишани правила и обичаи кои го одредуваат меѓусебниот однос меѓу луѓето, облик на однесување на поединците во одреден период од животот во една заедница. Филозофијата на моралот се нарекува етика. (Педагошки лексикон, 1996:298)

Анте Вукасович моралот го дефинира како облик на човекова практика во која доаѓа до израз конкретниот, практичниот и вистинскиот однос на човекот кон самиот себе и надворешниот свет, кон работата, семејството, татковината, другите луѓе и сл. Моралот е темелен облик на регулирање, усогласување и решавање на општествените конфликтни ситуации во меѓучовечките односи, тој е важна општествена категорија. (Vukasovic, 1993:19)

Моралот, исто така се однесува на внатрешните, суштински вредности на поединецот кои ги усвојува со учество на свеста и преку кои во вид на морални

норми се однесува кон самиот себеси, другите луѓе и кон целиот свет. (Група автори, 1998:211)

Борис Бошковски вели дека – во современиот јазик со зборот етика се именува наука што ги систематизира знаењата за правилата и нормите, преку кои треба да се раководи човекот со своето поведение. Поведението на човекот – што е во склад или не е во склад со етичките норми се именува со зборовите „морал” односно - „неморал”. Оттука произлегуваат поимите: морален или неморален. Преку ова се изведува дефиницијата дека - етиката е наука за моралот. (Бошковски, 1981:3)

Г. Гурвич моралот односно моралните појави ги дефинира како индивидуални и колективни ставови сфатени како видови на општествената стварност, зададени за борба против сите препреки кои стојат и се спротивставуваат на човековиот напор како манифестација во која е признато дека е достојна на незаинтересираното одобрување.(Петрова-Ѓорѓева, 2010:23) Преку ова може да заклучиме дека Грувич моралот го сваќа како систем на однесување.

Според Леви Брил моралот е дефиниран како: збир на судови, сфаќања, обичаи кои се однесуваат на должностите и правата на луѓето, општо признати во една цивилизација. (Петрова-Ѓорѓева, 2010:23)

Повеќе научници моралот содржински го дефинираат како систем од норми кои определуваат што е добро, а што лошо и така се регулира човековото однесување, односно човечките односи. (Темков, 2004:12)

Од се ова што претходно е изложено може да се извлече една општа дефиниција: ,,Моралот е облик на очовечување и однесување кон самиот себе, спрема другите луѓе и спрема целиот свет кој што не опкружува. Моралот не упатува на она што е добро, а што лошо, и се манифестира во вредносно проценување на постапките, желбите и намерите без разлика дали се сопствени или на другите, како добри и исправни или лоши и негативни”.

## 3.2 Основни форми на манифестација на моралот

Според Донев, моралот претставува важен составен дел од животот на секој човек. Од претходно изложеното може да се извлече сознанието дека истиот се раѓа во човековото општество за да ги регулира односите меѓу луѓето, при што се развива напоредно со развојот на човековата заедница. Истиот е во функција на животот, што значи дека без него не би било возможно извршување на општествените функции, кои се повеќе од потребни за животот на човекот и човековото општество. Како облик на човечка општествена свест, моралот настанува тогаш кога поединецот мора своите индивидуални тежнеења да ги хармонизира со барањата на заедничкиот живот. Тоа значи моралот го означува процесот на обликување на општествената особеност, процесот на формирање на поединецот во општествена личност. Неговата задача и значење се состојат во обидите да адаптира одредени членови на самата заедница, да ги направи составни делови на одредена целина. Со самото тоа, моралот го ограничува поединецот во неговите постапки, но воедно како еднакво правен член го вклучува во општествениот живот. На тој начин, освен должностите, му обезбедува и одредени права и човечка слобода. Значи, *„моралот е повеќе од потребен, составен дел на културата, кој на човекот му ги открива животните вредности и со тоа ја структурира неговата личност и го прави целосен човек”*. (Донев, 2018:42,43)

Како најзначајни основни форми на манифестација на моралот се:

- **морален суд (оценка);**
- **морални норми;**
- **морална свест и совест;**
- **вредности.**

*Морален суд* – се смета за една од најглобалната манифестација на моралот со која ја сретнуваме во секојдневниот живот. Секојдневно искажуваме судови, па велиме дека нешто е добро или лошо. Тоа што го оценуваме како добро или лошо е некоја постапка, однесување, карактер, одреден табиет на некој човек или на нас самите. Во

моралот човекот од една страна претставува субјект на моралните дејства, а од друга страна тој е и објект на морална оценка.

Објект на етичката оценка не се само индивидуите и односите меѓу нив, туку и: сталешките, класните, меѓуконфесионалните, расните, мултикултурните односи во светското глобално општество, односите меѓу помладите и постарите генерации, помеѓу половите, професионалните односи на работното место, различни форми на искористување и доминација. Овде станува збор за морална оценка на општествените односи меѓу поединци и групи во една заедница, што значи односи човек – човек, луѓе – луѓе. (Симоновска, Скаловски, 2012:17,18)

*Морални норми* – се појавуваат уште кај Хелените. Но, своето вистинско значање го добиваат дури во втората половина на XIX век, а пак во XX век го постигнуваат самостојното поимно и терминолошко значење. Вилхелм Вунд е првиот автор кој поимот морална норма го става во средиштето на етичката рефлексија. Тој етиката ја сфаќал како наука за нормите, а самите норми ги одредил како – чисти правила за волјата која на битието му го спротивставува требањето. Преку ова Вунд на нив гледал како практични аксиоми кои во својот чист облик се појавуваат само во моралноста. (Донев, 2018:88,89)

Нормата во современата етичка литература претставува етичка поука, порака и етичка заповед. Моралната норма дава совет за тоа што е добро, што треба да се посакува за себеси и за другите, како треба да се насочи постапувањето.

Нормите претставуваат барања, во врска со тоа што да се направи, таа е вредност во форма пред извршување – со неа се објаснува што треба да се направи и што не треба да се прави. Исто така нормата кажува и како бараните нешта треба да се прават или да се избегнуваат.

Основен израз за нормата е „треба”. Изразот „треба” претставува: наложување, заповедување, пропишување, барање и затоа најчесто се изразува со извичник (на пример: Треба да им се помага на луѓето!). Изразите со ,,треба” се викаат **деонтички** - побарувачки. Моралната норма ги поврзува основните сознанија за доброто со делото со кое ќе се реализира доброто. Треба да се стави во погон волјата во луѓето, која ќе ги раздвижи нивните сили за правилно дејствување. Тоа го обезбедува заповедта „треба!”

Постојат најразлични видови на морални норми. Тие се разликуваат според остринита на барањето. Најостра морална норма е табу – апсолутна забрана да се

прави нешто. Најблагите морални барање најчесто се однесуваат на обичните меѓучовечки односи и на малите обврски на личноста. Исто така нормите се разликуваат и според областите и според насоченоста на дејствата.

Како најзначајни видови морални норми ќе ги издвоиме следниве: „Тргај се од злото и прави добро!", „ Прави го она што сакаш другите да ти го прават!", ,,Не кради", ,,Не убивај" и многу други. (Темков, 2004:62 - 65)

*Морална свест и совест* – се особини на личноста кои се составени од познавањето на моралните правила, барања, норми, способност за проценување што е морално, а што не е, што е во склад со моралните норми, а што не е. Моралната свест и совест се развива преку моралното образование. (Педагошка енциклопедија, 1989:299)

Свеста е знаење за тоа што е добро, а што зло, разликување на позитивните и негативните вредности. Совеста е субјективниот критериум или внатрешниот судија на моралните постапки. Совеста е нашата лична свест, одговорност која не тера да постапуваме согласно нашите принципи.

Совеста претставува внатрешен глас или како што го нарекува Сократ – даимонион. Филозофот Сократ се прославил со тоа што го следел гласот на совеста „боженствениот и демонски глас" кој се јавува во него и кој го тера така да постапува, без оглед на што тоа го одвело во смрт.

Совеста претставува чин со кој човекот пресудува како треба да се однесува за да остане доследен на своите убедувањеза она што смета дека е добро и исправно. Доколку одреден човек постапи поинаку од она што налага совеста, тогаш се соочува со чувство на вика или ,,грижа на совест" – која може да биде потешка казна од која било друга физичка казна или затвор.

За да можеме мирно да спиеме совеста треба да ни е чиста – да сме убедени во исправноста на своите постапки и намери. (Симоновска, Скаловски, 2012:21,22)

*Вредности* – претставуваат идеали, замисли кои ги изразуваат општите аспирации на луѓето. Тие посочуваат на она што е значајно, пожелно и вредно. Вредностите се градат спонтано, во текот на заедничкиот живот на луѓето и тие произлегуваат од интересите, желбите и аспирациите на луѓето. Така оформените вредности се одржуваат низ долг временски период и стануваат цели во животот на човекот. (Симоновска, Скаловски, 2012:22,23)

Вредностите се израз на нашата свест за животот, за односите меѓу луѓето и за нашето постапување. Тие се најзначајни елементи во нашата етика. Вредностите ги изразуваат нашите сознанија за она што е исправно и важно, покажуваат што одбираме во животот и што ги води нашите желби и намери. Главна карактеристика на вредноста е нејзиното значење за човекот. Вредноста бара да биде почитувана, таа инсистира човекот да внимава на неа и да ја следи. Оној што ја следи вредноста се пофалува себеси, и ги истакнува како добри и оние што неа ја прифаќаат и ја спроведуваат (како што си префрла себеси ако прави нешто спротивно и ги критикува оние што постапуваат поинаку). Значи секоја вредност има своја спротивност – невредност. Колку што вредноста е позитивна и треба да се почитува, толку негативната вредност се критикува и се избегнува. Не може истовремено да се следи и вредноста и невредноста, како што е невозможно и со доброто и злото.

Науката која ги проучува вредностите се нарекува **аксеологија.** Таа претставува филозофија на вредностите, наука за суштината на вредностите, за законитостите на нивното градење и дејствување, за нивното значење за човекот. Оваа наука уште може да се нарече и морална аксиологија. (Темков, 2004:25)

Вредностите се разликуваат по своето значење и тоа: вредности кои се сметаат за најзначајни и вредности кои се помалку значајни. Преку ова се создава вредносна скала во која вредностите се подредуваат едни на други каде се воспоставува – хиерархија на вредностите.

Највисоката вредност претставува највисоко добро за поединците или заедницата. Највисоки вредности за луѓето се: идеалот, здравје, љубов, мир. За етичарите највисока вредност е должноста – како основа на моралот и која поттикнува на етичко дејствување. Додека за филозофите најважна морална вредност е вистината. (Симоновска, Скаловски, 2012:23 – 25)

Како за крај може да резимираме: од вредностите како идеали произлегуваат правилата и нормите за човековото однесување. Преку нормите како правила на однесување за тоа што е зло, а што добро ги насочуваат однесувањето и постапките на луѓето. Моралната свест и совест е она што ги тера луѓето да ги применуваат и почитуваат моралните норми како нивна лична должност и одговорност да постапуваат добро и исправно. Значи како основни морални поими кои треба да ги поседува секој човек се: морален суд, карактер, свест и совест, должност, одговорност, норма и вредност.

# 4. ЗНАЧЕЊЕТО НА ВОСПИТАНИЕТО ЗА МОРАЛНИОТ РАЗВОЈ НА ЛИЧНОСТА

Воспитанието претставува мошне сложена општествена и индивидуална дејност. Во коренот на воспитанието лежи силната нагонска потреба и грижа на постарите за раст и развој на младите генерации. Преку воспитанието не се пренесуваат само сознанијата до кои дошле нашите предци, кои ги стекнувале преку нивната практика, туку и одредени вредности кои човекот го прават човек во вистинска смисла на зборот, вредности преку кои тој засекогаш ќе живее. Воспитанието претставува еден од најзначајните фактори во развојот на личноста и му овозможува на секој човек да ги развие и реализира своите потенцијали и способности каде што преку нив ќе стане единствена и неповторлива единка. (Заревски, 2005:5)

Воспитанието е старо колку и човековото општество, се појавило со појавата на човековото општество, се развивало заедно со него и ќе постои додека постои и општеството. Тоа е процес кој започнува со раѓањето на човекот и трае се до крајот на неговиот живот. Преку воспитанието се пренесуваат искуствата од генерација на генерација. Воспитанието на личноста не завршува во оној момент кога завршува младоста, туку трае во текот на целиот живот. („Човекот учи, додека е жив”) Воспитанието различно влијае врз возрасните, а различно врз децата и младите. (Петрова-Ѓорѓева, 2010:35)

Тоа претставува процес на формирање на човекот, изградување и обликување на човековото суштество со сите негови телесни, интелектуални, морални, естетски и работни особини. Тоа има свое општо, универзално, историско и индивидуално значење. Подеднакво е значајно како за општествениот, така и за индивидуалниот живот на секој поединец, поради тоа што овозмужува цивилизациско оформување на секој човек како што во текот на историјата еволуцијата му овозможува на општеството.

Воспитанието е сложен процес во кој делуваат разни фактори, се применуваат разни методи и постапки во склад со спознајните законитости, задачи и цели. Земајќи ги предвид сите тие елементи, воспитанието можеме да го определиме како

целисходен процес во кој доаѓа до израз единството на воспитните цели и задачи, начелата и методите што во плански остварената воспитна дејност преку активно и складно дејствување на бројните воспитни фактори се насочени кон потполно изградување на човековата личност.

Во педагошката наука, во различни временски периоди се поставувале различни цели насочени кон воспитанието. Во античкиот период, воспитниот идеал бил хармонски развој на телото и душата, Коменски поставил барање за обликување на човековото суштество во неговата целовитост, потребата за складен развој на срцето, умот и рацете на Песталоци, идејата на Жан Жак Русо за општочовечко воспитување, а пак Новиот век се залага за воспитување на изграден, одговорен, хуман, потполн и самостоен човек. Како крајна и доста значајна цел на воспитанието е изградување на здрави, цврсти и способни луѓе носители на целокупниот општествен, културен, економски и морален развиток. (Баракоска, 2007: 121-181)

Со помош на воспитанието луѓето можеле да се одржат во живот, успешно да се борат против природните сили и постојано да го унапредуваат своето знаење и искуство.

Во почетокот воспитанието имало строго практичен, работно-производен карактер содржан со општествениот живот на родот и племето. Во овие најрани фази од развојот на човековото општество воспитанието имало задача и било насочено кон пренесување на работното и животното искуство (знаења, навики, вештини и обичаи), кое било стекнато од работата на претходните генерации. Во почетокот тоа било пригодно, недоволно планирано и систематизирано. Меѓутоа колку што се развивало општеството се развивало и воспитанието, тоа станувало се посложено. (Баракоска, 2007:107)

Воспитанието го сочинуваат: методите, содржините, целта, принципите. Преку нив се остварува воспитниот процес. Воспитанието ги обезбедува младите и возрасните со умеења, навики, способности, знаења. Исто така преку воспитанието се развиваат позитивни црти на личноста, се создава правилен поглед кон светот, се формираат одредени позитивни ставови кај луѓето, се развиваат интелектуални и физички способности. Преку воспитниот систем се обликува и изградува човековата личност, карактерот, волевиот и емотивниот живот. Значи преку воспитниот систем можеме да влијаеме врз формирањето на моралните особини и вредности кај учениците. (Петрова-Ѓорѓева, 2010:43)

Земајќи ги предвид сите претходни елементи, воспитанието можеме да го определиме како целисходен процес во кој доаѓа до израз единството на целите и задачите, начелата и методите што во плански остварената воспитна дејност преку активно и складно дејствување на бројните воспитни фактори се насочени кон потполно изградување на човековата личност. (Баракоска, 2007:121)

Воспитанието може да се реализира секаде и во секакви услови, па со оглед на тоа може да биде:

- семејно воспитание;
- предучилишно воспитание;
- училишно воспитание;
- вонучилишно воспитание;
- интернатско воспитание;
- специјално воспитание. (Баракоска, 2007:154)

Секое поединечно воспитание игра огромна улога во формирањето на моралните особини и вредности кај учениците.

За да се остварат целите на воспитанието, мора да се направи нивна конкретизација на воспитните задачи. Во педагошката наука се познати конкретизацијата за структурата на психичкиот живот, конкретизација која е заснована на педагошката традиција, конкретизација за можностите на човековите дејствувања, но како најглавна и најзначајна е конкретизацијата заснована на битните човечки определби. Најбитни определби на човекот се: човекот како морално суштество, биолошко суштество, мисловно, работно суштество, практично, суштество со развиена смисла за убавина, хармоничност и складност. Преку овие човечки определби се врши поделба на воспитанието на 5 воспитни подрачја и тоа: физичко, интелектуално, морално, естетско и работно воспитание. За секое воспитно подрачје се поставуваат соодветни воспитни задачи. (Костова, 2002)

Во педагошката наука воспитанието претставува најопшта категорија, најопшт поим. Воспитанието се определува на се што е човечно, свесно, намерно, систематски и организирано влијае на планот на формирање на личноста, на се она што организира општеството по однос на воспитаникот, на се што самата личност презема, личност која се развива и формира во околности на едно конкретно општество.(Баракоска, 2013:99)

Образованието се определува како педагошки процес кој е во функција на збогатување на човековите сознанија. Образованието опфаќа усвојување на одреден систем на знаења, формирање на практични умеења и навики, а тоа е претпоставка и темел за развој на интелектуалните сили и способности обликување на научен поглед на свет, за поврзување на знаењата со практичната, професионалната и која било друга дејност. (Баракоска, 2013:99,100)

Процесот на образование е образовна филозофија која е фокусирана на утврдување на вештините за учење кај секој оној кој учи (во когнитивно, сознајно и психомоторичко подрачје). Процесот на образование главно се однесува на процесот на стекнување на знаења, процесот на сознавање како и на сите пропратни аспекти кои него го чинат: како се одвива процесот на стекнување на знаења, кои се најефикасните методи за тоа, принципи, средства, предуслови кои треба да се превземат и исполнат за да се направи тој процес најефикасен и најефективно можен, како да се изврши проценка на ефектите од истите и слично. Овој термин воглавно се однесува на рационалниот апект од развојот на личноста т.е. на оној аспект што го определуваме како компонента на личноста која е поврзана со развојот на интелектот, когницијата како и во развојот на останатите компоненти на личноста каде редовно е вклучена компонента на разумот. При самиот процес на сознавање и стекнување на знаења се одвива формирање и обликување на човековата волева и афективна страна. Самото стекнување на знаења не е стерилен процес во кој се врши некаков механички допир меѓу оној кој осознава, стекнува знаења и самите знаења, туку работите се далеку посложени отколку што навидум изгледаат. Целиот тој процес е проследен со создавање или развивање на стереотипи, предрасуди, ставови, начини на однесување, изградување на црти на личноста, емоционално обликување и слично. (Атанасова, Петрова-Ѓоргева, 2003:55,56)

Образованието најчесто се стекнува во: градинките, основните училишта, средните училиште, факултетите и сл.  Најголем придонес за образованието кое што го стекнуваат учениците го имаат наставниците или професорите во воспитно – образовниот процес.  Образование може да се стекне и во самиот дом додека децата се мали, а за тоа придонес имаат родителите, бабите, дедовците и сл. Исто така, образование може да се стекне и преку читање на одредени книги, гледање на одредени филмови и емисии на телевизија, интернет.

Образованието секогаш е поврзано со тенденцијата за подобрување и напредок на животот на човекот. Според многу автори целта на образованието е да се развие секој поединец до степен не неговиот целосен потенцијал и да му даде шанса да постигне во животот се што му дозволуваат можностите.

Во нашата педагошка литература и понатаму постои терминолошки дуализам во однос на основните поими при што: ,,Воспитанието е комплексна појава, систем и процес кој се однесува на формирање на човекот т.е. негово унапредување и обликување со сите негови суштински човекови одлики”, „Процесот на образование е образовна филозофија која е фокусирана на утврдување на вештините за учење кај секој оној кој учи (во когнитивно, сознајно и психомоторичко подрачје). Со оглед на користењето на овие два термина односот помеѓу нив е субординиран на: поширок поим претставен во поимот „воспитание” и подреден поим претставен во поимот „образование”, при што во обемот и содржината на надредениот поим влегува обемот и содржината на подредениот поим. (Атанасова, Петрова–Ѓоргева, 2003:55,56)

Воспитанието и образованието сочинуваат дијалектичко единство и меѓусебно условен процес и не можат да постојат едно без друго, и без единствено дејствување не можат да се постигнат саканите резултати. Во секојдневниот живот често среќаваме луѓе кои имаат образование но не се воспитани, и обратно некои немаат образование, а се воспитани. И покрај тоа што поседуваат образование за овие личности велиме дека не се формирани во целина и на тој начин нивната стручност не може да се реализира како општочовечка вредност. (Баракоска, 2013:100)

Воспитанието и образованието подеднакво влијаат врз формирањето на одредени ставови кај една личност и врз развојот на личноста. Така, на пример: воспитанието повеќе се однесува на развојот на моралот на личноста развојот на трудот и естетиката на една личност, мотивацијата и сл., додека пак образованието влијае врз стекнување на систем на знаења, формирање на поглед кон светот и др. Наставниот процес претставува единствена допирна точка која ги поврзува овие два процеси. (Петрова-Ѓоргева, 2007:62)

Во овој труд ќе се задржиме само на моралното воспитание како најзначајно воспитно подрачје кое е насочено кон изградување на здрава морална личност.

Влијанието на воспитанието и образованието врз формирањето на моралните особини и вредности кај учениците се врши преку секојдневниот наставен процес.

Преку наставата се реализираат задачи и од воспитен карактер и задачи од образовен карактер. Образование не може да биде реализирано без воспитание, но исто така и воспитанието не може да биде реализирано без образование. Овие два процеса се нераскинливо поврзани и влијаат врз човекот во текот на целиот живот.

## 4.1 Етика, морал и морално воспитание

Предмет на интерес во овој магистерски труд е етичкото образование, поточно етиката и моралните особини и вредности кај учениците. Во овој дел ќе обрнеме внимание на поврзаноста на етиката како наставен предмет и како наука за моралот и моралното воспитание. Овде треба да се утврди каков е меѓусебниот однос на моралното воспитание, моралот и етиката.

Во секојдневниот говор често се служиме со зборови со кои го изразуваме она што мислиме кога говориме за етиката или моралот: добро-лошо, праведно-неправедно; како и со зборовите: треба, не треба, должност, грев, мора, пороци, вина, совест, каење итн. Ние не само што ги употребуваме зборовите кои се однесуваат на етика, моралот, туку и без проблем го разбираме нивното значење, имаме свои сфаќања за тоа што е морално, етичко, а притоа да немаме стручни знаења од областа на етиката, или пак да не може да дадеме прецизен одговор на прашањето што е морал, што е добро. Сепак, ние постојано искажуваме судови за одредени постапки и однесувања на луѓето, односно ги вреднуваме (оценуваме) како добри или лоши, позитивни или негативни, и истите ги одобруваме или осудуваме. За добрите постапки и однесувања велиме дека тие се морални или етички, доколку пак тие се спротивни на нашето сфаќање за тоа што е добро, исправно, тогаш велиме дека се неморални или неетички. Може да се забележи дека во секојдневниот говор не постои разлика во однос на значењето во кое се употребуваат зборовите етика и морал. Тие најчесто се употребуваат како синоними со исто значење (морално или етичко) и притоа се мисли на добрите особини, намери или постапки на човекот. И етимолошкиот корен на зборовите етика и морал упатува на поими коишто се

синоними. Но, и покрај тоа што етиката и моралот се употребуваат како зборови синоними, етиката има значење и за наука за моралот. Во таа смисла етиката и моралот се раликуваат како теорија и практика. Практиката, или искуството, претходи на теоријата, така како што етиката како теориска дисциплина (наука) се јавува многу подоцна од појавата на самиот морал, како еден од облиците на секојдневното искуство на човекот. (Симоновска, Скаловски, 2012:13,14)

Моралното воспитание е дел од целокупното воспитание кое е предмет на проучување на педагогијата. Моралното воспитание заедно со другите воспитни подрачја: естетско воспитание, работно воспитание, физичко воспитание и интелектуално воспитание придонесуваат во изградбата на една здрава личност.

Моралното воспитание претставува процес на морално изградување на личноста, преку ова воспитание ученикот се формира во општествена личност која е оспособена за живот во една заедница. Преку ова воспитание се формира морална личност која ги усвојува и прифаќа нормите и правилата на однесувањето, изградува морални особини, квалитети и вредности во општеството. Човекот големо внимание обрнува и на теоријата на моралното воспитание која се заснова на морално-етичките ставови и сфаќања во една општествена средина. Преку изградувањето и формирањето на морално-етичките ставови, за правилата и нормите на однесувањето во едно општество и вредностите кои влијаат врз него најзначајна улога има етиката. Таа претставува наука која го проучува моралот кој се спроведува во секојдневниот живот и во меѓусебните односи на луѓето во општеството, а тука се вградени и основните етички вредности. Преку се ова произлегува поврзаноста на моралното воспитание со моралот и етиката. Каде етиката претставува теорија за моралот, а додека пак моралното воспитание негово спроведување во практиката. (Vukasovic, 1993:17)

Одредени автори истекнуваат дека: моралот ги регулира односите меѓу луѓето, етиката ги унапредува и проучува, а додека пак моралното воспитание ги остварува и поддржува. Преку ова може да заклучиме и објасниме дека моралното воспитание е процес на морално формирање, морално обликување на личноста, процес на формирање на поединецот и општествената личност. Преку моралното воспитание се доаѓа до процес на формирање на моралните квалитети на личноста, моралната свест, ставови, погледи, позитивни својства на карактерот и волјата, развивавање на позитивни морални чувства, формирање на одредени навики и

вештини на морално делување и однесување во одредено општество. (Шимплеша, 1971:104)

Теоријата на моралното воспитание е тесно поврзана моралот и неговата теорија – етика, овде исто така постои и многу блиски однос и врска помеѓу моралниот систем и ситемот на моралното воспитание, т.е. меѓу теоријата на моралното воспитание и етиката. Теоријата на моралното воспитание ги има прифатено следниве етички вредности и концепции: разработка и утврдување на задачите и целите на моралното воспитание, разработка и определување на главните содржини и компоненти. Преку оваа поврзаност теоријата на моралното воспитание и моралното воспитание се разликуваат од моралот и етиката. Теоријата на моралното воспитание претставува составен дел од науката на воспитанието – педагогијата, додека пак моралното воспитание претставува составен дел од воспитанието. Етиката претставува најважна помошна наука на педагогијата. (Vukasovic, 1993:17)

За поврзаноста на етиката и моралот со моралното воспитание имаат пишувано и авторите Кирил Темков и Драгор Заревски.

Авторот Кирил Темков обрнува големо внимание на поврзаноста на етиката и моралното воспитание. Тој вели: „Етиката е посебно свртена кон педагогијата како начин нејзините важни цели да станат составен дел на свеста на младите и нив да ги подготват за добро и успешно дејствување во времињата кога тие ќе бидат одговорни за светот, за неговиот прогрес и заштита". (Темков, 2001:45-51)

Додека пак, Драгор Заревски вели: „Педагогијата е практична етика и филозофија, сите тие: педагогија, етика и филозофија ја изразуваат визијата на човекувањето и за тоа кои цели и идеали човештвото во одредена епоха ги смета за најзначајни за човекот и тие се неопходни за негово успешно живеење. Целта на педагогијата е значењето и доблесното живеење да станат составни компоненти на секоја личност, филозифијата настојува да се дојде до сознание за смислата за егзистенцијата, а пак етиката се труди вредностите да станат човекова реалност". (Заревски, 2005:2)

Преку се ова наведено погоре може да заклучиме дека постои нераскинлива поврзаност и меѓусебна условеност на етиката која го проучува моралот и моралното воспитание.

# 5. МОРАЛНО ВОСПИТАНИЕ

## 5.1 Моралното воспитание и образование - историски аспекти

Проблемите на современото морално воспитание од теориски, концепциски и практично реализационен карактер, не е можно да се разгледуваат и да се разберат без познавање на нивната историско - развојна димензија. Теоријата на моралното воспитание е неделиво сврзана со неговата историја. А, пак историјата на моралното воспитание ни е се попотребна за да ги решаваме со позрели мисли моралните задачи на нашето време. (Петрова-Ѓорѓева, 2005:9)

Овде накратко ќе ги споменеме некои од концепциите за значењето на моралот и моралното воспитание од страна на истакнати филозофи и педагози.

**Софистите** и **Сократ** се изворот и почетоците на европската филозофска етика. И покрај тоа што во почетокот Сократ е поврзан со софистите (Хипија, Горгија, Протагора, Каликле и други), тој ќе изрази несогласување со нивниот етички релативизам, нихилизам и личен волунтаризам, и ќе изгради сопствено учење со кое ќе ги постави научните основи на етиката.

Сократ настојува да покаже дека постојат објективни општи критериуми на исправност, како во моралот, така и во управувањето со општеството и државата. За да го докаже ова свое тврдење, Сократ се служи со добро познат метод во расправите за моралот и практичната активност на човекот воопшто. Тој негов метод се состои од три взаемно поврзани моменти:

- *Иронија* – преку овој метод, Сократ на соговорникот му поставува такви прашања со кои му покажува дека неговите знаења се нејасни, непрецизни и погрешни, едновремено во почетокот вешто избегнувајќи да даде сопствени одговори;
- *Маевтика* – („вештина на бабица – акушерка") Сократ на соговорникот му помага своите сознанија да ги прочисти и заедно да дојдат до јасен поим за старта за која расправаат;

- *Индукција* – преку оваа постапка, Сократ со јасни сознанија соговорникот го доведува преку соодветни поединечни и посебни примери од кои може да се извлече општ поим.

Постапувајќи вака, доста едноставно, секој човек може да дојде до поимите за добро и зло, исправно и неисправно, и тоа врз основа на увидот во сопствената морална свест и објективно значење на моралните поими за меѓучовечките односи и општествените односи. Значи, секој треба да се спознае себеси и да дојде до јасна свест за оние принципи кои веќе се наоѓаат во неговата душа. Значи, овој метод почива врз претпоставката за моралната автономија на човекот, и со тоа Сократ е втемелувач на автономната етика. Моралната автономија на човекот кај Сократ е здружена со уверување дека за моралниот живот на човекот е од пресудна важност самото негово сознание, размислување и знаење за последиците на сопственото дејствување. Зошто, според Сократ, ниту еден човек не го избира злото, не греши намерно, туку затоа што не вложува труд да постигне вистинско знаење за она што е навистина добро или зло. Значи, добродетелта е знаење, добродетелта може да се научи. (Симоновска, Скаловски, 2012:56,57)

За Сократ основна добродетел е „знаењето". Човековиот ум за него е извор на моралноста. Кој знае, тој е мудар и морален. Знаењето го издига човекот високо, а незнаењето го води кон пороци. Покрај знаењето за Сократ важна добродетел е почитување на законите и тоа и државните и приватните. Моралното воспитание за Сократ треба да се негува главно низ обогатување на умот со знаење и верност кон државата и нејзините закони. (Петрова-Ѓорѓева, 2005:13)

Како еден од најзначајните педагози на модерната педагогија кој има пишувано и говорено за моралот и моралното воспитание е чешкиот педагог **Јан Амос Коменски.**

Коменски во областа на моралното воспитание бил застапник за модерните идеи и норми на работните луѓе. Поаѓал од постоечките морални идеи и норми кои имале религиски карактер, но не се задржал на нив. Отишол многу подалеку и моралното воспитание го обогатил со нови идеи и содржини. Според него моралното воспитание најтесно е поврзано со интелектуалното. Во периодот од 1628 до 1632 година напишал Дидактика на чешки јазик која била наменета за чешкиот народ и за тоа го добила името Чешка дидактика. Во оваа Дидактика, Коменски правел разлика помеѓу внатрешните и надворешните морални својства – добродетели. Внатрешните добродетели се однесуваат на поединецот и неговото етичко воспитување и

сочинуваат основа и претпоставка за добар општествен живот. Надворешните добродетели пак на човекот му обезбедуваат вистинско место во општествената заедница и во општествениот живот. Како најзначајни внатрешни добродетели кои Коменски ги споменува се: внимателност, умереност, храброст и праведност. Според него во срцата на младите треба да се всадат сите добродетели без исклучок бидејќи од „чесното и моралното" ништо не може да се исфрли без да се појави празнина и наруши хармонијата. (Петрова-Ѓорѓева, 2005:22,23)

Коменски целта на воспитанието ја гледа во насочување на вистинска моралност и благочествивост при што училиштата треба да се претворат во работилници за луѓето. (Коменски, 1967:209)

Јан Амос Коменски смета дека моралот им помага на луѓето да се издигнат над останатите морални суштества и да се приближат кон Бог, ова се постигнува единствено преку воспитанието.

Според Коменски, постојат шеснаесет правила за вештини за воспитување на моралност:

1. Кај младите личности треба да се всадуваат сите вредности, доколку се изостави некоја од она што е правилно ќе остане празнина;
2. Основните вредности: умереност, праведност, мудрост и храброст посебно треба да се развиваат;
3. Моралната особина мудрост учениците ја црпат од добрата настава во воспитно-образовниот систем учејќи се да прават разлика помеѓу вредностите и работата;
4. Воспитувачите и родителите на учениците треба да бидат пример;
5. На примерите, треба да им се додадат прописи и правила;
6. Дисциплината претставува главно средство преку која може да се спречи лошото однесување;
7. Децата треба да се чуваат од лошо друштво;
8. Учениците треба да знаат да им пружат помош на соучениците;
9. Со развивање на моралните вредности и особини треба да се започне уште во раната младост, пред младите да западнат во заблуда;
10. Вредностите се учат ако постојано се повторуваат. Како што децата учат да одат – одејќи, слушаат – слушајќи, пишуваат – пишувајќи и сл.;
11. Во текот на целиот образовен систем учениците треба да се навикнуваат на умереност во јадење и пиење, во говорење и молчење, во работа и игра и сл.;

12. Учениците треба да се учат на храброст на победување на самиот себе;
13. Праведноста како морална особини ќе ги научи учениците никого да не навредуваат, да не лажат;
14. Цврстинта се стекнува со простодушност и истрајност во работата;
15. Простодушноста младите ја стекнуваат со дружење со чесни луѓе и извршување на се што наложува должноста;
16. Истрајност во работата ученицие ќе ја стекнат ако постојано нешто работат. (Коменски, 1967:170-173)

Според него човекот е најрешителното суштество, а задача на воспитанието е да го формира во целина неговото постоење. Од секој ученик може да се изгради морален човек. Оној со кој не може да се постигне успех е еден од илјада. Воспитниот школски систем е општ, задолжителен и единствен за сите племенски и граѓански деца, градски и селски деца, машки и женски. Разликувал четири периоди во развојот на човекот: детство, пубертет, младост и зрелост. За секој период предвидел шестгодишно школување. Така добил организација на воспитно-училишниот систем кој опфаќа:

- мајчина школа;
- училиште на мајчин јазик;
- гимназија или латинско училиште;
- академија. (Баракоска, 2007:16,17)

Етика како наставен предмет се изучувал и во училиште на мајчин јазик и латинско училиште според воспитно– училишниот систем кој го користел Коменски. Етиката се изучувала после природните науки и за разлика од нив привлекува повеќе внимание. Во наставата учениците треба да научат да ги воочат причините и последиците и да се трудат да даваат одговор на прашањето: Зошто?. (Коменски, 1967:221)

После Коменски, **Џон Лок** (1632-1704) ја обележува следната фаза во равојот на педагошката наука, обрнувајќи внимание на физичкото, интелектуалното и моралното воспитување на што придава големо значење. (Баракоска, 2007:17)

Сфаќањата на Лок за моралот и моралното воспитание се сврзани со неговиот филозофски и политички поглед. По филозофска ориентација тој ја следи линијата на англискиот сензуализам. Го отфрла гледиштето на Декарт за вроденоста на

идеите. Според него нема вродени принципи на морал. Сите црти на карактери и поведението се определени од условите на животот. Според него постојат надворешни и внатрешни рефлекси, тој се определува за надворешните рефлекси.

Кога станува збор за моралното воспитание Лок се однесува како изграден филозофски мислител и тоа го покажал во делото „Обид на врвот на човековиот разум” (1689). Во 1666 тој е лектор по морално учење на англискиот универзитет во Оксфорд. Воспитниот идеал за Лок е добриот џентламен. Според него воспитанието треба да го подготви за живот детето и да му даде практични навики и умеења. Само со воспитание може да се достигне добродетелта. Затоа „воспитанието треба да го употреби целото искуство и да го посади во душата на детето се додека детето не почне да ја гледа својата смисла, слава и наслада”.

За регулирање на моралното воспитание Лок не ги исклучува и физичките казни. Но физичките казни не треба да се применуваат често зошто можат да доведат до чувство на срам. Многу поважно е да се натера детето да ги спазува правилата за добро поведение и да се создадат правила за него. Во таа смисла физичката казна се применува во краен случај со умереност и содржина. (Петрова-Ѓорѓева, 2005:25,26)

Следен претставник е **Јохан Х. Песталоци** (1746-1827). Со својата практична работа и со своите бројни дела: „Лиенхарт и Гетруда”, „ Како Гетруда ги учи своите деца”, „Лебедово пеење”, „Книга за мајките” и други дела теоретско и практично ги збогатил подрачјата на интелектуалното, моралното и работното воспитание. Неговиот живот и неговото педагошко учење се збогатени со човечно прав начин на воспитание, кој се постигнува со складен развој на човекот, а тоа според Песталоци значи развој на „срцето, умот и рацете”. Оттука и потребата од интелектуално, морално и работно воспитание. (Баракоска, 2007:18)

За највисоки и највреднувани морални вредности Песталоци ги смета:

- добрината;
- довербата;
- послушноста;
- љубовта кон луѓето. (Zlebnik, 1970:107)

**Јохан Фридрих Хербарт** дошол до заклучок дека моралното воспитание без настава е цел лишана од средства, а додека пак наставата без морално воспитание е средство без цел. Главна цел на воспитанието е воспитание на морална личност, а наставата е таа која ќе помогне да се оствари таа цел.

За да може да се следи целиот наставен процес, Хербарт формира 5 морални идеи со општо валиден карактер:

1. Идеја за внатрешна слобода;
2. Идеја за право;
3. Идеја за благо расположение;
4. Идеја за справедливост;
5. Идеја за совршенство.

Според Хербарт, горенаведениве идеи треба да бидат вклучени во процесот на образованието. (Петова-Ѓорѓева, 2005:32)

Веќе во XX век воспитната работа ја зафаќа силна реформа, односно може да се говори за т.н. реформна педагогија. Се појавува цела низа на разновидни педагошки правци и сфаќања познати под заедничко име „Нова школа".

Наспроти старата Хербартова школа која се осудува на учење на интелектуализам и рационализам, новата школа оди во друга крајност ирационализам, дава акцент на равојот на чувствата и волјата.

Под „Нова школа'' се подразбираат ралични насоки на реформската школа од првата половина на XX век кои се јавуваат под различни имиња како што се: работна школа, продуктивна школа, активна школа, школа на животот. Заедничка одлика на сите овие е истакнување на емотивната страна на воспитната работа, јакнење и развивање на волјата и карактерот, при што се занемарува интелектуалната страна. Морализмот е општо обележје на реформната педагогија, а се огледа во поттикнување на интелектуалното и истакнување на моралното усовршување на човекот, неговата внатрешна чувствителност и волев живот. (Петова-Ѓорѓева, 2005: 35)

Воспитанието денес има големо значење во процесот на општественото движење. Се настојува формирање на личноста и во интелектуална, физичка, естетска, работна и морална страна. А посебно внимание треба да обрне на моралното воспитание преку кое се настојува да се изгради хуман човек со изразени човекови вредности.

## 5.2 Определување на моралното воспитание

Постојат голем број дефиниции со кои се определува поимот морално воспитание. Од сите тие дефиниции ние ќе издвоиме само две определби кои точно ја определуваат суштината на моралното вопитание. Првата определба на моралното воспитание се однесува на прифаќање на постоечките морални норми и однесување во склад со нив, втората определба се однесува на тоа дека моралното воспитание претставува процес на изградување на карактерот на личноста, процес каде се развиваат морални чувства, погледи, навики, квалитети и умеења.

Според Етичкиот речник моралното воспитание е процес на морално воздигнување на човекот, на запознавање со моралните вредности и норми, навикнување на нив, нивно прифаќање и засакување. (Темков, 2004:19)

Преку оваа дефиниција се нагласуваат емоционалниот и когнитивниот аспект на моралното воспитание.

Поразлична дефиниција за моралното воспитание се сретнува во Педагошкиот речник. Според него под моралното воспитание се подразбира развивање и формирање на морално чувство, свест и волја со определена насока и содржина, каде се придонесува во градење на однесувањето и карактерот во општеството во согласност со прифатениот морал. (Педагошки речник, 1967:583)

Во Педагошкиот лексикон моралното воспитание претставува едно од најважните подрачја за воспитанието и образованието. Основната цел на моралното воспитание се состои од развивање и формирање на морална личност преку одредени својства: морална свест, морални чувства, морална волја, морална пресуда. (Педагошки лексикон, 1996:299)

Додека пак, Анте Вукасовиќ под морално воспитание подразбира процес на морално обликување на личноста, морално формирање, процес на изградување на личноста. Преку овој процес се развиваат човековите морални квалитети, моралната свест, ставови и погледи, формирање на навики и умеења на моралното делување и однесување во одредено општество, позитивни својства на карактерот и волјата и негување на моралните чувства. Моралното воспитание претставува организирана, намерна, целисходна, свесна, интенционална дејност на одредено општество, каде ќе

бидат прифатени и остварени темелните етички начела на заедничкиот живот. (Vukasovic, 1993:75)

Како најзначајна и најприфатлива определба за моралното воспитание е определбата која ја дава Анте Вукасовиќ. Неговата определба е најпотполна и најсеопфатна бидејќи моралното воспитание се определува и како дејност и како процес, се обрнува внимание и на изградување на карактерот, каде што личноста се остварува како морално суштество.

## 5.3 Цел на моралното воспитание

Познато е дека целта на воспитанието и образованието е социјално и класично условено. Тоа зависи од постојаните социјални, економски, политички, филозофски и културни околности во општеството. Заедно со социјалните промени се менува и целта и задачите на воспитанието и образованието. Основните цели и задачи на воспитанието и образованието се особено изразени во полето на моралното воспитание. Моралното воспитание е област во која силно се одразуваат сите општествени промени, бидејќи секој општествен поредок е заинтересиран и многу чувствителен кога станува збор за моралното формирање на граѓаните. Бидејќи секое општество е длабоко заинтересирано за процесот на морална формација, се подразбира дека таа има за цел да влијае на овој процес и да управува со неа во одредена насока, што посебно доаѓа до израз во одредувањето на целта и задачите на моралното воспитание. Гледано од просторна или временска перспектива, целта на моралното воспитание релативно брзо се менува.

Во различни фази на општествениот развој се нагласуваат различни цели на моралното воспитание. Во робовладетелското општество целта на моралното воспитание кореспондирала со моралните ставови и односи на робовладетелите. Исто може да се каже и за буржоаското, феудалното и социјалистичкото општество. Сепак, постојат одредени минимални разлики во поставувањето на целта на моралното воспитание во еден општествен систем. (Vukasovic, 1974:151)

Според Педагошкиот речник, целта на моралното воспитание се однесувана на изградување на човечка свест која ќе се однесува во духот на социјалистичките морални етички принципи. (Педагошки речник, 1968:189)

Додека пак во, Педагошката енциклопедија целта на моралното воспитание не е посебно анализирано туку припаѓа во содржината на задачите на моралното воспитание. (Педагошка енциклопедија, 1989:63,64).

Целта на моралното воспитание според Анте Вукасовиќ е насочена кон формирање на морална, слободна и хумана личност, која во текот на животот ќе тежнее за воспоставување на вистински човечки односи, каде човекот ќе стане највредно битие, ќе се цени и почитува неговото достоинство. (Vukasovic, 1993:139)

Исто така, како основна цел на моралното воспитание се определува и формирањето на човекот како морален субјект кој делува, мисли и чуствува во склад со општествените правила, вредности и барања. Овде е неопходно да се делува врз емоционалната, интелекуалната и волевата сфера на човековата личност со што се укажува на потребата од целосно развиена и способна личност. (Potkonjak, 1996: 171)

Целта на нашето морално воспитание мора да биде фокусирано кон иднината, човекот како разумно суштество се повеќе и повеќе ќе влијае врз формирање на светот, каде ќе создаде поволни услови во кои ќе може да живее.

Основната цел за нашето морално воспитание треба да биде насочена кон формирање на слободна, хумана, и морална личност, која цел живот ќе тежнее за воспоставување на вистински човечки односи, во кои човекот ќе стане највредното битие за човекот, каде ќе се цени неговото достоинство и ќе се оствари слобода, братство и рамноправност на сите членови од една заедница. Така поставената цел на моралниот развој претпоставува учениците во целост да ги усвојат правилата и нормите, принципите на моралот, емотивно да ги прифатат и практично да ги остварат. (Костова, 2004:37)

Целта на моралното воспитание се постигнува со издвојување и операционализација на посебни задачи значајни за ова воспитно подрачје. Задачите на моралното воспитание произлегуваат од етапите на процесот на моралното формирање на личноста на кои ќе се задржиме во наредните наслови на овој магистерски труд.

## 5.4 Задачи на моралното воспитание

Моралното воспитание во своите напори настојува морално да го формира човекот што значи пред сѐ да изгради позитивен однос кон себе, кон другите луѓе, кон општеството и неговите институции. На непосреден начин моралното воспитание треба да го оспособи човекот за живот во општество во кое тој ќе се најде себеси преку комуникацијата со другите луѓе. За да биде тој општествено прифатена личност мора да владее со принципите, правилата и нормите на таа средина, бидејќи во спротивно ќе дојде во конфликт и со самиот себе и со другите луѓе и со општеството. Значи вештината на општественото живеење тој ја стекнува преку моралното воспитание. Преку задачите на моралното воспитание всушност се гледа намерата и текот на тој процес, а нивната реализација е тесно поврзна со она што веќе беше кажано за тоа кои фази ги има тој процес. Со реализација на задачите се постигнува целта на воспитанието. (Атанасова, Петрова – Ѓорѓева, 2003:208)

Воспитната задача ја конкретизира целта, разделувајќи ја на повеќе делови кои посебно се остваруваат, а со реализација на сите тие делови сите задачи ја постигнуваат и воспитната цел. Задачи секогаш има повеќе. Целта секогаш се изразува во еднина, а задачите во множина. Целта се однесува на воспитанието во целост, а задачите на одредени делови. (Баракоска, 2007:182)

Многу автори во голем број учебници за педагогија ги споменуваат задачите на моралното воспитание. Меѓу авторите постојат разлики како по видот на задачите, така и по бројот. Суштинската разлика е мала, она што еден автор го обработува во една задача, друг тоа го споменува во две, три и слично.

***Табела.1*** **Преглед на задачи на моралното воспитание според учебниците по педагогија**

| <u>Задачи на моралното воспитание</u> | Шимплеша | Потковњак | Радашин | Крнета |
|---|---|---|---|---|
| 1.Оспособување за морална дејност | / | / | / | |
| 2.Усвојување на морални ставови | / | | | |
| 3.Воспитание на морални чувства | / | | | |
| 4.Формирање навики за морално однесување | / | | | |
| 5.Запознавање со моралот и неговата теорија | / | | | |
| 6.Формирање на позититивни особини на волјата и карактерот | / | / | / | / |
| 7.Формирање и негување смисла за етичка вредност | / | | | |

Преку дадената табела видливо е дека помеѓу авторите постојат одредени разлики, како по бројот, така и по зададените задачи. (Brkic, 1985:42,43)

Како едни од најзначајните и најприфатени задачи на моралното воспитание се задачите кои Анте Вукасовиќ ги дефинирал во својот учебник и монографија. При дефинирањето на задачите Вукасовиќ поаѓал од етапите на процесот на моралното формирање. Тие задачи се:

- запознавање на моралот и неговата теорија;
- усвојување на моралните ставови и формирање на уверување;
- формирање навики на морално однесување и делување;
- формирање на позитивни особини на волјата и карактерот;
- негување на смислата за етичка вредност. (Vukasovic, 1974:153)

Првата задача **запознавање на моралот и неговата теорија** произлегува од првата етапа на процесот на моралното формирање, етапа на формирање на моралните сознанија. Видовме дека моралните сознанија, значат морално образование, со цел да се запознаат и усвојат моралните поими, категории, правила и начела, сфаќања и односи, како да може во животот да се разликува доброто од лошото, моралните од неморалните постапки. Тоа е вистинска смисла на оваа задача. Тој сознаен момент е посебно значаен, со неговата помош се осмислува понатамошната работа на подрачјето на моралниот развој. Младите луѓе најпрво

мора да научат што е морално и што е морал, за што служи и кои се неговите барања во однос на човековите постапки. Тие мораат да знаат дека моралот е потребен во животот, и дека без него не е можен животот на човекот како општествено суштество. Затоа мораме да го запознаеме со правата и должностите на човекот како член на човечката заедница. Воспитаниците мораат да ги научат фундаменталните принципи: принципите на хуманост, согласност на мислите, зборовите и делата, позитивниот однос спрема заедницата, работата, матријалните и духовните вредности и потполно да ја сфати нивната смисла и значење. (Костова, 2004:37,38)

Запознавањето на моралот и неговата теорија има важно место во процесот на моралното формирање. Тоа им помага на учениците правилно да го вреднуваат своето однесување, како и однесувањето на другите луѓе, да заземаат критички став спрема таквото однесување и делување. Вукасовиќ нагласува дека познавањето на моралните категории, принципи, норми и правила не е само на себе цел туку е и сознајна основа за формирање на морални ставови, чувства и уверување. (Vukasovic, 2001)

**Усвојување на морални ставови и формирање на уверувања** е втора задача произлегува од другата етапа на процесот на моралното формирање, етапата на формирање на морални уверувања.

Она што е карактеристично за оваа задача е воспитанието на моралните чувства кај човекот. При усвојувањето на моралните ставови и уверувања доминира емоционалниот однос на човекот спрема она што го опкружува. Тој однос може да биде позитивен и негативен. Умешноста на воспитувачот се состои во тоа да им ги пренесе позитивните чувства на воспитаниците спрема вистинските морални вредности, како што се на пример: вистината и добрината, а во исто време да поттикне негативни чувства спрема аморалните вредности, како што се на пример: неправедноста, лагата, злото и други.

Анте Вукасовиќ во оваа смисла нагласува дека без љубов спрема вистината и доброто и без омраза спрема злото, нема и не може да има вистинско морално дејствување. (Костов, 2019:99,100)

Учениците не треба само да го запознаат, туку треба и да го прифатат моралното учење, да се формираат кај нив ставови, мотиви, морални чувства и уверувања. Уверувањата се формирани погледи кон животот, кои станале внатрешни мотиви, однесувања и составни делови на карактерот. Формирањето на уверување е

долготраен процес, кој се потпира на личните морални искуства на воспитаникот. При формирањето на моралните уверувања, битна е личноста на наставникот, воспитаникот, неговиот личен пример, како и неговата способност да ги интерпретира позитивните примери од животот. Составен дел на оваа задача е воспитанието на моралните чувства, како што се: чувство за чест и гордост, животна радост, оптимизам, љубов спрема татковината, човекот, професијата. Од моралните чувства зависи односот на поединецот спрема другите луѓе, заедницата, околината, домот, работата. (Костова, 2004:38,39)

Трета задача според Анте Вукасовиќ е **формирање навики на морално однесување и делување.** Оваа задача произлегува од третата етапа на процесот на моралното формирање, етапата на формирање на однесување и делување. Чинот, постапката, критериумот на моралната вредност и човековата моралност сакаме да го испитаме со оваа задача. Без формирање на морални навики поединецот не би можел да се снајде во многу животни ситуации. Навиките осигуруваат тој во одредени ситуации да се однесува онака како што треба. Тие ако се правилно формирани, овозможуваат точни и адекватни постапки во различни животни ситуации: околината, училиштето, работната организација итн. Затоа младите луѓе треба да да ги вежбаат моралните постапки и така да формират морални навики.

Навиките се темел на однесувањето. Од нив зависи односот на поединецот спрема пријателите, членовите на околината, наставниците, другите ученици во училиштето итн. Од нив исто така, зависи односот спрема работата, обврските и должностите, правилата за заеднички живот. (Костова, 2004:39)

Голема улога за остварување на оваа задача има училиштето, односно наставниците кои на извесен начин претставуваат филтер или коректор на навиките кои се формирааат кај учениците, при што се трудат да ги развиваат добрите навики, а ги отстрануваат или заменуваат лошите. Ова е една од најважните задачи на училиштето. (Костов, 2019:100)

**Воспоставување на позитивни особини на волјата и карактерот -** оваа задача на моралниот развој е поврзана со процесот на моралното формирање и се однесува на оние облици на однесување кои се појавуваат и развиваат во сложените животни ситуации. Таквото однесување бара сила и волја на карактер, а истовремено во такви ситуации и во такво однесување се манифестираат и развиваат позитивните

квалитети на волјата и карактерот. Во поглед на волјата луѓето можеме да ги поделиме на луѓе со јака и слаба волја. Човекот со јака волја владее со себе, управува со своите постапки, ги контролира своите мотиви, чувства и остварува позитивни морални цели. Луѓето со јака волја се одликуваат со упорност, доследност, принципиелност. Луѓето со слаба волја се: неодговорни, колебливи, недоследни, површни. (Костова, 2004:39,40)

Во различни животни ситуации луѓето се однесуваат на оној начин на кој најмногу соодветствува со нивниот карактер и нивната волја. Карактерот и волјата се најнепосредно поврзани. Анте Вукасовиќ истакнува дека силата на карактерот зависи од јачината на волјата, која се гледа во совладувањето на тешкотиите. (Vukasovic, 2001)

Една од основните задачи на училиштето е да ги развива позитивните карактерни особини кај учениците како што се: совесност, чесност, патриотизам, работливост, другољубивост, правичност итн. (Костов, 2019:100)

Како последна морална задача која ја има неведено Вукасовиќ е **негување на смислата на етички вредности** која е поврзана со процесот на моралниот развој во целина. Развивањето на таа смисла придонесува и за формирање на морални сознанија и уверувања, однесување и делување. Сепак треба да се каже дека во голем дел е зависна од етичките вредности, моралните идеали и вредности. (Костова, 2004:40)

Моралните или етичките вредности може да се каже дека лесно се прифаќаат од страна на младите луѓе доколку тие се запознаат со нив на правилен начин, односно правилно им се презентираат.

Во оваа смисла мошне важна улога играат позитивните примери кои ги гледаат младите во својата околина, потоа поттикнувањата од страна на нивните воспитувачи и позитивната атмосфера која треба да владее во училиштето и воопшто во општествената средина. Позитивната атмосфера и позитивниот однос кон етичките вредности е една од најважните задачи на моралното воспитание и е претпоставка за остварување на моралниот развој. (Костов, 2019:101)

Преку вака поставените морални задачи се опфатени сите етапи од процесот на морално формирање. Преку нивната реализација ќе се дојде до крајната цел формирање на морална здрава личност.

Во учебникот Педагогија од редакторот Поткоњак постои друга определба на задачи на моралното воспитание и тоа:

- усвојување на етички знаења норми, вредности и принципи на општествениот морал;
- слобода на моралниот избор;
- развивање на морална волја;
- одговорно однесување и формирање на морален лик на поединецот како член на општествена заедница. (Поткоњак, 1996:172)

Слична определба на задачите на моралното воспитание како на Вукасовиќ даваат и група на автори во учебникот Педагогија. Според нив основни задачи на моралното воспитание се:

- развивање на морална свест;
- развивање на чувства и интерес;
- развивање на карактер;
- развивање на волја. (Поткоњак, 1996: 385)

Очигледно е дека постојат разлики помеѓу сите горенаведени задачи на моралното воспитание. Значајна разлика која може да се забележи по однос на определувањето на задачите на моралното воспитание е последната определба која ја дава Анте Вукасовиќ и се однесува на задачата - развивање на смисла за етички вредности. Оваа задача се однесува на моралното формирање во целина, која го претставува резултатот од процесот на моралното формирање на личноста. Преку оваа задача моралното воспитание се издигнува на повисоко ниво и преку неа ученикот треба да се изгради како свесно морално и етичко суштество.

Заедничко за сите горенаведени определби на задачите на моралното воспитание е тоа што сите задачи опфаќаат делување врз емоционалната, волевата и интелектуалната сфера. Моралните задачи: усвојување на морални ставови и формирање уверувања, односно воспитување на чувства и интерес укажуваат на потребата од делување врз емоционалната сфера. Моралните задачи: формирање навики на морално однесување и делување, односно воспитување на волја укажуваат на потребата од делување на волевата сфера. А пак моралните задачи: запознавање на моралот и неговата теорија, усвојување на морални, усвојувања на етички знаења, норми и вредности укажуваат на потребата од делување врз интелектуалната сфера.

Исто така заедничко за сите наведени морални задачи е задачата за развивање на карактерот на ученикот.

Од напред изнесеното можеме да заклучиме дека определувањето на задачите на моралното воспитание претставува доста значаен дел во процесот на моралното формирање на ученикот. Преку дадените определби се опфатени сите аспекти на моралното формирање и преку нивна реализација ќе се дојде до посакуваната цел на моралното воспитание.

## 5.5 Етапи во процесот на моралното формирање

Моралното формирање претставува сложен и долготраен процес кој се одвива во текот на целиот живот на една личност. Процесот на морално формирање на личноста се дели на три етапи и тоа:

- формирање на морално спознание;
- формирање на морално уверување;
- формирање на морално однесување и делување.

Во воспитната практика на моралниот развој ваквото издвојување не значи строга граница помеѓу етапите и нивното формирање. Етапите не се јасно издвоени, меѓусебно се надополнуваат и паралелно се остваруваат. Разликувањето на етапите има големо практично и теоретско значење, затоа што процесот на моралниот развој има неколку стадиуми од кои произлегуваат посебни задачи.

***Формирање на морално спознание***

Моралното спознание претставува логичка и прва етапа во процесот на моралното формирање. Оваа етапа се заснова на стекнување на знаења за моралот и етиката. Моралните спознанија, означуваат морално образование, усвојување на морални категории и поими, познавање на моралните начела и правила, морални

ставови, морални норми, формирање на поглед кон светот и запознавање на општоприфатениот систем на морални вредности. (Vukasovic, 1993:109)

Моралното спознание најмногу зависи од општеството, од културниот и материјалниот живот, а се формира под влијание на општествените ставови и сфаќања, но исто така и преку активноста на личноста во општествениот живот.

Човекот не може морално да постапува и не може да биде морална личност, ако не ги разликува доброто од злото, ако не знае што е морално, а што неморално. Затоа младите луѓе најпрво тоа треба да го научат, да го разликуваат моралното од неморалното, да научат што е морал, етика и кои се нејзините норми, категории и принципи, доброто од лошото. Моралните знаења најчесто се засниваат на разумот, усвојување на знаења за моралот и етиката. Без таа помош моралниот развој би бил слеп. Да се бори за вистината, тоа е чесна задача за секој човек кој сака да живее во склад со начелата на општочовечкиот морал. (Костова, 2004:35)

Моралното сознание најчесто се поврзува со моралната свест. Моралната свест има потесно и пошироко значење. Во потесна смисла моралното сознание ги опфаќа моралните правила, поими, норми, начела, категории кои овозможуваат разликување од морално и неморално. Во поширока смисла претставува спознавање на законитостите кои ги има во општеството и природата и на нив е изграден научен поглед кон светот.

Кај воспитаникот моралните сознанија треба да се формираат постепено, во склад со неговите интелектуални способности и сили, односно во склад со усвојување на морални искуства. Во пониските степени на образование–предучилишно се формира индуктивно, преку конкретни примери, потоа се оди кон усвојување на морални судови и поими – во основните училишта. Додека пак во повисоките степени на образование се преминува кон запознавање на највисоките етички категории.

***Формирање морални уверувања***

Моралното уверување и моралното сознание се меѓусебно поврзани и меѓу нив не може да се повлече строга граница. Етапата формирање на морални уверување претставува продолжение и продлабочување на етапата на формирање на морално сознание. Градењето на моралните уверување претставува повисок степен на морално формирање, каде сознанијата претходно се субјективно прифатени и на

нив се надоградуваат моралните ставови кои поттикнуваат на морално делување. Моралните уверувања најчесто претставуваат обликувани погледи на светот и животот околу нас, тие станале внатрешни мотиви за однесување и составни делови на карактерот. Најчесто при нивното формирање, покрај активниот однос на ученикот, доста големо влијание имаат родителите, општествената средина и наставниците. (Vukasovic, 1993:142)

Моралните уверувањата најчесто се емоционално обоени, тие имаат своја емоционална нота, а најчесто можеме да ги формираме само ако се длабоко воведени во категориите и нормите, принципите и правилата за кои им зборуваат учениците и настојуваат да ги прифатат. Како една од најважните задачи на моралното уверување е формирањето на моралните чувства. (Костова, 2004:36)

***Формирање на морално однесување и делување***

Како последна и доста значајна етапа во процесот на моралното формирање е моралното однесување и делување. За морално формирана личност може да кажеме дека е онаа личност која делува и се однесува во склад со моралните правила и норми.

Моралното однесување се дефинира како однесување кое е условено од моралните начела и норми со кои се регулираат меѓучовековите односи во една заедница. (Vukasovic, 1993:118)

Доста значаен предуслов кој треба да го поседува личноста за моралното однесување е поседување на моралните сознанија и изградени морални уверувања. Дури и Аристотел рекол*: „Да се биде добар е дело, никој не е по природа добар, добар се стекнува со практично однесување, кое одговара на нормите”. (*Vukasovic, 2001)

Како основна задача во формирање на моралното однесување и делување се однесува на позитивните особини на карактерот и волјата, поштеност, точност, чесност, смелост, правичност, совесност, доследност, организираност, издржливост итн. Крајна цел на моралниот развој е да се оствари склад на делата, мислите и зборовите. (Костова, 2004:36,37)

Преку постојано и секојдневно однесување и делување може да се изградат навики за морално однесување. Според, Џон Лок формирањето на навики за моролно однесување  претставува доста важна задача за моралното воспитание.

Уште во раното детство на децата треба да му се дадат правила кои секојдневно ќе се повторуваат,  и постепено тие правила ќе преминат во навики. (Vukasovic, 1993:119)

## 5.6 Теории на моралниот развој

За да може подобро да се проучуваат моралните особини и вредности на учениците од основно воспитание и образование неопходно е да ги споменеме  и теориите на моралниот равој.

Моралниот развој е разработуван од многу психолошки првавци кои во текот на своето постоење создале свои теории. Меѓу најзначајните теории се посочуваат:

- когнививно – развојната теорија;
- психоаналитичката теорија;
- бихејвиористичка теорија.

Како најзначајна теорија меѓу овие три горенаведени теории за моралниот развој е когнитивно–развојната теорија.  Најголемо внимание ќе обрнеме на оваа теорија осврнувајќи се на учењата на Жан Пијаже и Лоренс Колберг.

Значајни претставници на психоаналитичката теорија се учењата на Зигмунд Фројд и Едит Џекопсон.  Додека пак за бихејвиористичката теорија претставници се: Иван Павлов и Џон Б. Вотсон.

## 5.6.1 Когнитивно – развојна теорија на моралот и моралното воспитание

Акцентот на когнитивно развојните теории паѓа на когнитивно развојната страна на моралноста.

Привржаниците на овој правец ја истакнуваат логиката моралното мислење, т.е. активното мислење како главна организациска и развојна страна на моралноста. Когнитивистите ја анализираат структурата на мислењето кај лицата од различни возрасни категории, нагласувајќи дека мислењето кај децата многу се разликува од мислењето на возрасните. Следбениците на ова сфаќање истакнуваат дека, развојот е основна одлика на поимното мислење и сознавање воопшто. Развојните промени се означуваат како движење без прескокнување на последователните стадиуми, каде што секој стадиум потекнува од претходниот и претставува продолжение на следниот. Својот заклучок за својот развој когнитивистите го засновуваат на проучување на начините како децата донесуваат морални судови и како ги формираат во текот на возраста. Најмаркантни претставници на овој период, кои дале свој придонес за осветлување и решавање на низа проблеми во педагогијата и психологијата, а се издигнуваат и издвојуваат над другите претставници се: Пијаже и Колберг. (Петрова – Ѓорѓева, 2005:60)

- **Учењето на Жан Пијаже**

Жан Пијаже е еден од пионерите во проучувањето на моралниот развој. Роден 1932 година. Овој претставник ги поставува основите на овој проблем и со неговата работа врши големо влијание низ понатамошниот тек на развојот на моралното воспитание.

Бергман смета дека клучен елемент на проучување на моралниот развој на децата во теоријата на Жан Пијаже претставува разбирањето на поврзаноста меѓу акцијата и мислата, односно интересот на Пијаже е насочен кон осознавање на мислата која лежи во основата на одредена акција. Преку оваа теорија социјалните интеракции го водат ученикот кон нови видови морално разбирање, односно ученикот практикува етика на принуда поради приврзаност и стравопочит кон

возрасните, а учи етика на соработка преку интеракција со врсници. Како доста важна е хоризонталната и симетричната интеракција со врсниците под која се подразбира соработка, а не само послушност и почитување. Хоризонталната интеракција ги насочува учениците со групата врсници кон конструирање на мислења засновани врз симпатија, праведност, взаемност и препознавање на заедничките обврски и права. (Bergman, 2005)

Преку испитувањето на моралното судење кај децата Пијаже ја создал Теоријата за развој на моралноста. Според него суштината на моралноста вклучува чувствување обврски:

- **Чувство на правда** (под ова Пијаже подразбира водење сметка за еднаквоста помеѓу луѓето. Оваа техника Пијаже ја проучувал преку техниката на раскажување приказни за личности кои направиле некаков прекршок. Од децата овде се барало да оценат која постапка е лоша или добра и да образложат зошто така мислат);
- **Да се почитуваат општествените правила** (ова проучување Пијаже го спровидел преку детската игра ,,Кликер" . Во оваа игра правилата се однапред дадени. Во текот на играта не постои надворешна принуда за почитување на правилата, туку децата самите ги почитуваат. Така се избегнува надворешното влијание на возрасните, а истовремено во текот на играта се набљудува детското мислење, набљудувајќи како детето ги прифаќа правилата на игра.) (Popovic, Miocinovic, 1977:44)

Преку ова истражување кое го водел Пијаже заклучил дека постојат два стадиуми на морално мислење: стадиум на морална хетерономија и стадиум на морална автономија.

➢ **<u>Стадиум на морална хетерономија</u>** – уште се нарекува стадиум на морален реализам или на објективна одговорност. Овој стадиум преовладува до седмата година и се состои од 3 главни обележја:

  - **моралност на авторитет и должност** (да се биде добар значи да се биде послушен, а правилно е она што возрасниот го наредува, добра постапка е само онаа во која детето е послушно и ги почитува правилата, додека пак секоја постапка која не е во согласност со правилата е лоша);

- **секое непочитување на правила мора да биде казнето** (оној кој ќе биде казнет треба да си ја сфати грешката и на некој начин да се искупи за грешката. За децата карактеристично е верувањето во „иманентна права" – верување во казна која потекнува од самите предмети, од нежив објект или надмоќна сила);
- **објективно сфаќање на одговорноста** (во овој стадиум детето води сметка само за физичките последици, но не и за мерата на извршителот. Исто така во овој стадиум е карактеристичен и апсолутизам на вредностите каде детето смета дека една постапка е лоша или добра и дека сите други размислуват исто. Дури и кога детето ќе стане свесно дека постојат различни мислења за исти работи тоа верува дека возрасните се во право. Во овој стадиум постојат когнитивни недостатоци и тоа: *егоцентризам* (неспособност да се прави разлика помеѓу своето и гледиштето на другите) и *реализам* (неспособност за разликување на објективни и субјективни аспекти на своето искуство).

- **Стадиум на морална автономија** – се јавува околу десетата година и е резултат на промените во когнитивните структури на детето и на интеракциите со средината. Во овој стадиум оценувањето на нечија постапка се врши според намерата и мотивот, а не според последицата, при што објективата одговорност е заменета со субјективната. Преминот кон морална автономија е резултат на развојните промени на когнитивните структури: се намалува реализмот и егоцентричноста, а се зголемуваат социјалните интеракции со врсниците во групата. Тоа доведува до менување на сфаќањето на правилата од надворешните авторитативни наредби кон внатрешните правила. Како основа за овие промени е развојот за реципрочно, резерзибилно мислење кое се јавува околу 7 година со појава на конкретните операции. (Popovic, Miocinovic, 1977)

Стадиумот на морална хетерономија и стадиумот на морална автономија се разликуваат во девет двополови димензии, при што едниот пол ја дефинира автономијата, а другиот хетерономијата. Овие димензии се:

1. Апсолутизам на моралната перспектива, наспроти свесност за постоење на различни гледишта;
2. Сфаќање на првилата како непроменливи, наспроти сфаќање на правилата како флексибилни;
3. Верување во неизбежна казна за прекршочно правило и иманентна правда, наспроти сфаќање дека казната не мора секогаш да го следи лошото однесување;
4. Објективна одговорност при расудување на вината, наспроти земање предвид на намерите на поединецот за одредена постапка;
5. Дефинирање на она што е морално погрешно во рамки на она што се казнува и забранува, наспроти она што го крши духот на соработката;
6. Верување во арбитрарна казна која следува автоматски заради прекршено правило, наспроти сфаќање на казната како реципрочна;
7. Определување на казната од авторитетот за агресија меѓу врсниците, наспроти определување на одмазда око – за – око од страна на жртвата;
8. Прифаќање на арбитрарна, нееднаква дистрибуција на награди од страна на авторитетот, наспроти инсистирање на еднаквост;
9. Дефинирање на одговорноста како послушност кон авторитет, наспроти нејзино дефинирање како верност кон принцип на еднаквост или грижа за добросостојбата на другите. (Puka, 1994)

Според Пука, Жан Пијаже смета дека хетерономната моралност кај малите деца е резултат на два фактори кои се меѓусебно поврзани: когнитивна незрелост и еднонасочно емоционално почитување кон возрасните.

Генерално Пијаже е еден од најголемите проучувачи на интелектуалниот развој на човекот. Тој воспоставува и паралелизам на интелектуалниот и моралниот развој, односно на развитокот на етиката на личноста со нејзиниот развиток во сознајна свера. Според Пијаже постојат 4 стадиуми на моралниот развиток во детската возраст: егоцентричен, авторитарен, реципрочен, рамноправен. (Петрова - Ѓорѓева, 2005:62)

## ➢ Учење на Лоренс Колберг

Лоренс Колберг е еден од најпознатите американски психолози на моралот во современата епоха. Учењето на Колберг претставува синтеза преку која тој се обидува да ги надмине недостатоците на учењета на Пијаже, Џон Дјуи и Емануел Кант**.**

Во својата книга „Филозофија на моралниот развиток" тој се обидува да даде одговор на две прашања:

1. Дали постојат универзални онтогенетски трендови на развој на моралноста?
2. Дали развојот на рационална моралност е различен од учењето на ирационалните културни вредности и правила?

Заклучоците до кои доаѓа преку емпириските и теориските истражувања даваат потврден одговор дека е погрешна досегашната неприкосновеност на „културната релативност на етиката". (Popovic, Miocinovic, 1977:53)

Колберг развива посебна теорија на моралниот развој која ја нарекува **когнитивно–развојна** со цел да ја опише неговата конкретизација на моралниот развој во рамки на физичкиот и социјалниот когнитивен развој. Во когнитивно–развојниот период моралноста се однесува на моралното расудување на пропишаните вредности за она што е правилно или неправилно.(Gibbs, 2003)

Колберг, се согласува со Пијаже дека моралниот развој се одвива во стадиуми и дека секој нареден стадиум го вклучува мислењето на претходниот стадиум и смета дека тоа се случува на многу сложен начин. Колберг смета дека преку новите можности во мислењето се создаваат нови можности за акција и дека не постои единечна каузална насоченост во динамиката помеѓу акцијата и мислата. Мислата може да доведе до нови форми на акција, но исто така и одредена акција може да доведе до нови форми на мислење. (Фрицханд, 2010)

Според Бергман моралното мислење се јавува во два вида и тоа:

- *Деонтичко* – овој вид на расудување уште се нарекува и мислење од прв ред. Претставува суд за одредена постапка како обврзувачка или правилна и обично потекнува од одреден принцип или правило;
- *Одговорно* – мислење од втор ред, претставува афирмација на желбата да се постапува во склад со насочените принципи или правила, односно, во склад со деонтичкото мислење. Овој вид на расудување има функција да одреди до

која мера она што е морално правилно или добро е неопходно за сопственото Јас на поединецот. (Bergman, 2005)

Колберг и соработниците користејќи го лонгитудиналниот метод испитувале група од 75 момчиња. Тие го следеле развојот на момчињата од рана адолесценција до рана зрелост во интервали од 3 години. По спроведеното истажување Колберг развива типолошка шема на морално мислење. Оваа типолошка шема содржи три посебни нивоа на морално мислење, а во секое ниво се разликуваат два поврзани стадиуми. (Kohlberg, 1968)

Стадиумите во теоријата на Лоренс Колберг се инваријантни, развојни санкции, а напредувањето низ нив е последователно и континуирано, како резултат на искуството и интелектуалниот развој. Развојот тече не само помеѓу стадиумите, туку и во рамките на самите стадиуми. Прескокнување на стадиуми не е возможно, поединецот преминува од еден во друг стадиум со различна брзина. Секој поединец може да застане во било кој стадиум. Секој последователен стадиум е когнитивно понапреден од претходниот и претставува решавање на покомплексни морални проблеми. (Фрицханд, 2010)

Во теоријата на Колберг моралниот развој се одвива низ 3 нивоа:

- **Предконвенционално ниво** – социјално – моралната свест се изразува како подреденост на моралните принципи, т.е. како различност на моралната свест на личноста од владеачките морални принципи – ова е карактеристично за децата под деветгодишна возраст за одредени млади со девијантно однесување;
- **Конвенционално ниво** – за ова ниво е карактеристична општата согласност околу моралните принципи – тоа е статус на моралот кај мнозинството млади и возрасни во сите човечки суштества;
- **Постконвенционално ниво** – претставува состојба на високи морални принципи на личноста. Ова ниво се достигнува само од возрасни личности, дури по дваесетата година од животот и се однесува на вистинските етички димензии на постоењето, кога се креираат високи и морални вредности, принципи и насоки.

Трите морални нивоа се претставени со три типа морална ориентација. Предконвенционалното ниво се карактеризира со конкретна индивидуална ориентација. Во второто ниво – конвенционалното личноста е дел од општеството. А пак за постконвенционалното ниво најважно својство е општествената ориентација. (Петрова,Ѓорѓева, 2005:63)

Исто така според Колберг постојат 6 морално–социјални стадиуми за развојот на личноста:

- Во првиот стадиум личноста се труди да биде послушна и да избегне казна;
- Во вториот стадиум личноста се труди да заслужи награда и преку тоа да го заштити личнниот интерес;
- Во третиот стадиум ученикот настојува да оствари согласност меѓу личностите, да избегне недоразбирање со другите поради нејзиното однесување;
- Во четвртиот стадиум личноста има мотив да биде во ориентација со законот и редот;
- Во петтиот стадиум мотивот на личноста е социјалната спогодба;
- И во последниот шести стадиум, кај ученикот се формира чувство на самодостоинственост, преку ориентацијата кон универзалните етички принципи и низ односот на моралноста. (Kohlberg, 1981)

Стадиумите кои ги дава Колберг се однесуваат на моралното мислење. Според него постои поврзаност помеѓу моралното однесување и моралното мислење, но таа врска е поконзистентна на повисоките нивоа.

# 6. МОРАЛНИ ВРЕДНОСТИ

Поимот вредност претставува мошне широк поим и го среќаваме скоро во сите области од човековиот живот: воспитание и образование, култура, наука, производство, слободно време, трговија итн. Вредноста е својство на она што е вредно, што вреди во материјална, морална и духовна смисла.

Германскиот филозоф Шопенхауер го одредил знаењето и волјата како најзначајни вредности, во таа смисла истакнува: ,,Тоа што се знае има двојна вредност, ако воедно, за тоа што не се знае се признае дека не се знае”.

Со поимот ,,вредности” е тесно поврзан и поимот ,,вредносни ориентации”. Вредносната ориентација претставува индивидуално и групно рангирање на вредностите, при што на една и се придава поголемо значење отколку на другите, а тоа пак влијае на изборот на целите на дејствување и средствата за остварување на тие цели. Вредносните ориентации се важен елемент за личноста во кои се рефлектираат моралните, естетските, политичките, религиските, правните, еколошките и филозофските знаења, перцепции и верувања.

Постојат две спротивставени гледишта по однос на вредностите. Според првото сфаќање вредностите се субјективни и тие претставуваат одраз на емоциите и секоја индивидуа тежнее кон некои вредности, односно не постои критериум за разграничување на пожелните или непожелните. Разликите се неизбежен следбеник на вредностите, а во основа на вредносните ориентации се наоѓа селективноста, заинтересираноста и пожелноста. Спротивно на ова сфаќање е дека за вредностите може да се зборува на објективен начин. Разликата е во то што некои автори тврдат дека тие се објективни по себе (метефизички аргумент), а други дека тие се објективни по тоа што се во меѓудејство, во интеракција на поединецот и групата во утврдување на степенот на нивната објективност. Мерката на согласност во оценка на поединечните вредности покажува искуствена распространетост и прифатеност. (Баракоска, 2016:2,3)

Разликуваме четири основни вредносни ориентации:

- ориентација на активност и личен развој (активизам, самореализација, сознание);
- егоистична организација (власт и моќ, утилитаризам, хедонизам, материјална сигурност);
- алтруистичка ориентација (грижа за другиот);
- колективна ориентација (грижа за општо добро, национални интереси). (Баракоска, 2016:3)

Вредностите претставуваат една од централните концепции во општествените науки и ја играат една од најважните улоги во психологијата, антропологија, социологија и други науки. Вредностите се користат за карактеризирање и опишување на групи, индивидуи и општества, преку нив се објаснува мотивациската основа на однесувањето и ставовите на луѓето, исто така и се согледуваат промените кои се случуваат во текот на времето. (Schwartz, 2012)

Вредностите претставуваат израз на нашата свест за животот, за односите меѓу луѓето и за нашето постапување. Тие се најзначајни поими во големата книга на нашата етика затоа што ги изразуваат нашите сознанија за она што е исправно и важно. Исто така вредностите покажуваат и што одбираме во животот и што ги води нашите желби и намери. Во продолжение ќе наведеме неколку мислења и карактеристики во врска со вредностите кои ги има дадено Дејан Донев:

- Вредностите се определеност за нешто што има позитивен квалитет, што се смета за добро и на што му се дава добра оценка;
- Вредностите се блиски до душата на човекот затоа што ги изразуваат неговите точни чувства и внатрешни согледби. Тие се духовен елемент со којшто човекот ги поттикнува своите сили и ги оправдува своите настојувања. Нивното реализирање го води човекот до етичка доблест. Тие се неговата важна внатрешна димензија, но и широка општествена мера со која тој најдобро ги мери своите достигања, своите духовни и материјални дострели, а во заедницата се оценуваат ориентациите, чекорите и постапките во нејзините рамки;
- Вредностите „*зборуваат за што се застапуваме, кон што сме свртени, што ни се допаѓа и што сакаме да ни се случи, но и што ни е спротивно и за што немаме разбирање и го отфрламе*". Значи, вредноста го изразува духот на

етичката определба на личноста. Во оваа смисла тие се раководно начело во живеењето и во моралот на човекот. Тој живее според вредностите, дејствува според нив, ги планира своите постапки според нив, ги мери своите реализации и ги спроведува делата на другите луѓе. Со тоа се потврдува дека изборот на вредностите е не само етички, туку и животен избор на секого;

- Главна карактеристика на вредноста е нејзиното значење за човекот, затоа што тој е оној кој нив ги избира и ги следи. Од вредностите зависи однесувањето на луѓето и затоа тие бараат „*да бидат почитувани како правило за однесување и образец за моралот*", инсистираат човекот да внимава на нив и да ги следи. (Донев, 2018:86)

Моралните вредности според Спасовски, имаат социјална и експресивна функција.

- Социјалната функција се однесува на заедничките вредности кои ги поседуваат луѓето на одредена група и овозможуваат регулација на однесувањето на групата, заедничко дејствување, превенција од конфликти и сл.;
- Експресивната функција се однесува на манифестирање на вредностите, каде преку нив поединецот им покажува на другите луѓе од средината кој е, што вреднува, што е и кон што се стреми. (Спасовски, 2012)

Од времето на настанокот, па до денес, филозофијата е окупирана со проблемот на вредностите и нивниот однос кон стварноста. Филозофијата уште од самиот почеток, се прашува за тоа каков е онтолошкиот статус кој го имаат тие вредносни поими, односно какво е нивното место во општата структура на стварноста. Таа се прашува и за тоа, како е можна согласност помеѓу луѓето во поглед на вреднувањето на стварите. Филозофијата исто така, обрнува внимание и за тоа дали овие поими припаѓаат на самите ствари, независно од нашето вреднување или тие се само наше именување на стварите, со оглед на одредени цели за чие остварување ни се потребни и надворешните ствари.

Централно место во различни правци на современата филозофија зазема и позиционирањето на овој проблем и неговата важност. Ова најмногу се однесува на неокантовската филозофија, но исто така делумно се однесува и на феноменолошката филозофија, каде дури е направен и обид за севкупноста на филозофијата да се сведе на теоријата на моралние вредности. Овде целината на

морално-етичкиот проблем е изведена врз поставката за клучната положба на поимот на вредностите во разбирањето на овој проблем. Клучниот поим, кој се наоѓа во самата основа на промислувањето на можностите и начините на воспоставување и одржување на човечкиот практичко - морален свет, не е поимот на моралното добро, ниту моралната слобода и должност, туку поимот на моралните вредности.

Моралните вредности се сфатени како посебен облик на вредности кои се однесуваат на поединечниот човек во неговото општо и посебно животно дејствување. Воопшто, човекот може да дејствува, па и морално да дејствува, затоа што на тоа го задвижуваат одредени желби, интереси, барања и мислења. Она, придвижувачкото е одредена претстава или систем од претстави кои ја сочинуваат вредноста. За оваа вредност да биде остварена во непосредното конкретно дејствување, истата мора да добие конкретизиран облик на морален идеал, кој е потребно да се следи во моралното дејствување. (Донев, 2018:87)

Моралните вредности, исто така поврзани се со доблестите, што многу често истиот термин се користи и за вредност и за доблест. Доблеста се однесува на тенденцијата кон конзистентни шеми на чувствување, мислење и дејствување независно од ситуациите. (Schwartz, 2012)

Како позначајни морални вредности кои треба да ги поседуваат и практикуваат луѓето во заедничкото живеење според д-р Кирил Темков се: **толеранција, помош**, **грижа, разбирање и соработка**. Темков дава и кратко објаснување за секоја од наведените морални вредности:

- ***Толеранцијата*** *значи трпеливост, сфаќање дека другите луѓе имаат свои својства и дека се различни од нас, разбирање на разликите меѓу луѓето и непротивење со нив, поднесување туѓо постоење, мислење, верување или погледи. Толерантноста советува да не се употребува насилство и притисок при расправата, застапувањето, проповедувањето и ширењето на своите ставови и при побивањето на туѓите мислења. Грда спротивност е нетолерантноста, кога никого не поднесувам, само се карам, мислам дека само мојот став е правилен и настапувам против секого. Тоа е поврзано со насилство, агресија, зломисла, злосторство. Индијците имаат убав став за толеранцијата. Тој стана познат во целиот свет. Го нарекуваат ахимса - ненасилство, неправење зло ни во мислите, ни со зборови, ни со дела; и ова не е ограничено само кон луѓето, туку се однесува и на животните и на растенијата.*

- ***<u>Помошта</u>*** *значи давање нешто некому, како поддршка и придонес за неговото живеење или работење. Помошта дава поткрепа на луѓето и им ги олеснува задачите и тешкотиите, овозможува согласување меѓу луѓето во добрите намери и соработка во дејствувањето. Затоа помагањето се оценува како благородно дело, кое им е потребно на луѓето и секој човек треба да го прави кога ќе може. На англиски јазик денес се вели – HELP EVER, HURT NEVER (Секогаш помагај, никогаш никого немој да повредуваш!). Тоа е најпознатата современа куса етичка порака.*
- ***<u>Грижата</u>*** *е заинтересираност за состојбата на некого или на нешто, желба да им биде добро, и такво сообразно човечко постапување. Тоа сведочи за нашето искрено чувство за другите луѓе или за некоја работа, а ние ги посветуваме мислите и делата на некоја состојба или луѓе за да се поправат и да им биде добро на сите, а со тоа да ми биде добро и мене. Добро е ако грижливо, со внимание, со заинтересираност, со предаденост ги извршуваме своите задачи.*
- ***<u>Разбирањето</u>*** *е умно размислување и однесување. За заедничкиот живот на луѓето тоа значи меѓусебно добро сфаќање на животот, како и на целите, намерите и постапките на другите, согласување на мнозина за заедничкото живеење. Со разбирањето се постигнува спогодба и меѓусебна доверба, заемна согласност и соработка. Разбран го нарекуваме оној што добро размислува и што ги следи моралните правила.*
- ***<u>Соработката</u>*** *претставува заедничко извршување на работата, помош при работата, особено од колега со кого се делат задачите, работното време и апарати. Со поделбата на работата таа се извршува полесно и се добива подобар успех. Соработувањето овозможува потпирање врз колегите во работата и во животот, што е добро за луѓето.* (Темков, 2010)

Моралните вредности претставуваат едни од најголемите човекови вредности. Тие единствено се присутни само кај човекот, и само тој може да ги оствари. Негативните морални вредности претставуваат најголемо зло, полошо од смрт и болка, додека пак позитивните морални вредности претставуваат жариште на светот. Човекот како живо суштество е одговорно за своите дела, ставови, постапки, за омразата и љубовта, за радоста и тагата, може да биде лош или добар. Значи над

културните постигнувања се издигнува важноста на човекот кој е скромен, чесен, полн со љубов и чист.

## 6.1 Криза на моралот – криза на современото општество

Еден од најголемите проблеми со кои денес се соочуваат општествата е моралната криза. Емпириските докази укажуваат дека детериорацијата на стабилните бракови и семејства е нејзин главен извор, бидејќи децата ги учат моралните вредности главно во рамките на семејството, потпирајќи се врз родителските модели. Кога семејствата се нестабилни, кога родителите се отсутни, емоционално далечни, или преокупирани со проблеми и обврски или кога и самите се неморални, учењето на моралните вредности е мошне отежнато. Авторите предупредуваат дека моралната структура на модерните општества е нарушена. Егоистични, материјалистички интереси го намалуваат чувството на солидарност, а плуралитетот на светските гледишта овозможува уверувањата и етичките стандарди да бидат толку релативизирани, што се јавува можност од губење на личните вредности во животите на луѓето. Меѓутоа, тешко може да се утврди степенот до кој егоистичките, материјалистички вредности директно се конфронтираат со алтруистичките.

**Инглхарт** смета дека вредностите на општеството ја осветлуваат достапноста на изворите за задоволување на човековите потреби. Според него, економските проблеми водат кон изразеност на материјалистичките, додека економската благосостојба води кон јакнење на постматеријалистичките вредности. Сепак, тој не прави јасна разлика меѓу едните и другите, особено што не може соодветно да се опфатат брзите промени на вредностите присутни во многу делови на Блискиот Исток и Азија. Она што е значајно при разгледувањето на влијанието на социјалните фактори врз менувањето на личните вредности, е фактот дека поединецот не ги всприема пасивно социјалните влијанија, туку делумно ги модификува и активно ги избира социјалните фактори. (Фрицханд, Стојаноска, 2017:127)

Според **Кузмановиќ**, криза на вредностите постои и особено ја има зафатено сферата на *вредностите-средства* т.е. моралните вредности, па оттаму може да се зборува и за морална криза. Според овој автор, таа настанува последна, откако претходно ќе се случи економска, а потоа и криза на правниот и политичкиот систем. При анализа на фазите во развојот на кризата на вредности Кузмановиќ зборува за појава која ја нарекува *суспензија на вредностите*. Авторот мисли на моментот кога поединецот забележува дека многумина не се придржуваат до декларираните вредности и кога почнува да сфаќа дека тоа што му е пренесувано како позитивно од страна на семејството и некои од другите агенси на социјализација, во реалноста веќе не функционира и мора да почне да се однесува на сличен начин за да опстане. Според Кузмановиќ поединецот сè уште верува во сопствениот вредносен систем, смета дека се значајни вредности и дека треба да ги оствари и зачува, но станува свесен дека мора да отстапи од нив. Убедувајќи се дека тоа е само привремено, ги остава на страна и почнува да се однесува според некои други принципи - оние на елементарното самоодржување. Оттука, тој може негативно да вреднува некои од средствата, кои во исто време во секојдневниот живот сепак ги применува.

Ваквата појава Кузмановиќ ја нарекува општествена „шизофренија" објаснувајќи дека истата е мошне непријатна за самиот поединец и е еден од факторите кои ја поттикнуваат понатамошната промена и трансформација на вредносниот систем (на пример, средствата кои дотогаш се сметале за неприфатливи сега се сметаат за дозволени, па и пожелни, под изговор дека „сите така прават")

Промовираната нова вредносна хиерархија предизвикува промени во сите суштински аспекти на живеењето. Тоа особено го засега моралниот развој на децата и адолесцентите. Сè почесто истражувањата во кои се вклучени овие возрасни групи соопштуваат податоци за зголемен процент на агресивно и насилно однесување кај сè помлади поединци , за тоа дека младите луѓе живеат во хаос на повеќе нивоа, за опаѓање на компетенциите за морално расудување, за зголемување на индивидуализмот, за зголемениот интерес за наоѓање работа која ќе обезбеди сигурна иднина, на сметка на развивање на животната филозофија која има смисла, во текот на школувањето, за зголемување на нарцисоидноста и за многу други негативни трендови. Ваквите резултати, во одреден степен, се последица од влијанието на насилните структури, култури и актери кои водат до структурно, културно и директно насилство. Оваа состојба го нарушува процесот на

социјализација и го засега оптималниот развој на адолесцентите. Во текот на процесот на индивидуализација и оддалечување од родителскиот авторитет и модел, тие се препуштени на модели промовирани од медиумите, врсниците и општеството во целина, кои честопати се насилни и негативни. Ваквите влијанија се манифестираат во менувањето на вредносната хиерархија од аспект на претпочитаните вредности, во претпочитаниот стил на живеење, во верувањата, ставовите, во сè поголемата насоченост кон себе, во нетрпеливоста, отуѓеноста итн. (Фрицханд, Стојаноска, 2017:126-129)

Веќе поголем временски период во нашава држава постои криза во моралот. Доаѓа до губење на моралот, односно неморал во општеството, неморал владее во општествените групи, кај одредени поединци, и кај луѓето помеѓу себе. Денес ги немаме основните елементи на сигурен и развиен морал како важни општествени сили. Попрецизно кажано, за жал кај нас нема морални норми, и може да се прави се она што во претходниот период е недопустливо и подложено на јавна граѓанска одбивање и осуда, како што се: злоупотреба на службена должност, кражби, политичка трговија, лажење, мито и корупција, пукање и убиства на улици, купување на разни дипломи, закани, организиран криминал, отворено насилство, манипулација, непотизам, трговија со луѓе, недозволени средства, појава на лажни херои, дроги и разни наркотици, бајачи, гатачи и сл.

Во ситуации на морална криза посебна улога во моралниот развој на личноста има образованието. Наставниците се најповикани да придонесат во моралната изградба на личноста. Нив во никој случај не треба да ги обесхрабри вредносното и моралното талкање на младината. Напротив, треба да ги стимулира да вложат поголем труд за да ја развијат љубовта на учениците кон правилното, доброто, посакуваното и исправното. Образованието не смее да се сведе само на стекнување нови знаења и искуства, туку и на воспитување и социјализација на поединците. Во рамките на наставата треба да се поттикнуваат оние вредности кои носат просперитет и на индивидуален и на општествен план, како што се: почит, чесност, трудољубивост, работливост, одговорност, принципиелност, навременост, правичност, толеранција. Истовремено, треба да се осудат и обесхрабрат сите активности и дејанија кои не одат во склад со моралот. (Фрицханд, Стојаноска, 2017:130,131)

Според напред изнесеното можеме да кажеме дека кризата на моралот кај нас постои и е на високо ниво, затоа треба да се вложи многу труд, потребна е и

соработка меѓу воспитно-образовните институции и сите општествени фактори кои можат да придонесат да се изградат личности со високи морални вредности, личности кои ќе се однесуваат во согласност со моралните норми и правила на добро општествено правилно однесување.

## 7. ПОСТАВЕНОСТА НА ЕТИЧКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО УЧИЛИШТАТА ОД ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ

Воспитанието е процес кој започнува со нашето раѓање и трае во текот на целиот живот, но организираното општествено живеење подразбира и организиран систем на воспитание и образование. Основно во воспитанието е градењето на личноста преку стекнување на вредности. Денешното воспитание и образование се сведува на информираност, а не на вредности. Човекот во текот на целокупниот живот прифаќа и гради вредности, стекнува знаења, развива вештини и способности и на тој начин се интегрира во општеството – се социјализира.

Прашањата за етичките критериуми на човековото однесување како и расправата за тоа што е морално се појавува во зачетокот на цивилизацијата и било приоритет за голем број филозофи, мислители и едукатори кои настојувале своите идеи да ги пренесат и споделат со учениците, владите и општеството. Историјата зборува за релевантноста и патиштата на етичкото влијание. Уште во 2000 година пред нашата ера индиската мисла од Далечниот исток била поврзана со етичките вредности и доблести. И покрај тоа што нивното значење варирало, тие ја задржале својата карактеристика духовното совршенство на овој свет се постигнува со негување и облагодарување на доблеста. Конфучие, уште во 500 година пред нашата ера го поставил својот живот на изучување на моралните и етичките кодови на Далечниот Исток. Етиката постои за луѓето да постапуваат правилно. Таа никако не е празна дискусија околу правилата на дејствување и живеење, туку вистинска

животна потреба и реалност, вистинско практично дејствување. Затоа не може да се замисли поблагородно место од училиштето. (Серафимовска, 2009: 74)

Моралното воспитание долг временски период во нашата педагошка практика било поставено како принцип. Моралното воспитание се реализирало преку изучување на содржини од областа на моралот застапени во наставните предмети кои се изучување во воспитно-образовниот систем. Ваквата поставеност на моралното воспитание не покажало позитивни резултати, поради тоа се воведувале промени за неговата поставеност.

Од 1952 до 1955 година во СФРЈ бил воведен посебен наставен предмет од подрачјето на моралот, под наслов ,,Општествено - морално воспитание”. Преку воведување на овој наставен предмет моралното воспитание почнало да се реализира како посебен наставен предмет, а не како принцип. Овој наставен предмет бил воведен во сите видови на училишта. Како главна цел на овој предмет била: кај учениците да се развиваат културни навики и да се воспитуваат особините на социјалистички човек. Преку наставата по општествено и морално воспитание кај учениците се развиваат моралните особини: самостојност, вистинољубивост, борбесност, пожртвуваност, самокритичност и други. Во 1955 година наставниот предмет Општествено и морално воспитание бил укинат. Причини за укинување на овој наставен предмет се: лоша реализација, неподготвеност на наставниците и училиштата, употребување на неадекватни техники и методи, недоволна сериозност од страна на наставниците и друго. (Brkic, 1985:114-116)

Во 1959 година се вовел нов наставен предмет во основно воспитание и образование за моралното воспитание под наслов „Основи на социјалистичкиот морал” кои исто така бил укинат по три годишна работа.

Од овој период па наваму моралното воспитание во воспитно-образовниот систем се реализира како принцип. Промена на оваа состојба на моралното воспитание се забележува со воведувањето на Етиката како наставен предмет.

Целта на етичкото образование е да ги упати младите во суштината и механизмот на етичкото одлучување и да помогне тие да се изградат во самосвесни и способни личности за такво одлучување. Светската организација за образование, наука и култура УНЕСКО бара од државите членки да воведат етичко образование. Тоа се спроведува во развиените земји во светот. Освен неразвиените и авторитарните земји, каде што не се разбира потребата за етичко осамостојување на единката и не се сака нивна автономност, нема земја во која на некој начин, во некој

клас не е воведено етичко образование. Етиката е шанса луѓето да се замислат и да се освестат, да се ангажираат во пронаоѓањето најдобри патишта и норми за успешно запирање на деструкцијата, на која се подложени и Земјата и луѓето. За тоа служи етичкото образование - младите генерации да се подготват за големите обврски, во кои должноста да се биде човек сериозен и добродетелен е основна животна задача на секое човечно суштество. (Темков, 2004:20)

Етиката како задолжителен наставен предмет во основно воспитание и образование во нашата земја се воведе од 1 септември 2010 година, за ученици од седмо одделение. Целта на воведувањето на овој наставен предмет е учениците уште од дванаесет години да се запознаат со важноста и значењето на етиката и моралот во животот на човекот и да ги откриваат и почитуваат етичките односи меѓу луѓето и да развиваат вештини за толеранција, дијалог, почитување и соработка со другите. Неделниот фонд на часови на задолжителниот предмет Етика изнесува еден час неделно. Односно 36 часа во текот на една учебна година.

Исто така од 1 септември 2010 години се воведува и изборниот предмет Етика во религиите. Овој изборен предмет го изучуваат учениците од шесто одделение. Наставниот предмет Етика во религиите е со 2 часа неделен фонд, односно 72 часа во текот на една учебна година. Целта на вој изборен предмет е: учениците од основно воспитание и образование да се запознаат со основите на етиката на православното христијанство, етиката на исламот, јудизмот и етика на католичко и евангелското – методистичко учење.

Христијанското поимање на образованието пред се значи „формирање на образот Божји во човекот”, развивање, градење и развој на личноста, но и стекнување на знаење. Академското образованието не е гаранција дека ќе се изградиме во личности со етички вредности и морални принципи. Етиката во религиите првенствено дава можност за морално и духовно воспитување и образование.

Катихизацијата е процес кој во текот на целата историјата ја следи црквата и ако некогаш било незамисливо некој да може да влезе во црква без никакво знаење или процес на катихизација, денес искуството и реалната состојба ни сведочи дека значителен процент од нашите верници, немаат основни познавања за Христијанството, или во најдобар случај имаат основни познавања.

Наставниците по Етика во религиите во училиштата имаат додатна нијанса на мисионерска дејност. Децата во училиштата не се целосно посветени на верата, нив

треба верата да ги заинтересира, за разлика од парохискиот катихизам, каде се работи со луѓе кои се определени за верата. Во училиштата, акцентот е ставен на мисионерската дејност, а во парохиите во воведување во тајната на Црквата. (Миленков, 2018)

## 7.1 Анализа на наставните програми по предметите Етика и Етика во религиите

Основното воспитание и образование во Република Северна Македонија својата идејна и правна основа ја црпи од Уставот и легислативната рамка на Република Северна Македонија. Покрај следењето на современите тенденции основното образование се темели и на богатството и разновидноста на националното културно наследство, на принципите на транспарентноста, конкурентност, компатибилност и препознатливост.

Основното воспитание и образование не треба да биде само подготовка на децата за средно училиште туку треба да им овозможи и: развој на личност која може да преземе индивидуална, семејна и граѓанска одговорност, развој на култура на живеење, воспитание и образование кое ги почитува и развива индивидуалните интереси и потреби на личноста, развој на подготвеност и свест за доживотно образование и сл.

Наставните предмети Етика и Етика во религиите се изучуваат во основно воспитание и образование. Задача на нашето истражување е да се испита концептот на поставеноста на етичкото образование како и функцијата и значењето на наставните предмети Етика и Етика во религиите како наставни предмети во формирање на моралните особини кај учениците од основно воспитание и образование.

Ќе извршиме анализа на наставните програми по Етика и Етика во религиите која ќе ни овозможи да добиеме целосен увид на поставеноста на двата предмета во основното воспитание и образование.

Наставниот предмет ***Етика*** има статус на задолжителен наставен предмет кој се изучува во VII одделение. Неделниот фонд  за часови за предметот изнесува по 1 час неделно. Односно 36 часа во текот на една учебна година.

Со изучувањето на наставниот предмет  учениците се запознаат со важноста и значењето на етиката и моралот во животот на човекот, универзалните етички вредности, како и да ги откриваат и почитуваат хуманите односи меѓу луѓето.

Преку наставата по предметот Етика учениците почнуваат да развиваат вештини за толеранција, дијалог, почитување и соработка со другите.

Како главни цели кои треба да ги поседува ученикот во изучувањето на Етиката се:

- да се запознаат со важноста и значењето на етиката и моралот во животот на човекот;
- да ги откриваат и почитуваат етичките односи меѓу луѓето;
- да се запознаваат со универзалните етички вредности;
- да се запознаваат и да го прифаќа бонтонот во современото општество;
- да развиваат вештини за толеранција, дијалог, почитување и соработка со другите.

Етиката како задолжителен наставен предмет кој учениците го изучувааат во VII одделение се реализира преку 3 тематски целини, предвидени во наставните содржини. Во продолжение ќе се задржиме на содржините и целите кои треба да се реализираат преку секоја од нив.

I. **Етиката и моралот** (12 часа) – во оваа целина содржините се однесуваат на запознавањето на етиката и моралот; значењето на моралот во животот и однесувањето на секој човек; запознавање со првите основни етички пораки од првиот македонски етичар св. Климент Охридски.

II. **Универзални етички вредности** (12 часа) – содржините се однесуваат на усвојување на знаење за Етиката во целиот свет; запознавање со основните вредности на човекот: чесност, вистина, праведност;  Универзалната етика; Етика на здравјето, екологијата и информатиката.

III. **Добро однесување** (12 часа) – во последнава тематска содржина учениците треба да се запознаат со: добро однесување; однесување во семејството; однесување во училиште; однесување меѓу другарите; добро однесување во јавноста; добро однесување кон другите луѓе. (https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2018/02/Nastavna_programa-Etika-VII_odd-mkd.pdf

Наставниот предмет ***Етика во религиите*** е застапен во наставниот план во групата на изборни предмети во VI одделение со 2 часа неделно, односно 72 часа во текот на една учебна година. Учениците кои се определуваат да го изучуваат овој предмет во согласност со своите родители може да усвојат знаења од етиката што се темелат на православното христијанство, исламот, јудаизмот, католичкото и евангелско-методистичкото учење, да ги развиваат способностите за морално расудување и да се поттикнуваат да ги почитуваат хуманите односи меѓу луѓето.

Како главни цели кои треба да ги поседува ученикот во изучувањето на Етика во религиите се :

- да се запознава со етиката како наука за доброто и моралот;
- да се запознава со основите на етика на православното христијанство, етика на исламот, етика на јудаизмот и етика на католичкото и евангелско-методистичкото учење;
- да ги познава основните етички поими на религиите;
- да усвојува основни знаења од: Библијата, Куранот, Талмудот и начините на нивното читање и разбирање;
- да сознава дека религијата ги поучува луѓето да го прифаќаат и почитуваат хуманото однесување меѓу луѓето;
- да ги запознава и почитува различните религии на граѓаните во македонското општество;
- да развива вештини за толеранција, дијалог, почитување и соработка со другите.

Етика на религиите како изборен наставен предмет кој учениците го изучуваат во VI одделение се реализира преку 3 тематски целини, предвидени во наставните содржини:

I. **Етиката како наука за доброто и моралот** (10 часа) – овде учениците се запознаваат што е и кое е значењето на етиката и моралот; доброто како највисока етичка вредност;

II. **Етика во религиите** (20 часа) - содржината се однесува на запознавање на заеднички етички принципи на религиските учење; теориските основи на: православното христијанство, исламот, јудаизмот, католичкото и евангелско-методистичкото учење; етичката заснованост на: православното христијанство, исламот, јудаизмот, католичкото и евангелско-методистичкото учење; основи на: православниот христијански морал, исламскиот морал, моралот на јудаизмот, католичкиот-христијански морал и евангелско-методистичкото морал;

III. **Етиката во православното христијанство, исламот, јудаизмот, католичкото и евангелско - методистичкото учење** (42 часа) – изборен дел на наставниот предмет.(https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2018/02/Nastavnaprograma-Etikavoreligiite-VIodd.pdf

Од прикажаното се забележува дека во наставните предмети Етика и Етика во религиите без разлика што едниот е задолжителен наставен предмет, а другиот изборен наставен предмет се користат најразлични интерактивни техники (презентации, разговори, пишување есеи, дебати, читање текстови и други) преку кои учениците се поттикнуваат и стекнуваат трајни знаења кои непрекинато ќе ги унапредуваат и применуваат.

Тематските целини и содржини кои се предвидени во наставната програма по наставниот предмет Етика се слични со содржините и целините во наставната програма по наставниот предмет Етика во религиите. Во наставните програми на двата наставни предмети постојат доволен број на содржини преку кои учениците од основно воспитание и образование ќе се запознаат со моралните особини и вредности.

Но исто така, постојат и разлики меѓу содржините и целите по однос на Етиката како задолжителен предмет и Етика на религиите како изборен предмет. Во наставниот предмет Етика се изучуваат повеќе општи содржини за моралот, доброто однесување и универзалните етички вредности. Додека пак, во изборниот наставен

предмет Етика на религиите се изучуваат содржини кои се однесуваат на запознавање на заеднички етички принципи за религиските учења.

Преку оваа анализа може да заклучиме дека во двете наставни програми се предвидени голем број на наставни содржини преку кои учениците можат да се запознаат со основните морални особини и вредности. Но, според мое мислење поголем придонес во функција на формирање на моралните особини и вредности кај учениците има наставниот предмет Етика.

## *ВТОР ДЕЛ*

## МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ

# 1. ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Предмет на ова истражување е да се испита концептот на поставеноста на етичкото образование како и функцијата и значењето на наставните предмети Етика и Етика во религиите во формирање на моралните особини и вредности кај учениците од основно воспитание и образование.

Оправданоста од истражувањето на оваа проблематика ја согледуваме најпрво во фактот што наставниот предмет Етика е задолжителен наставен предмет кој се изучува во VII одделение како и наставниот предмет Етика во религиите кој е изборен наставен предмет и кој се изучува во VI одделение. Овие два наставни предмети со различен изборен статус најнепосредно се одразуваат на остварувањето на моралното воспитание и образование кај децата и младите.

Истражувањето се фокусираше на три значајни истражувачки прашања:

- Каков е концептот на поставеноста на етичкото образование во основното деветгодишно воспитание и образование.
- Дали учениците од основно воспитание и образование ги познаваат моралните особини и вредности?
- Кои морални особини и вредности учениците највисоко ги вреднуваат?

# 2. ЦЕЛ И КАРАКТЕР НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Од предметот произлегува целта на истражувањето. Како основна и најзначајна **цел** на ова истражување е да се дојде до одредени сознанија за поставеноста на наставните предмети Етика и Етика во религиите, и колку содржините по предметите Етика и Етика во религиите придонесуваат во формирањето на моралните особини кај учениците од основно воспитание и образование.

Ова истражување според својот карактер е:

- **Индивидуално истражување** (поеднинечно), спроведено од поединец-истражувач.
- **Емпириско истражување**, затоа што се доаѓа до сознанија по пат на собирање на податоци.
- **Дескриптивно истражување**, преку кое се запознавме со степенот на познавање на моралните особини и колку се вреднувани од страна на учениците од основно воспитание и образование.
- **Интердисциплинарно истражување**, моралните особини на учениците ги проучуваме од различни научни дисциплини: педагогија, филозофија, психологија.
- И како последна и доста значајна постапка која се применува во ова истражување е **ex-post facto** постапка, преку која се увида колку учениците од основно воспитание и образование имаат познавања за основните морални особини и вредности.

# 3. ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Во согласност со дефинираната цел на истражувањето, ќе ги поставиме и следниве **задачи:**

- да се испита значењето на моралот и моралното воспитание за учениците од основното воспитание и образование;
- да се испита концепциската поставеност на етичкото образование во основно деветгодишно воспитание и образование;
- да се испита колку учениците од основно воспитание и образование се запознаени со важноста и значењето на етиката и моралот во животот на човекот;
- да се изврши анализа на содржината на наставниот план и програма за основно училиште по предметите Етика и Етика во религиите;
- да се испитаат учениците од основно воспитание и образование колку ги познаваат моралните особини;
- да се испита како учениците ги вреднуваат моралните особини;
- да се испитаат мислењата и ставовите на учениците од основно воспитание и образование колку изучувањето на Етиката и Етика во религиите им помогнало во запознавањето со моралот и моралните вредности;
- да се испитаат мислењата и ставовите на учениците од основно воспитание и образование колку изучувањето на Етика и Етика во религиите им помогнало во вреднувањето на моралните особини;
- да се испитаат ставовите на наставници, колку Етика и Етика во религиите им помага на учениците во градењето на една морална здрава личност.

# 4. ХИПОТЕЗИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Хипотезите се во релација со предметот, целта и задачите на истражувањето.

- **Општа хипотеза:**

- Концепциската поставеност на наставните предмети Етика и Етика во религиите позитивно влијаат во формирањето на морални особини и вредности кај учениците во основно воспитание и образование.

- **Посебни хипотези:**

- Наставниците сметаат дека Етиката како наставен предмет е значајна во формирањето на моралните особини на учениците во основното воспитание и образование;
- Учениците доволно ги познаваат моралните особини и вредности;
- Учениците сметаат дека изучувањето на наставните предмети Етика и Етика во религиите им помогнало во запознавањето со моралните вредности;
- Учениците сметаат дека изучувањето на наставните предмети Етика и Етика во религиите им помага во вреднувањето на моралните вредности;
- Реализацијата на моралното воспитание преку посебни наставни предмети и како принцип дава поголем придонес во формирањето на позитивните морални особини и вредности кај учениците од основно воспитание и образование.

# 5. ВАРИЈАБЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

- **Зависни варијабли:**

- моралнии особини на учениците;
- ставови на наставници;
- мислења на учениците;
- познавање на морални вредности;
- вреднување на морални вредности.

- **Независни варијабли:**

- содржината по предметите Етика и Етика во религиите за основно воспитание и образование.

# 6. МЕТОДИ, ТЕХНИКИ И ИНСТРУМЕНТИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Во ова истражување е застапен еден од најважните методи – **дескриптивниот метод** – опис, анализа и генерализација каде што преку него се доаѓа до преглед на состојбата по однос на концепциската поставеност на етичкото образование во основните училишта. Овој метод исто така се користи и за: анализа на содржината на Етика и Етика во религиите како наставни предмети во основно воспитание и образование. За одредувањето на степенот на познавање на моралните особини кај учениците од основно воспитание и образование и вреднувањето на моралните особини беше спроведено тестирање.

Во истражувањето беа користени и техниките на: анкетирање, скалирање и рангирање.

Исто така во истражувањето беа користени следниве инструменти:

- анкетен лист за наставници;
- батерија на инструменти за ученици.

**Анкетен лист за наставници** – преку кој се испитуваат мислењата и ставовите на наставниците за значењето на предметите Етика и Етика во религиите во моралното формирање на учениците. Прашањата се од комбиниран, затворен и отворен тип.

**Батерија на инструменти** – наменета за ученици од основно воспитание и образование кои ги изучуваат предметите Етика и Етика во религиите. Претставува адаптација на инструмент користен во истражувањето *„Моралните квалитети на нашите ученици"* (Vukasovic, 1977).

- Тест на знаење – е првиот дел од батеријата на инструменти. Со тестот на знаење ги испитуваме учениците од основно воспитание и образование колку ги познаваат моралните особини. Тестот има 20 прашања поврзани со избрани 20 морални особини кои се доста значајни за секоја морално изградена личност. Прашањата се од затворен тип со понудени одговори, од кои само еден е точен. Секој точен одговор се бодува со 1 поен, а неточните со 0 поени.

- Скала на рангови – е вториот дел од батеријата на инструменти. Целта на овој дел е да се испита колку учениците од основно воспитание и образование ги вреднуваат моралните особини. Од понудените 20 морални особини треба да одберат 5 за кои сметаат дека се најважни. Вреднувајќи ги со бодови од 1 до 5. Каде што 1 е највисоко , 5 е најниско.

- Анкетен лист – е третиот дел од батеријата на инструменти. Преку анкетниот лист се испитуваат мислењата и ставовите на учениците од основно воспитание и образование за предметите Етика и Етика во религиите. Прашањата се од затворен и отворен тип.

# 7. ПОПУЛАЦИЈА И ПРИМЕРОК

Во ова истражување се опфатени популациони категории на ученици и наставници од основни училишта.

Во истражувањето е застапен едноставен случаен примерок.

Вклучени се ученици и наставници од три основни училишта од град Скопје.

***Табела 2*. Структура на примерокот ученици и наставници по училишта**

| **Училишта** | **Наставници** | **Ученици** |
|---|---|---|
| Кузман Шапкарев | 50 | 80 |
| Климент Охридски | 50 | 80 |
| Рајко Жинзифоф | 50 | 80 |
| **Вкупно** | **150** | **240** |

# 8. СТАТИСТИЧКА ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИ

Квантитативното истражување помина низ четири фази: прибирање на податоци, групирање и прикажување на податоците, обработка, анализа и интерпретација на добиените резултати.

Секој добиен податок во ова истражување е обработен во компјутерската програма Excel , каде што со нејзина помош се пресметани и добиени фреквенција, процент и распон на варијација. Сите добиени резултати се прикажани процентуално, графички и бројчано.

# 9. ОРГАНИЗАЦИЈА И ТЕК НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Истражувањето се реализираше во текот на месеците февруари и март, во учебната 2018/2019 година.

Инструментите беа анонимни, со цел да се обезбеди поголема објективност.

Истражувањето се спроведуваше на часовите на одделенскиот раководител.

## *ТРЕТ ДЕЛ*

## АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

# 1. ОБРАБОТКА И АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Анализата и интерпретацијата на добиените резултати од истражувањето е извршено соодветно со поставените хипотези и задачи по следниов редослед:

- Проучување за поставеноста на наставните предмети Етика и Етика во религиите;
- Анализа на содржините по задолжителниот предмет Етика, според наставната програма;
- Анализа на содржините по изборниот предмет Етика во религиите, според наставната програма;
- Мислења и ставови на наставниците за значењето на Етиката и Етика во религиите за моралното формирање на учениците;
- Познавање на моралните особини;
- Мислења и ставови на учениците за значењето на Етиката и Етика во религии за познавање на моралните особини и вредности;
- Мислења и ставови на учениците за значењето на Етиката и Етика во религиите за вреднување на моралните особини и вредности;
- Споредба на познавање и вреднување на моралните особини и вредности.

## 1.1 Резултати од анкетниот лист наменет за наставници

Анкетниот лист кој е наменет за наставници од основно воспитание и образование имаше за задача да ги испита мислењата и ставовите на наставниците за тоа колку задолжителниот наставен предмет Етика и изборниот наставен предмет Етика во религиите им помагаат на учениците во моралното формирање.

Мислењата и ставовите на наставниците ги испитавме преку различни прашања кои се поврзани со таа тема, а се однесуваат на: Етиката и Етика во религии како наставни предмети – која е нивната цел, каков статус треба да имаат двата наставни предмети, дали воопшто треба да се изучуваат овие предмети во основно воспитание и образование, колку Етика и Етика во религии им помага на учениците во основно воспитание и образование во вреднувањето и запознавањето на моралните особини и вредности, општо за моралното воспитание за неговото значење во воспитанието на личноста итн.

Прашањата во анкетните листови се јасно поставени и недвосмислени и се во согласност со поставените хипотези. Во анкетата беа вклучени 150 наставници од три основни училишта во Скопје. Анкетниот прашалник се состои од 13 прашања од комбиниран, отворен и затворен тип.

На почетокот на анкетниот лист наставниците требаше да одговорат на четири општи прашања како што се: пол, национална припадност, образование кое го поседуваат и работно искуство.

## 1.2 Обработка на општи податоци на наставниците

Според полот, застапена е следнава структура на испитаници:

***Табела 3*. Структура на испитаници според полот.**

| **Пол** | **Фреквенција(f)** | **Процент (%)** |
|---|---|---|
| Машки | 26 | 17.33% |
| Женски | 124 | 82.67% |
| **Вкупно** | 150 | 100% |

Прашалникот го имаат пополнето 150 наставници. Од табела 3 може да забележиме дека прашалникот го имаат пополенто 26 наставници од машки пол, и 124 наставници од женски пол. Преку ова може да забележиме дека постои голема разлика по однос на полот, во овие три училишта каде е извршено истражувањето.

***Табела 4.* Структура на испитаници според националност.**

| **Националност** | **Фреквенција (f)** | **Процент (%)** |
|---|---|---|
| Македонец | 147 | 98% |
| Албанец | / | / |
| Друго | 3 | 2% |
| **Вкупно** | 150 | 100% |

Во истражувањето беа застапени три националности, 147 испитаници се Македонци, 3 испитаници спаѓаат под групата на други националности, а под групата на Албанци нема ниту еден испитаник. Преку ова може да забележиме дека во трите училишта кои се истражувани најголем процент односно 98% има наставници од македонска националност.

***Табела 5.*** **Структура на испитаници според образование.**

| **Образование** | **Фреквенција(f)** | **Процент (%)** |
|---|---|---|
| Високо | 142 | 94.67% |
| Магистратура | 6 | 4% |
| Докторат | 2 | 1.33% |
| **Вкупно** | 150 | 100% |

Според образованието кое го поседуваат најголем процент од анкетираните наставници имаат високо образование 94.67%, магистаратура имаат завршено 4%, а докторат 1.33%.

***Табела 6.*** **Структура на испитаници според работното искуство.**

| **Работно искуство** | **Фреквенција(f)** | **Процент (%)** |
|---|---|---|
| До 10 години | 41 | 27,33% |
| Од 10 до 20 години | 51 | 34% |
| Над 20 години | 58 | 38,67% |
| **Вкупно** | 150 | 100% |

Од табела 6 може да забележиме дека најмал дел односно 41 од анкетираните наставници имаат до 10 години работно искуство, 51 наставник има од 10 до 20 години работно искуство, и 58 наставници имаат над 20 години работно искуство, што претставува и најголем дел од анкетираните.

## *Прашање 1*. Кој наставен предмет го предавате?

*Табела 7*. **Структура на испитаници според тоа кој наставен предмет го предаваат.**

| **Наставен предмет** | **Фреквенција (f)** | **Процент (%)** |
|---|---|---|
| Македонски јазик | 14 | 9.33% |
| Математика | 14 | 9.33% |
| Англиски јазик | 12 | 8% |
| Германски јазик | 12 | 8% |
| Француски јазик | 12 | 8% |
| Етика | 10 | 6.67% |
| Биологија | 9 | 6% |
| Физика | 8 | 5.33% |
| Хемија | 8 | 5.33% |
| Историја | 9 | 6% |
| Етика во религии | 6 | 4% |
| Музичко образование | 8 | 5.33% |
| Ликовно образование | 9 | 6% |
| Физичко и здравствено образование | 10 | 6.67 |
| Географија | 9 | 6% |
| **Вкупно** | 150 | 100% |

Според горенаведеното може да забележиме дека во ова истражување се вкулучени наставници кои ги предаваат следниве наставни предмети: македонски јазик, математика, англиски јазик, германски јазик, француски јазик, етика, биологија, физика, хемија, историја, етика во религии, музичко образование, ликовно образование, физичко и здравствено образование и географија. Од сите наведени предмети најголем број наставници кои ги имаме анкетирано се по македонски јазик и математика, а најмал број на наставници кои ги имаме опфатено го предаваат предметот Етика во религии.

***Табела 8.*** **Одговори на прашање бр. 2: Значењето на моралното воспитание како дел од вкупното воспитание на личноста е:**

| **Категории на тврдења** | **Фреквенција(f)** | **Процент (%)** |
|---|---|---|
| Исклучително важно воспитно подрачје | 122 | 81.33% |
| Еднакво важно како и останатите воспитни подрачја | 27 | 18% |
| Не многу важно воспитно подрачје | 1 | 0.67% |
| **Вкупно** | 150 | 100% |




**Графикон 1. Прашање бр. 2**

Најголем процент 81.33% од анкетираните наставници, на прашањето под реден број 2, моралното воспитание го определиле како исклучително важно воспитно подрачје, 18% од анкетираните наставници одговориле дека моралното воспитание е еднакво важно воспитно подрачје како и останатите воспитни подрачја, додека пак 0.67% односно само еден наставник смета дека моралното воспитание не е многу важно воспитно подрачје.

Преку добиениот резултат можеме да заклучиме дека моралното воспитание според наставниците кои ги имаме анкетирано претставува исклучително важно воспитно подрачје и има важна улога во воспитанието на една личност. Еден ученик ќе биде целосно изграден доколку поседува морални, телесни, работни, интелектуални и естетски квалитети.

***Табела 9*. Одговори на прашање бр. 3: Моралното воспитание треба да се реализира преку:**

| **Категории на тврдења** | **Фреквенција(f)** | **Процент (%)** |
|---|---|---|
| Преку посебен наставен предмет | 70 | 46,67% |
| Како принцип | 10 | 6,66% |
| Преку посебен наставен предмет и принцип | 70 | 46,67% |
| **Вкупно** | 150 | 100% |




**Графикон 2. Прашање бр. 3**

Од горенаведените прикажани резултати се воочуваат мислењата на наставниците дека моралното воспитание претставува доста важно воспитно подрачје. Според резултатите кои ги имаме добиено со истражувањето забележуваме дека еднакви се мислењата на наставниците во врска со тоа како ќе се реализира моралното воспитание. 46,67% од наставниците имаат одговорено дека моралното воспитание треба да се реализира како посебен наставен предмет, исто толку 46,67% од наставниците одговориле дека моралното воспитание треба да се реализира преку посебен наставен предмет и принцип. Додека пак, многу помал процент 6,66% од наставниците имаат одговорено дека моралното воспитание треба да се реализира како принцип.

***<u>Табела 10.</u>*** **Одговори на прашање бр. 4: Дали сметате дека е потребно изучувањето на Етиката како задолжителен наставен предмет во основно воспитание и образование?**

| **Категогории на одговори** | **Фреквенција (f)** | **Процент (%)** |
|---|---|---|
| Да | 93 | 62% |
| Не | 57 | 38% |
| **Вкупно** | 150 | 100% |




**<u>Графикон 3.</u> Прашање бр. 4**

Според приложените резултати кои можеме да ги воочиме во дадената табела и графикон, поголем процент односно 62% од наставниците сметаат дека не е потребно изучување на Етиката како задолжителен наставен предмет во основно воспитание и одбразование, додека пак само 38% од наставниците се изјасните дека Етиката треба да се изучува како задолжителен наставен предмет во основно воспитание и образование.

*Табела 11.* **Одговори на прашање бр. 5: Според вашето мислење, која треба да биде целта на наставниот предмет Етика?**

| **Категории на одговори** | **Фреквенција (f)** | **Процент(%)** |
|---|---|---|
| Запознавање со етичките учења и теории | 46 | 30,66% |
| Вреднување на однесувањето и моралните особини на луѓето од околината | 25 | 16,67% |
| Запознавање со значењето на моралот во човековиот живот | 79 | 52,67% |
| **Вкупно** | 150 | 100% |




**Графикон 4. Прашање бр.5**

Во наставната програма за основно воспитание и образование се определува дека целта на Етиката како наставен предмет е да се запознаат учениците со важноста и значењето на етиката и моралот во животот на човекот, да ги откриваат и почитуваат етичките односи меѓу луѓето, ученикот да развива вештини за толеранција, дијалог, почитување и соработка со другите ученици, но исто така ученикот да се запознае со универзалните етички вредности.

Според добиените резултати, од испитаните наставници само 30,66% ја определиле целта на наставата по етика исто како во настваната програма, додека пак најголен процент 52,67% од наставниците сметаат дека целта на етиката како наставен предмет во основно воспитание и образование е запознавање со значењето на моралот во човековиот живот. Останатиот процент 16,67% според наставниците целта на етиката е вреднување на однесувањето и моралните особини на луѓето од

околината. Одговорите кои што ги имаат дадено наставниците најверојатно произлегуваат од нивните лични сфаќања за тоа што треба да биде цел на етиката.

Во овој анкетен лист имаат учествувано 150 наставици, од нив 10 наставници го предаваат предметот Етика. Шест наставници кои го предаваат наставниот предмет Етика имаат одговорено дека според нив целта на етиката треба да биде запознавање на етичките учења и теории, додека пак четворица наставници имаат одговорено дека целта на етиката како наставен предмет во основно воспитание и образование треба да биде запознавање со значењето на моралот во човековиот живот.

***Табела 12.*** **Одговори на прашање бр. 6: Дали сметате дека е потребно изучувањето на Етика во религии како изборен наставен предмет во основно воспитание и образование?**

| **Категории на одговори** | **Фреквенција (f)** | **Процент (%)** |
|---|---|---|
| Да | 55 | 36.67% |
| Не | 95 | 63.33% |
| **Вкупно** | 150 | 100% |




**Графикон 5.** **Прашање бр. 6**

Разлики во мислења помеѓу наставниците постојат во врска со тоа дали наставниот предмет Етика во религиите треба да се изучува како изборен наставен предмет од основно воспитание и образование.

Поголениот дел односно 95 наставници сметаат дека не е потребно изучувањето на Етика во религии како изборен наставен предмет во основно воспитание и образование, додека пак останатиот дел од анкетираните наставници 45 сметаат дека е потребно изучувањето на Етика во религии како изборен предмет во основно воспитание и образование.

***Табела 13.*** **Одговори на прашање бр. 7: Која треба да биде целта на наставниот предмет Етика во религиите?**

| **Категории на одговори** | **Фреквенција (f)** | **Процент(%)** |
|---|---|---|
| Запознавање со основните етички поими во религијата | 90 | 60% |
| Запознавање со значењето на моралот | 20 | 13,33% |
| Да развива вештини за толеранција, дијалог, почитување и соработка со други | 40 | 26,67% |
| **Вкупно** | 150 | 100% |




**Графикон 6. Прашање бр.7**

Според добиените резултати од анкетните листови 60% од наставниците сметаат дека целта на наставниот предмет Етика во релиите треба да биде запознавање со основните етички поими во религијата, 26.67% од наставниците сметаат дека целта е да се развива вештини за толеранција, дијалог, почитување и соработа со другите, додека пак останатиот и најмал процент 13,33% од добиените одговори на наставниците целта на наставниот предмет Етика во религиите треба да биде запознавање со значењето на моралот.

Додека пак, во наставната програма се определува дека целта на изборниот наставен предмет Етика во религиите е да ги запознае учениците со основите на етиката на православното христијанство, етиката на исламот, католичкото учење, етиката на јудизмот и етика на евангелско – методистичкото учење.

***Табела 14.*** **Одговори на прашање бр.8: Колку сметате дека предметите Етика и Етика во религиите им помагаат на учениците во запознавањето на моралните особини?**

| **Категории на одговори** | **Фреквенција (f)** | **Процент (%)** |
|---|---|---|
| Многу | 124 | 82,67% |
| Малку | 26 | 17,33% |
| Воопшто не помага | 0 | 0 |
| **Вкупно** | 150 | 100% |




**Графикон 7. Прашање бр.8**

Ниту еден од наставниците не одговориле дека наставните предмети Етика и Етика во религиите **воопшто не** им помагаат на учениците во запознавањето на моралните особини, 26 наставници од анкетираните одговориле дека **малку** помагаат предметите Етика и Етика во религиите во запознавањето на моралните особини, додека пак најголем број на наставници одговориле дека наставните предмети Етика и Етика во религиите **многу** помагаат во формирањето на моралните особини кај учениците.

***<u>Табела 15.</u>*** **Одговори на прашање бр.9: Колку сметате дека предметите Етика и Етика на религиите им помага на учениците во вреднувањето на моралните особини?**

| **Категории на одговори** | **Фреквенција (f)** | **Процент (%)** |
|---|---|---|
| Многу | 102 | 68% |
| Малку | 32 | 21,33% |
| Воопшто не помага | 16 | 10,67% |
| **Вкупно** | 150 | 100% |




**<u>Графикон 8.</u> Прашање бр.9**

Според добиените резултати 68% од анкетираните наставници се определиле за тврдењето дека наставните предмети Етика и Етика на религиите многу им помага на учениците во вреднувањето на моралните особини и вредности. Според

наставниот кадар, преку запознавањето со моралот и моралните принципи учениците учат како да се однесуваат, како ќе ги вреднуваат моралните особини и вредности, кои од принципите ќе ги почитуваат а кои не, етички да се однесуваат во одредена ситуација и сл.

❖ Во продолжение ќе наведеме некои образложенија за ова прашање:

- „Преку одредени дискусии кои ги водиме во текот на часовите, учениците се запознаваат со вредностите на злото и доброто како морални вредности”.
- „Преку изучените содржини ученикот се однесува правилно и правилно го развива интелектуалниот потенцијал”.
- „Одредени ученици го проценуваат однесувањето на соучениците, па дури и во одредени ситуации влијаат позитивно врз нив”.

Од анкетираните наставници 21,33% сметаат дека наставните предмети Етика и Етика во религиите малку им помагаат на учениците во вреднувањето на моралните особини и вредности на учениците.

Додека пак 10,67% од наставниците сметаат дека воопшто не помагаат наставните предмети Етика и Етика во религии во вреднувањето на моралните особини и вредности на учениците.

***Табела 16.*** **Одговор на прашање бр. 10: Дали во вашето досегашно искуство сте забележале разлика помеѓу ученици кои го изучуваат и оние кои не го изучуваат предметот Етика, во однос на нивното морално воспитание?**

| **Категории на одговори** | **Фреквенција (f)** | **Процент (%)** |
|---|---|---|
| Да | 31 | 20,67% |
| Не | 119 | 79,33% |
| **Вкупно** | 150 | 100% |




**Графикон 9. Прашање бр.10**

Поголен број односно 119 анкетирани наставници одговориле дека во нивното досегашно искуство не забележале разлика помеѓу ученици кои го изучуваат наставниот предмет Етика и оние ученици кои не го изучуваат наставниот предмет Етика, во однос на нивното морално воспитане.

Само 31 испитаник од анкетираните наставници одговориле дека забележале разлики во ученици кои го изучуваат и оние ученици кои не го изучуваат предметот Етика во однос на нивното морално воспитание.

- Ќе наведеме неколку примери кои ги имаат дадено наставниците кои забележале разлики кај учениците:
  - „Учениците се одговорни, искрени и внимателни"
  - „Се однесуваат попријатно за разлика од останатите ученици"
  - „Имаат коректен однос и почит спрема возрасните".

***<u>Табела 17.</u>*** **Одговор на прашање бр.11: Дали сметате дека наставниот предмет Етика во религиите треба да го изучуваат сите ученици?**

| **Категории на одговори** | **Фреквенција (f)** | **Процент (%)** |
|---|---|---|
| Да | 46 | 30,67% |
| Не | 104 | 69,33% |
| **Вкупно** | 150 | 100% |




**<u>Графикон 10.</u> Прашање бр.11**

Преку горенаведените резултати може да забележиме дека 31,67% од анкетираните наствници сметаат дека наставниот предмет Етика во религиите треба да го изучуваат сите ученици, додека пак 69,33% од анкетираните наставници сметаат дека не треба сите ученици да го изучуваат наставниот предмет Етика во религиите.

***Табела17.*** **Одговор на прашање бр. 12: Според ваше мислење дали постојат доволен број содржини во наставните програми на останатите предмети од наставниот план на основно воспитание и образование преку кои може да се влијае врз моралното формирање на личноста на учениците?**

| **Категории на одговори** | **Фреквенција (f)** | **Процент (%)** |
|---|---|---|
| Да, постојат доволен број на содржини | 30 | 20% |
| Има содржини, но не се доволно | 46 | 31% |
| Нема доволно содржини | 74 | 49% |
| **Вкупно** | 150 | 100% |




**Графикон 11.** **Прашање бр.12**

Најголем процент 49% од анкетираните наставници одговориле дека нема доволен број на содржини во останатите предмети од наставниот план, 31% од наставниците одговориле има содржини, но не се доволно, и најмал процент односно 20% од анкетираните одговориле дека постојат доволен број на содржини во наставните програми на останатите предмети од наставниот план на основно воспитание и образование преку кои може да се влијае врз моралното формирање на личноста на учениците.

***<u>Прашање 13.</u>*** **Според ваше мислење наведете кои други наставни предмети најмногу можат да дадат придонес по однос на моралното воспитание и формирањето на моралните особини кај учениците од основно воспитание и образование?**

Ова прашање од инструментите за наставници беше од отворен тип. Голем број од анкетираните наставници ова прашање воопшто го немаа одговорено. Оние наставници кои имаа одговорено ги имаа наведено следниве предметите: историја, македонски јазик, музичко образование, ликовно образование, географија, биологија.

# 2. РЕЗУЛТАТИ ОД БАТЕРИЈА НА ИНСТРУМЕНТИ ШТО БЕШЕ НАМЕНЕТ ЗА УЧЕНИЦИТЕ

Батеријата на инструменти се состои од 3 дела. Преку неа сакавме да испитаме колку учениците ги познаваат и вреднуваат моралните особини, какви се нивните мислења и ставови за значењето на наставните предмети Етика и Етика во религиите по однос на формирање на моралот и моралните особини на учениците.

Мислењата и ставовите на учениците ги испитавме преку најразлични прашања кои се поврзани со оваа тема.

Во батеријата на инструменти беа вклучени 240 ученици од три основни училишта во Скопје. На почетокот од батеријата на инструментите учениците требаше да одговорат на две општи прашања: пол и национална припадност. Прашањата кои се застапени во батеријата на инструменти се недвосмислени и јасно поставени и се во согласност со поставената хипотеза. Како што кажавме погоре батеријата на инструменти се состои од три дела:

- Тест на знаење – првиот дел од батерија на инструменти. Преку тестот на знаење ги испитавме учениците од основно воспитание и образование колку ги познаваат моралните особини. Тестот се состоеше од 20 прашања поврзани со избраните 20 морални особини. Прашањата кои беа дадени се од затворен тип со понудени одговори, од кои само еден е точен.
- Скала на рангови – вториот дел од батерија на инструменти. Целта во вториот дел беше да се испита колку учениците ги вреднуваат моралните особини. Од понудените 20 морални особини секој ученик поединечно треба да одбере 5 кои според негово мислење најмногу ги вреднува. Вреднувањето се вршеше нумерички од 1 до 5 каде што под бројот 1 се пишува највисоко вреднувана морална особини, а под бројот 5 најниско вреднувана морална особини.
- Анкетен лист - третиот дел од батерија на инструменти. Во анкетниот лист прашањата се од затворен и отворен тип. Преку него ги испитуваме ставовите и мислењата на учениците од основно воспитание и образование за предметите Етика и Етика во религиите.

## 2.1. Обработка на општи податоци на учениците

Прашалникот го имаат пополнето 240 ученици. Од долунаведената табела може да забележиме дека прашалникот го имаат пополнето 115 ученици од машки пол, и 125 ученици од женски пол.

***Табела 18.*** **Структура на испитаници според полот**

| **Пол** | **Фреквенција (f)** | **Процент (%)** |
|---|---|---|
| Машки | 115 | 47.92% |
| Женски | 125 | 52.08% |
| **Вкупно** | 240 | 100% |

Според националност, застапена е следнава група на испитаници:

***Табела 19.*** **Структура на испитаници според националност**

| **Националност** | **Фреквенција (f)** | **Процент (%)** |
|---|---|---|
| Македонец | 236 | 98.33% |
| Албанец | 1 | 0.42% |
| Друго | 3 | 1.25% |
| **Вкупно** | 240 | 100% |

Од табела 19 може да забележиме дека 236 од анкетирани ученици се Македонци, 1 ученик Албанец и 3 ученици од други националности. Преку овие резултати кои што ги имаме добиено од истражувањето може да забележиме дека најголем процент (98,33%) на ученици во овие три училишта кои ги имаме анкетирано се од македонска национална припадност.

## 2.2. Анализа на резултатите од познавање на моралните особини кај учениците

Во табела 20 прикажани се збирните резултати кои ги постигнале учениците. Во табелата е прикажано колку учениците ја познаваат секоја морална особина одделно. Резултатите се прижани нумерички и процентуално.

***Табела 20.*** **Збирни резултати на познавање на моралните особини кај учениците**

| Морална особина | Точно | Процент (%) | Неточно | Процент (%) |
|---|---|---|---|---|
| Совесност | 201 | 83.75% | 39 | 16.25% |
| Емпатија | 190 | 79.17% | 50 | 20.83% |
| Трпеливост | 222 | 92.5% | 18 | 7.5% |
| Толерантност | 211 | 87.92% | 29 | 12.08% |
| Праведност | 164 | 68.33% | 76 | 31.67% |
| Оптимизам | 213 | 88.75% | 27 | 11.25% |
| Хуманост | 209 | 87.08% | 31 | 12.92% |
| Пожртвуваност | 222 | 92.5% | 18 | 7.5% |
| Доследност | 173 | 72.08% | 67 | 27.92% |
| Вистинољубивост | 227 | 94.58% | 13 | 5.42% |
| Патриотизам | 198 | 82.5% | 42 | 17.5% |
| Самокритичност | 203 | 84.58% | 37 | 15.42% |
| Верност | 224 | 93.33% | 16 | 6.67% |
| Одговорност | 160 | 66.67% | 80 | 33.33% |
| Умереност | 196 | 81.67% | 44 | 18.33% |
| Другарство | 214 | 89.17% | 26 | 10.83% |
| Самостојност | 200 | 83.33% | 40 | 16.67% |
| Одлучност | 206 | 85.33% | 34 | 14.17% |
| Достоинственост | 219 | 91.75% | 21 | 8.75% |
| Разумност | 205 | 85.42% | 35 | 14.58% |
| **Вкупно** | **4057** | **84.52%** | **743** | **15.48%** |

Од горе прикажаните резултати може да забележиме дека за секоја морална особина одделно учениците дале над 50% точни одговори. Од вкупно 4800 одговори, учениците одговориле точно на 4057 (84,52%) прашања, а неточно одговори на 743

(15,48%) прашања. Преку овој број на точно одговорени прашања може да заклучиме дека учениците доволно ги познаваат испитаните морални особини.

За да може да извршиме подетална анализа на  резултати, ќе прикажеме на кои особини учениците дале точни одговори, односно кои најмногу ги познаваат, и на кои особини дале најмалку точни одговори или кои морални особини учениците најмалку ги познаваат.

***Табела 21.*** **Ранг листа на познавање на моралните особини**

| Ранг | Морална особина | Фреквенција (f) | Процент(%) |
|---|---|---|---|
| 1. | Вистинољубивост | 227 | 94,58% |
| 2. | Верност | 224 | 93,33% |
| 3. | Трпеливост | 222 | 92,50% |
| 4. | Пожртвуваност | 222 | 92,50% |
| 5. | Достоинственост | 219 | 91,75% |
| 6. | Другарство | 214 | 89,17% |
| 7. | Оптимизам | 213 | 88,75% |
| 8. | Толерантност | 211 | 87,92% |
| 9. | Хуманост | 209 | 87,08% |
| 10. | Одлучност | 206 | 85,33% |
| 11. | Разумност | 205 | 85,42% |
| 12. | Самокритичност | 203 | 84,58% |
| 13. | Совесност | 201 | 83,75% |
| 14. | Самостојност | 200 | 83,33% |
| 15. | Патриотизам | 198 | 82,50% |
| 16. | Умереност | 196 | 81,67% |
| 17. | Емпатија | 190 | 79,17% |
| 18. | Доследност | 173 | 72,08% |
| 19. | Праведност | 164 | 68,33% |
| 20. | Одговорност | 160 | 66,67% |

Преку ранг листата прикажана погоре  можеме да забележиме дека учениците од основно воспитание и образование најмногу ја познаваат моралната особина вистинољубивост. На оваа особина имаат одговорено точно 94.58% од вкупниот број на ученици. На второ место на ранг листата е моралната особина верност за која точно одговориле 93,33% од учениците. Потоа моралните особини трпеливост и пожртвуваност со ист процент  92.50% имаат одговорено точно учениците. Потоа

следат: достоинственост (91,75%), другарство (89,17%), оптимизам (88,75%), толерантност (87,92%), хуманост (87,08%), одлучност (85,33%), разумност (85,42%), самокритичност (84,58%), совесност (83,75%), самостојност (83,33%), патриотизам (82,5%), умереност (81,67%), емпатија (79,17%), доследност (72,08%), праведност (68,33%), одговорност (66,67%).

При анализирање на добиените резултати може да забележиме дека моралните особини кои учениците најмногу ги познаваат многу почесто се застапени во секојдневниот живот, па поради тоа на учениците им се поблиски и попознати. Како најпознати морални особини кои ги имаме добиено преку истражувањето се: вистинољубивост, верност, трпеливост, пожртвуваност, достоинственост, другарство.

Преку наставата во воспитно-образовниот процес учениците многу повеќе ги запознаваат моралните особини, доколку тие се заинтересирани и мотивирани да разговараат и размислуваат за своите но и за моралните особини на другите луѓе и преку тоа да изградат соодветен однос спрема нив.

Исто така, преку анализата на резултатите кои ги имаме добиено големо внимание треба да се обрне и на оние морални особини на кои учениците од основно воспитание и образование одговориле неточно, за да се утврди кои морални особини учениците најмалкку ги познаваат.

***Табела 22.*** **Ранг листа на неточни одговори**

| Ранг | Морална особина | Фреквенција (f) | Процент (%) |
|---|---|---|---|
| 1. | Одговорност | 80 | 33,33% |
| .2. | Праведност | 76 | 31,67% |
| 3. | Доследност | 67 | 27,92% |
| 4. | Емпатија | 50 | 20,83% |
| 5. | Умереност | 44 | 18,33% |
| 6. | Патриотизам | 42 | 17,50% |
| 7. | Самостојност | 40 | 16,67% |
| 8. | Совесност | 39 | 16,25% |
| 9. | Самокритичност | 37 | 15,42% |
| 10. | Разумност | 35 | 14,58% |
| 11. | Одлучност | 34 | 14,17% |
| 12. | Хуманост | 31 | 12,92% |
| 13. | Толерантност | 29 | 12,08% |
| 14. | Оптимизам | 27 | 11,25% |
| 15. | Другарство | 26 | 10,83% |
| 16. | Достоинственост | 21 | 8,75% |
| 17. | Трпеливост | 18 | 7,50% |
| 18. | Пожртвуваност | 18 | 7,50% |
| 19. | Верност | 16 | 6,67% |
| 20. | Вистинољубивост | 13 | 5,42% |

Моралната особина одговорност е прва на ранг листата на неточни одговори со 33,33% кои учениците од основно воспитание и образование најмалку ја познаваат. Второто место на ранг листата го зазема моралната особина праведност со 31,67% неточни одговори. Следна по редослед е особината доследност со 27,92% неточни одговори. Четврто место го зазема особината емпатија со 20,83%. 18,33% од учениците неточно одговориле на моралната особина умереност. Шесторангирана особина е патриотизмот со 17,50% неточни одговори. Потоа по редослед следат сведниве морални особини: самостојност 16,67%, совесност 16,25%, самокритичност 15,42%, разумност 14,58%, одлучност 14,17%, хуманост 12,92%, толерантност 12,08%, оптимизам 11,25%, другарство 10,83%, достоинственост 8,75%, моралните особини трпеливост и пожртвуваност имаат ист процент на неточни одговори 7,50%, верност 6,67% и како последна и со најмалку неточни одговори е моралната особина вистинољубивост со 5,42%.

Преку добиените резултати во тебала 22 распонот на варијација изнесува 67 и ја покажува разликата помеѓу прворангираната моралнa особина и помеѓу последната морална особина во случајов помеѓу одговорност и вистинољубивост.

Од прикажаните добиени резултати може да се увиди дека учениците од основно воспитание и образование доволно ги познаваат моралните особини кои што се наведени. За да се намали процентот на неточни одговори или непознавање на моралните особини во воспитно-образовниот систем преку наставата по Етика, Етика во религиите и другите наставни предмети потребно е да се предвидат и воведат нови задачи и содржини кои ќе придонесат во формирањето на здрави и одговорни личности.

Преку анализата на резултатите од познавање на моралните особини кај учениците од основно воспитание и образование може да се заклучи дека најмногу ги познаваат моралните особини: вистинољуивост, верност, пожртвуваност, трпеливости достоинственост, а најмалку ги познаваат моралните особини: одговорност, праведност, доследност, емпатија и умереност.

## 2.3. Анализа на резултетите од вреднување на моралните особини

За да можеме да утврдиме како учениците од основно воспитание и образование ги вреднуваат моралните особини беше користен вториот дел од Батерија на инструменти.

Во овој дел учениците имаа за задача од понудените 20 морални особини да одберат 5 кои според нивно мислење ги сметаат дека се најважни и да ги вреднуваат со вредности од 1 до 5, каде што под бројот 1 се пишува највисоко вреднуваната морална особина, а под бројот 5 се пишува најниско вреднувана морална особина.

Во табела 23 во продолжение ќе ја прикажеме анализата на збирната ранг листа на вреднувани морални особини. Во неа се прикажани фреквенциите на сите морални особини. Тие фреквенции покажуваат колку пати била одбрана една

морална особини меѓу петте најважни особини, односно колку и како била вреднувана во секоја вредност.

***Табела 23.*** **Збирна ранг листа на вреднувани морални особини**

| | **Морална особина** | **f Ранг 1** | **f Ранг 2** | **f Ранг 3** | **f Ранг 4** | **f Ранг 5** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Верност | 18 | 34 | 12 | 34 | 36 | 134 |
| **2.** | Оптимизам | 12 | 35 | 24 | 18 | 33 | 122 |
| **3.** | Другарство | 18 | 28 | 26 | 20 | 28 | 120 |
| **4.** | Хуманост | 14 | 17 | 30 | 24 | 34 | 119 |
| **5.** | Одговорност | 28 | 22 | 14 | 22 | 9 | 95 |
| **6.** | Разумност | 20 | 14 | 28 | 10 | 18 | 90 |
| **7.** | Праведност | 16 | 18 | 16 | 14 | 8 | 72 |
| **8.** | Совесност | 10 | 20 | 8 | 18 | 11 | 67 |
| **9.** | Толерантност | 22 | 8 | 14 | 12 | 4 | 60 |
| **10.** | Достоинственост | 14 | 6 | 4 | 8 | 16 | 48 |
| **11.** | Самостојност | 16 | 10 | 4 | 10 | 2 | 42 |
| **12.** | Трпеливост | 4 | 3 | 8 | 10 | 9 | 34 |
| **13.** | Умереност | 4 | 0 | 12 | 8 | 10 | 34 |
| **14.** | Патриотизам | 8 | 2 | 10 | 2 | 8 | 30 |
| **15.** | Одлучност | 12 | 2 | 8 | 2 | 4 | 28 |
| **16.** | Самокритичност | 4 | 8 | 8 | 4 | 2 | 26 |
| **17.** | Вистинољубивост | 6 | 4 | 6 | 8 | 2 | 26 |
| **18.** | Доследност | 6 | 5 | 2 | 8 | 2 | 23 |
| **19.** | Емпатија | 4 | 4 | 4 | 8 | 2 | 22 |
| **20.** | Пожртвуваност | 4 | 0 | 2 | 0 | 2 | 8 |
| | **Вкупно** | **240** | **240** | **240** | **240** | **240** | **1200** |

Најчесто вреднувана морална особина кај учениците од основно воспитание и образование е верноста. Таа е вреднувана дури 134 пати. Следна по редослед е моралната особина оптимизам која учениците ја имаа вреднувано 122 пати. Третото место го зазема моралната особина другарство кое е вреднувано 120 пати. Потоа следат: хуманост - 119, одговорност - 95, разумност - 90, праведност - 72, совесност - 67, толерантност – 60, достоинственост – 48, самостојност – 42, моралните особини трпелвост и умереност се вреднувани рамномерно по 34 пати, патриотизам - 30, одлучност – 28, самокритичност и вистинољубивост исто така се еднакво

вреднувани по 26 пати, доследност – 23, емпатија – 22, и како последна и најмалку вреднувана морална особина е пожртвуваноста – 8 пати.

Од добиените резултати од вреднувањето на моралните особини распонот на варијација између најчесто вреднуваната и најретко вреднуваната морална особина изнесува 126. Преку овој распон на варијација може да забележиме дека постои многу голема разлика меѓу најчесто вреднуваната морална особина – верност и најретко вреднуваната морална особина – пожртвуваност. Ова ни укажува дека во воспитно-образовниот процес треба да се обрне поголемо внимание на оние морални особини кои се наоѓаат во вториот дел од табелата 23.

Од сите морални особини нема ниту една особина која воопшто учениците од основно воспитание и образование не ја вреднувале. Преку ова може да увидиме дека секој ученик е различен од другите, има различен живот на живеење, различен круг на пријатели врз основа на тоа формира свој начин на вреднување на моралните особини.

За подетално да може да се испита вреднувањето на моралните особини кај учениците од основно воспитание и образование во продолжение ќе ги наведеме поединечно резултатите според ранговите почнувајќи со првите 5 ранга како што и ни беше наведено во батеријата на инструменти.

***<u>Табела 24</u>*. Ранг листа на морални особини вреднувани со вредност 1**

| | **Морална особина** | **f** |
|---|---|---|
| **1.** | Одговорност | 28 |
| **2.** | Толерантност | 22 |
| **3.** | Разумност | 20 |
| **4.** | Верност | 18 |
| **5.** | Другарство | 18 |
| **6.** | Праведност | 16 |
| **7.** | Самостојност | 16 |
| **8.** | Хуманост | 14 |
| **9.** | Достоинственост | 14 |
| **10.** | Оптимизам | 12 |
| **11.** | Одлучност | 12 |
| **12.** | Совесност | 10 |
| **13.** | Патриотизам | 8 |
| **14.** | Вистинољубивост | 6 |
| **15.** | Доследност | 6 |
| **16.** | Трпеливост | 4 |
| **17.** | Умереност | 4 |
| **18.** | Самокритичност | 4 |
| **19.** | Емпатија | 4 |
| **20.** | Пожртвуваност | 4 |
| | **Вкупно** | 240 |

На ранг листата на морални особини вреднувани со вредност 1 највисоко е рангирана моралната особина одговорност која ја имаат вреднувано 28 ученици. На второ место се наоѓа моралната особина толерантност – 22 ученици. Потоа во првата половина на табелата се: разумност - 20, верност и другарство – 18, праведност и самостојност – 16, хуманост и достоинственост – 14. Десеттото и единаесетто место од ранг листата го заземаат моралните особини оптимизам и одлучност овие две

особини ги имаат вреднувано по 12 ученици, потоа следат: патриотизам – 8, вистинољубивост и доследност – 6, трпеливост, умереност, самокритичност, емпатија и пожртвуваност по 4 ученици.

***Табела 25.*** **Ранг листа на морални особини вреднувани со вредност 2**

| | **Морална особина** | **f** |
|---|---|---|
| **1.** | Оптимизам | 35 |
| **2.** | Верност | 34 |
| **3.** | Другарство | 28 |
| **4.** | Одговорност | 22 |
| **5.** | Совесност | 20 |
| **6.** | Праведност | 18 |
| **7.** | Хуманост | 17 |
| **8.** | Разумност | 14 |
| **9.** | Самостојност | 10 |
| **10.** | Толерантност | 8 |
| **11.** | Самокритичност | 8 |
| **12.** | Достоинственост | 6 |
| **13.** | Доследност | 5 |
| **14.** | Вистинољубивост | 4 |
| **15.** | Емпатија | 4 |
| **16.** | Трпеливост | 3 |
| **17.** | Патриотизам | 2 |
| **18.** | Одлучност | 2 |
| **19.** | Умереност | 0 |
| **20.** | Пожртвуваност | 0 |
| | **Вкупно** | 240 |

На оваа ранг листа на прво место е моралната особина оптимизам вреднувано со вредност 2 од 35 ученици, после неа второто место на ранг листата го зазема моралната особина верност – 34 ученици, потоа редоследно следат: другарство, одговорност, совесност, праведност, хуманост, разумност, самостојност, толерантност, самокритичност, достоинственост, доследност, вистинољубивост, емпатија, трпеливост, патриотизам, одлучност.

Само моралните особини умереност и пожртвуваност ниту еднаш не се вреднувани со вредност 2.

***Табела 26*. Ранг листа на морални особини вреднувани со вредност 3**

| | **Морална особина** | **f** |
|---|---|---|
| **1.** | Хуманост | 30 |
| **2.** | Разумност | 28 |
| **3.** | Другарство | 26 |
| **4.** | Оптимизам | 24 |
| **5.** | Праведност | 16 |
| **6.** | Одговорност | 14 |
| **7.** | Толерантност | 14 |
| **8.** | Верност | 12 |
| **9.** | Умереност | 12 |
| **10.** | Патриотизам | 10 |
| **11.** | Совесност | 8 |
| **12.** | Трпеливост | 8 |
| **13.** | Одлучност | 8 |
| **14.** | Самокритичност | 8 |
| **15.** | Вистинољубивост | 6 |
| **16.** | Достоинственост | 4 |
| **17.** | Самостојност | 4 |
| **18.** | Емпатија | 4 |
| **19.** | Доследност | 2 |
| **20.** | Пожртвуваност | 2 |
| | **Вкупно** | 240 |

Во табела 26 може да забележиме дека на прво место вреднувана со вредност 3 е моралната особина хуманост дури 30 пати. Редоследно после неа следат: разумност – 28, другарство – 26, оптимизам – 24, праведност – 16, одговорност и толерантност по 14, верност и умереност по 12, патриотизам - 10, совесност, трпеливост, одлучност, самокритичност по 8, вистинољубивост – 6, достоинственост, самостојност и емпатија по 4, доследност и пожртвуваност по 2 ученика.

***Табела 27*. Ранг листа на морални особини вреднувани со вредност 4**

| | **Морална особина** | **f** |
|---|---|---|
| **1.** | Верност | 34 |
| **2.** | Хуманост | 24 |
| **3.** | Одговорност | 22 |
| **4.** | Другарство | 20 |
| **5.** | Оптимизам | 18 |
| **6.** | Совесност | 18 |
| **7.** | Праведност | 14 |
| **8.** | Толерантност | 12 |
| **9.** | Разумност | 10 |
| **10.** | Самостојност | 10 |
| **11.** | Трпеливост | 10 |
| **12.** | Достоинственост | 8 |
| **13.** | Умереност | 8 |
| **14.** | Вистинољубивост | 8 |
| **15.** | Доследност | 8 |
| **16.** | Емпатија | 8 |
| **17.** | Самокритичност | 4 |
| **18.** | Патриотизам | 2 |
| **19.** | Одлучност | 2 |
| **20.** | Пожртвуваност | 0 |
| | **Вкупно** | 240 |

Како и во претходните вреднувани ранг листи така и во ранг листата вреднувана со вредност 4 моралната особина верност се наоѓа на првиот дел од табелата, оваа особина со вредност 4 ја вреднуваат 34 ученици. Оваа ранг листа продолжува со следниве морални особини: хуманост, одговорност, другарство, оптимизам, совесност, праведност, толерантност, разумност, самостојност, трпеливост, достоинственост, умереност, вистинољубивост, доследност, емпатија, самокритичност, патриотизам, одлучност.

Моралната особина пожртвуваност како што во ранг листата со вредност 2 така и во оваа ранг листа не е ниту еднаш вреднувана.

***Табела 28.*** **Ранг листа на морални особини вреднувани со вредност 5**

| | **Морална особина** | **f** |
|---|---|---|
| **1.** | Верност | 36 |
| **2.** | Хуманост | 34 |
| **3.** | Оптимизам | 33 |
| **4.** | Другарство | 28 |
| **5.** | Разумност | 18 |
| **6.** | Достоинственост | 16 |
| **7.** | Совесност | 11 |
| **8.** | Умереност | 10 |
| **9.** | Одговорност | 9 |
| **10.** | Трпеливост | 9 |
| **11.** | Патриотизам | 8 |
| **12.** | Праведност | 8 |
| **13.** | Толерантност | 4 |
| **14.** | Одлучност | 4 |
| **15.** | Самостојност | 2 |
| **16.** | Самокритичност | 2 |
| **17.** | Вистинољубивост | 2 |
| **18.** | Доследност | 2 |
| **19.** | Емпатија | 2 |
| **20.** | Пожртвуваност | 2 |
| | **Вкупно** | 240 |

И во последната ранг листа на морални особини вреднувани со вредност 5 може да забележиме дека меѓу првите морални особини не се разликуваат од претходно првовреднуваните морални особини. Најмногу вреднувана морална особина со вредност 5 е верност. На второ место се наоѓа моралната особина хуманост, потоа следат: оптимизам, другарство, разумност, достоинственост, совесност, умереност, одговорност, трпеливост, патриотизам, праведност, толерантност, одлучност.

На последните 5 места од табела 28 се моралните особини: самостојност, самокритичност, вистинољубивост, доследност, емпатија и пожртвуваност кои се вреднувани со вредност 5 секоја од нив по два ученика.

Од прикажаните резултати можеме да забележиме дека на сите ранг листи без разлика на вредноста меѓу првите места се наоѓаат моралните особини: одговорност, верност, другарство, оптимизам и разумност. Причина за ваквото рангирање на моралните особини кај учениците од основно воспитание и образование би ја истакнала влијанието на средината во која живеат учениците и возраста на учениците.

Како најмалку вреднувани морални особини како што можевме да забележиме во горенаведените тебели се моралните особини: пожртвуваност, емпатија и одлучност. Каде што пожртвуваноста како морална особина во одредени вреднување воопшто учениците не ја ни вреднуваат како битна морална особина.

Во табела 29 ќе ги споредиме реултатите од познавањето и вреднувањето на моралните особини, оваа споредба ќе ја извршиме преку споредување на збирните резултати од вреднувањето на моралните особини со резултатите кои што ги имаме добиено во ранг листата на познавање на моралните особини.

***Табела 29.*** **Споредба на ранг листа на познавање на морални особини со збирна ранг листа на вреднување на морални особини кај учениците од основно воспитание и образование**

| **Морална особина** | **Место на ранг листата на познавање на морални особини** | **Место на збирната ранг листа на вреднувани морални особини** |
|---|---|---|
| Вистинољубивост | 1 | 17 |
| Верност | 2 | 1 |
| Трпеливост | 3 | 12 |
| Пожртвуваност | 4 | 20 |
| Достоинственост | 5 | 10 |
| Другарство | 6 | 3 |
| Оптимизам | 7 | 2 |
| Толерантност | 8 | 9 |
| Хуманост | 9 | 4 |
| Одлучност | 10 | 15 |
| Разумност | 11 | 6 |
| Самокритичност | 12 | 16 |
| Самосвест | 13 | 8 |
| Самостојност | 14 | 11 |
| Патриотизам | 15 | 14 |
| Умереност | 16 | 13 |
| Емпатија | 17 | 19 |
| Доследност | 18 | 18 |
| Праведност | 19 | 7 |
| Одговорност | 20 | 5 |

Моралната особина вистинољубивост се наоѓа на прво место на ранг листата на познавање на моралните особини, додека пак во збирната ранг листа на вреднување на моралните особини се наоѓа на 17то место, што претставува голема разлика во вреднување и познавање на оваа морална особина. На второ место во ранг листата на познавање на моралните особини се наоѓа особината верност, додека пак според вреднувањето се наоѓа на прво место, преку ова може да заклучиме дека учениците од основно воспитание и образование ја познаваат моралната особина верност и правилно ја вреднуваат. Третото место на ранг листата на познавање на моралните особни го зазема моралната особина трпеливост, а 12-то место во ранг листата на вреднувани морални особини.

Во проделжение ќе ги споредиме последните места на ранг листата на познавање на моралните особини. На последно место се наоѓа моралната особина одговорност, а во збирната листа на вреднувани морални особини се наоѓа на петото место. Праведноста која е рангирана на деветнаесто место на познавање на моралните особини, е седма на листата на вреднувани.

Моралната особина доследност е единствена морална особина која во табелата за споредба на познавање и вреднување на моралните особини се наоѓа на истото место на двете страни на рангирање.

Од извршената споредба на познавање и вреднување на моралните особини во табела 29 може да заклучиме дека учениците од основно воспитание и образование доволно добро ги познаваат моралните особини, но според тоа колку ги познаваат недоволно ги вреднуваат. Постои голема разлика кај голем број на морални особини кои се меѓу првите места на ранг листата на познавање, а истите тие особини се наоѓаат меѓу последните места во збирната ранг листа на вреднување. Потребно е збогатување на наставните содржини кои се користат во воспитно-образовниот систем, не само по предметите Етика и Етика во религиите туку и по останатите наставни предмети. Преку тие ново воведени наставни содржини ќе се придонесе учениците од основно воспитание и образование подобро да ги познаваат и правилно да ги вреднуваат моралните особини.

## 2.4. Анализа на резултати од мислењата и ставовите на учениците за предметите Етика и Етика во религиите

Третиот и последен дел од батерија на инструменти е структуиран во форма на анкетен лист. Преку анкетниот лист се испитуваат мислењата и ставовите на учениците во врска со предметите Етика и Етика во религиите.

Анкетниот лист се состоеше од пет прашања од отворен и затворен тип.

***Табела 30.*** **Одговори на прашање бр.1: Изучувањето на предметите Етика и Етика во религиите помагаат во запознавањето на моралните особини и вредности кај учениците**

| **Категории на одговори** | **Фреквенција (f)** | **Процент (%)** |
|---|---|---|
| Многу | 166 | 69.17% |
| Малку | 61 | 25.42% |
| Воопшто не помага | 13 | 5.41% |
| **Вкупно** | 240 | 100% |




**Графикон 12. Прашање бр. 1**

Од прикажаните резултати можеме да заклучиме дека најголен процент (69.17%) од учениците од основно воспитание и образование сметаат дека

изучувањето на предметите Етика и Етика во религиите многу им помогнало во запознавањето на моралните особини и вредности. 25,42% од анкетираните ученици одговориле дека малку им помогнале. А пак, 5.41% одговориле дека воопшто не им помогнале предметите Етика и Етика во религиите во запознавањето на моралните особини и вредности.

***Табела 31.*** **Одговори на прашање бр. 2: Со изучувањето на предметите Етика и Етика во религиите учениците прават разлика помеѓу доброто и лошото:**

| Категории на одговори | Фреквенција (f) | Процент (%) |
|---|---|---|
| Многу | 191 | 79.59% |
| Малку | 49 | 20.41% |
| **Вкупно** | 240 | 100% |




**Графикон 13. Прашање бр.2**

Од вкупно 240 анкетирани ученици 191 сметаат дека наставните предмети Етика и Етика во религиите многу им помогнале во правењето разлика помеѓу доброто и лошото, а само 49 сметаат дека малку им помогнале овие два наставни предмети.

Преку овој резултат кој што го добивме може да заклучиме дека наставните предмети Етика и Етика во религиите имаат многу придонесено во запознавањето

на моралните особини, поради што сега  учениците моралните особини ги познаваат подобро и прават разлика помеѓу доброто и лошото.

***Табела 32.*** **Одговори на прашање бр.3: Со изучувањето на предметите Етика и Етика во религиите, учениците ги препознаваат и вреднуваат моралните особини кај луѓето?**

| **Категории на одговори** | **Фреквенција (f)** | **Процент (%)** |
|---|---|---|
| Се согласувам | 173 | 72.08% |
| Делумно се согласувам | 57 | 23.75% |
| Воопшто не се согласувам | 10 | 4.17% |
| **Вкупно** | 240 | 100% |




**Графикон 14. Прашање бр. 3**

Според прикажаните резултати најголем дел од учениците 72,08% се согласуваат дека со изучувањето на предметите Етика и Етика во религиите се препознаваат и вреднуваат моралните особини кај луѓето. Делумно се согласуваат 23,75% од анкетираните ученици. И само 4,17% воопшто не се согласуваат дека преку изучување на овие два наставни предмети ќе се препознаваат и вреднуваат моралните особини кај луѓето.

***Табела 33.*** **Одговори на прашање бр.4: Дали и колку по другите наставни предмети обработувате теми за моралот и моралните особини и вредности по кои треба една личност да се води?**

| **Категории на одговори** | **Фреквенција (f)** | **Процент (%)** |
|---|---|---|
| Доволно обработуваме | 45 | 18.75% |
| Делумно обработуваме | 64 | 26.67% |
| Воопшто не обработуваме | 131 | 54.58% |
| **Вкупно** | 240 | 100% |




**Графикон 15. Прашање бр. 4**

Според резултатите кои што ги добивме преку истражувањето може да заклучиме дека во воспитно-образовниот систем по другите наставни содржини многу малку се обработуваат теми за моралот и моралните особини и вредности.

Само 45 ученици одговориле дека доволно се обработуваат теми за моралот и моралните особини и вредности, 64 ученици сметаат дека делумно се образботуваат теми, додека пак најголем број 131 сметаат дека воопшто не обработуваат теми по другите наставни предмети за моралот и моралните особини и вредности.

***Прашање бр.5*** **: Која ви е омилена тема од обласа на моралот за која најмногу би сакале да дискутирате со вашите наставници и соученици?**

Според добиените резултати на најголем број од учениците омилена тема од областа на моралот им е темата „Универзалните етички вредности”. На второ место според тоа како одговориле учениците од основно воспитание и образование е темата „Добро однесување”, додека пак третото место според заинтересираноста на анкетираните ученици е тамата „Етика и морал”.

***ЧЕТВРТ ДЕЛ***

# 1. ДИСКУСИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО ПО ОДНОС НА ХИПОТЕЗИТЕ

Врз основа на истражувањето кое беше спроведено, како и со квалитативната и квантитативната обработка на податоците дојдовме до мислењата и ставовите на наставниците и учениците за етичкото образование во основното училиште.

Истражувањето е реализирано во два примероци од вкупно 390 испитаници и тоа:

- примерок на наставници кои предаваат во основно воспитание и образование;
- примерок на ученици кои ги изучуваат наставните предмети Етика и Етика во религиите.

Во истражувањето беше користен анкетен лист за наставници и батерија на инструменти за ученици. Преку анкетниот лист за наставници се испитуваат мислењата и ставовите на наставниците во врска со наставните предмети Етика и Етика во религиите. Во анкетниот лист беа вклучени 150 наставници, од кои 124 од женски пол и 26 од машки пол. Од нив 142 наставници имаа завршено високо образование, 6 магистратура и 2 докторат. Во истражувањето беа вклучени наставници кои предаваат различни наставни предмети. Најголем број на наставници вклучени во истражувањето ги предаваат наставните предмети: македонски јазик, математика, англиски јазик, германски јазик, француски јазик. Додека пак, најмал број на наставници кои се вклучени во истражувањето го предаваат наставниот предмет Етика во религиите. Во Батеријата на инструменти која беше наменета за ученици од основно воспитание и образование се состоеше од 3 дела: тест на знаење, скала на рангови и анкетен лист. Во неа беа вклучени 240 ученици, 125 од женски пол и 115 од машки пол. Најголем број на испитаници се од македонска национална припадност.

Предмет на наше истражување беше да се испита концептот на поставеноста на етичкото образование како и функцијата и значењето на наставните предмети Етика и Етика во религиите во формирањето на моралните особини и вредности кај учениците од основно воспитание и образование.

Целта на истражувањето беше да се дојде до одредени сознанија за поставеноста на наставнте предмети Етика и Етика во религиите, и колку

содржините по предметите Етика и Етика во религиите придонесуваат во формирањето на моралните особини кај учениците од основно воспитание и образование.

Со вака поставената цел на истражувањето беа поставени и хипотезите кои беа во корелација со предметот, целта и задачите на истражувањето.

**Општа хипотеза** во ова истражување е: концепциската поставеност на наставните предмети Етика и Етика во религиите позитивно влијаат во формирањето на моралните особини и вредности кај учениците од основно воспитание и образование.

Врз основа на анализираните и добиените задачи се изведуваат следниве заклучоци:

- Наставниот предмет Етика во основно воспитание и образование се реализира во VII одделение и има статус на задолжителен наставен предмет. Цел на овој наставен предмет е: да се запознаат учениците со важноста и значењето на етиката и моралот во животот на човекот, униваразалните етички вредности, да ги откриваат и почитуваат етичките односи меѓу луѓето, да развиваат вештини за толеранција, дијалог, почитување и соработка со другите. Преку наставата по задолжителниот предмет Етика учениците треба да се запознаат со суштината на етиката и моралот, вредностите и целите на современиот живот, значењето на моралот за квалитетот на живеење и сл.
- Наставниот предмет Етика во религиите во основно воспитание и образование се реализира во VI одделение и има статус на изборен наставен предмет. Како главни цел на овој наставен предмет е учениците да се запознаат со основите на етика на православното христијанство, етика на исламот, етика на јудаизмот и етика на католичкото и евангелско - методистичкото учење.

Наставата по наставните предмети Етика и Етика во религиите им овозможува на учениците од основно воспитание и образование да ја сфатат суштината на етиката и моралот, да се запознаат со значајните обележја на моралот, да ги запознаваат и почитуваат туѓите религии во нашето општество, да се оспособат за морално вреднување, учениците да се поттикнат на правилно морално делување и однесување и преку се ова кај ученикот да се влијае на формирање на моралните особини.

Преку извршената анализа на содржините по наставните премети Етика и Етика во религиите може да се утврди дека во наставните програми по двата

предмети без разлика што едниот има статус на задолжителен, а другиот статус на изборен наставен предмет се предвидени доволен број на содржини преку кои се влијае на формирање на позитивни морални особини и вредности.

Во однос на **посебните хипотези** добиени се следниве заклучоци:

*Прва посебна хипотеза* во овој магистерски труд е: Наставниците сметаат дека Етиката како наставен предмет е значајна во формирањето на моралните особини и вредности на учениците во основно воспитание и образование.

Оваа посебна хипотеза се потврдува со одговорите на следниве прашања, кои ги имаат дадено наставниците:

- Одговори на прашање бр.2: Значењето на моралното воспитание како дел од вкупното воспитание на личноста е: - 81.33% од наставниците на ова прашање одговориле дека моралното воспитание претставува исклучително важно воспитно подрачје во воспитно-образовниот систем, што претставува доста висок процент. Ова прашање процентуално е изразено во табела 8, а графички е прикажано во графикон 1.
- Одговори на прашање бр.4: Дали сметате дека е потребно изучувањето на Етиката како задолжителен наставен предмет во основно воспитание и образование? На ова прашање позитивно имаат одговорено 62%, а негативно 38% (табела 10). Ваквиот резултат го дава позитивниот став на наставниците дека е потребно изучување на Етика како задолжителен наставен предмет.

*Втора посебна хипотеза* е: Учениците доволно ги познаваат моралните особини и вредности. Оваа хипотеза се потврдува со одговорите кои учениците ги имаат дадено во тестот на знаење кој е дел од Батеријата на инструменти.

- Во табела 20 е прикажано колку учениците од основно воспитание и образование ја познаваат секоја морална особина одделно. За секоја морална особина учениците дале над 50% точни одговори. Преку ранг листата прикажана во табела 21 учениците најмногу ја познаваат моралната особина вистинољубивост (94.58%). Следна на второ место на ранг листата е моралната особина верност (93.33%). Потоа следат: трпеливост, пожртвуваност, достоинственост, другарство, оптимизам, толерантност, хуманост, одлучност.

Преку анализа на добиените резултати во ранг листата се забележува дека учениците од основно воспитание и образование најмногу ги познаваат моралните особини кои почесто се застапени во секојдневниот живот.

*Трета посебна хипотеза* е: Учениците сметаат дека изучувањето на наставните предмети Етика и Етика во религиите им помогнало во запознавањето на моралните особини и вредности.

Преку одговорите кои се дадени на одредени прашања во третиот дел од батерија на инструменти – анкетен лист наменет за ученици, се потврдува и оваа хипотеза:

- Одговори на прашање бр.1: Изучувањето на предметите Етика и Етика во религиите помагаат во запознавањето на моралните особини и вредности кај учениците: – Од прикажаните резултати во табела 30 и графикон 12 може да забележиме дека учениците од основно воспитание и образование имаат одговорено (69.17%) дека наставните предмети Етика и Етика во религиите многу им помагаат во запознавањењто на моралните особини и вредности. 25.42% сметаат дека малку им помогнале, а само 5.41% од анкетираните ученици сметат дека воопшто не им помогнале наставните предмети Етика и Етика во религиите во запознавањето на моралните особини и вредности.
- Одговори на прашање бр.2: Со изучувањето на предметите Етика и Етика во религиите правам разлика помеѓу доброто и лошото: - 79.59% (табела 31) од учениците одговориле дека многу прават разлика помеѓу доброто и лошото, а само 20.41% малку.

Овие ставови на учениците од основно воспитание и образование се потврдија со резултатите кои ги добивме од испитувањето за познавање на моралните особини. Исто така, оваа хипотеза се потврдува и од страна на наставниците преку одговорите на прашањето кое го имаме поставено во анкетниот лист за наставници:

- Одговори на прашање бр.8: Колку сметате дека предметите Етика и Етика во религиите им помагаат на учениците во запознавањето на моралните особини и вредности? – од прикажаните резулати од табела 14 може да забележиме дека 82.67% од наставниците имаат одговорено дека наставните предмети Етика и Етика во религии многу им помага на учениците во запознавањето на моралните особини и вредности.

*Четврта посебна хипотеза* е: Учениците сметаат дека изучувањето на наставните предмети Етика и Етика во религиите им помага во вреднувањето на моралните особини и вредности. Оваа посебна хипотеза се потврдува во анкетниот лист кој е наменет за наставници и во анкетниот лист кој е наменет за ученици од основно воспитание и образование преку одговори на прашањата:

- Одговори на прашање бр.9 (анкетен лист за наставници): Колку сметате дека наставните предмети Етика и Етика во религиите им помагаат на учениците во вреднување на моралните особини и вредности? Најголем процент од наставниците (68%) сметаат дека предметите Етика и Етика во религиите многу им помогнале на учениците во вреднување на моралните особини и вредности. 21.33% сметаат дека малку им помогнале, и само 10.67% од анкетираните наставници сметаат дека воопшто не им помогнале во вреднувањето на моралните особини и вредности. (табела 15, графикон 8)
- Одговори на прашање бр.3 (анкетен лист за ученици): Со изучувањето на предметите Етика и Етика во религиите, учениците ги препознаваат и вреднуваат моралните особини кај луѓето? Според табела 32 може да забележиме дека 72.08% од анкетираните учениците одговориле дека се согласуваат, 23.75% делумно се согласуваат и 4.17% воопшто не се согласуваат дека преку изучувањето на предметите Етика и Етика во религиите ги препознаваат и вреднуваат моралните особини кај луѓето.

Преку мислењата и ставовите на учениците кои го изучуваат изборниот предмет Етика во религиите доаѓаме до заклучок дека овој наставен предмет им помогнал многу во запознавањето и вреднувањето на моралните особини.

*Петта посебна хипотеза* е: Реализацијата на моралното воспитание преку посебни наставни предмети и како принцип дава поголем придонес во формирањето на позитивните морални особини и вредности кај учениците од основно воспитание и образование. Оваа посебна хипотеза делумно се потврдува преку одговорените прашања од страна на наставниците.

Преку резултатите кои ги добивме во анкетниот лист на наставниците може да заклучиме дека еднакви се мислењата на наставниците во врска со поставеноста на моралното воспитание во воспитно-образовниот систем, дали ќе се реализира преку посебен наставен предмет или преку посебен наставен предмет и принцип. Но,

многу мал број наставници сметаат дека треба да се реализира само како принцип. (табела 9)

Истражувањето кое беше спроведено ја оправда својата цел, и преку анализа на резултатите од одговорите на прашањата кои ги имавме поставено во анкетниот лист за наставници и батерија на инструменти за ученици може да заклучиме дека наставните предмети Етика и Етика во религиите имаат позитивно влијание врз формирањето на моралните особини и вредности кај учениците од основно воспитание и образование.

Општата хипотеза која гласеше: Концепциската поставеност на наставните предмети Етика и Етика во религиите позитивно влијаат во формирањето на моралните особини и вредности кај учениците од основно воспитание и образование – се потврдува. Додека пак, добиените податоци од истражувањето генерално ги потврдуваат и посебните хипотези.

# 2. ЗАКЛУЧОК

И сосема за крај врз основа на анализираното, регистрирањето, евалуирањето, компарирањето и врз основа на здобиените искуства од етичкото образование во основните училишта ги презентираме следниве заклучоци и сознанија.

Проучувајќи го овој проблем постојано ни се повторуваше не еднаш изразената контатација дека се работи за една од најсложените и најконтроверзните проблематики во педагошката теорија. Во трудот се презентирани разликите во ставовите на значајни мислители околу значајни прашања: во врска со дефинирањето на основните поими, целта на етиката и моралното воспитание, задачите на моралното воспитание, разликите околу тоа кој е фактор на моралното воспитание, теориите на моралното воспитание.

Како најзначајни поими во овој магистерски труд ќе ги издвоиме:

- етиката претставува наука за моралот. Таа се занимава со животните вредности на луѓето, со тоа како луѓето избираат добри цели и како се застапуваат за тие цели во живеењето. Целта на етиката е умно и разумно да ја втемели концепцијата на доброто човечко постапување и доброто живеење, трагајќи по исправна одлука или за исправно дејствување;
- моралното воспитание е процес на морално обликување на личноста, морално формирање, процес на изградување на личноста. Преку процесот на моралното воспитание се развиваат човековите морални квалитети, ставови, погледи, формирање на умеења и навики за моралното однесување и делување во одредено општество. Целта на моралното воспитание во современото општество треба да биде фокусирана кон иднината, каде ќе се формира морална, слободна и хумана личност која во текот на животот ќе тежнее за воспоставување на вистински човекови односи.

Нашите теоретски согледувања сакавме да ги поткрепиме со истражување и директно да ја утврдиме поставеноста на етичкото образование. Затоа наш предмет на истражување беше да се испита концептот на поставноста на етичкото образование како и функцијата и значењето на наставните предмети Етика и Етика во религиите

како наставни предмети во формирање на моралните особини кај учениците од основно воспитание и образование. Предметот на истражување се  обидовме да го испитаме преку анализа на наставниот предмет Етика кој се изучува како задолжителен наставен предмет и анализа на содржината по предметот Етика во религиите кој се изучува како изборен наставен предмет, кои покажаа дека во нив се предвидени содржини за моралните особини и вредности. Преку однапред подготвен анкетен лист за наставници и батерија на инструменти за ученици, ги испитавме ставовите и мислењата на наставниците и учениците околу нашиот предмет на истражување. Добиените податоци од анкетниот лист на наставниците  покажаа дека наставниот предмет Етика е значаен во формирањето на моралните сособини на учениците од основно воспитание и образование. Преку Батеријата на инструменти, која беше наменета за учениците покажа дека учениците од основно воспитание и образование доволно ги познаваат и вреднуваат моралните особини и вредности.

# 3. ПРИЛОЗИ

## Анкетен лист за наставници

*Почитувани наставници, со одговорите на прашањата вие ќе дадете личен придонес за научноистражувачката работа. Овој анкетен лист се спроведува за потребите на истражување чија цел е да се утврди значењето на Етиката како наставен предмет во основното воспитание и образование, и неговото влијание во формирањето и вреднувањето на моралните особини кај учениците. На тој начин вие ќе бидете соработници во индивидуален истражувачки магистерски проект, чија реализација е во тек.*

*Анкетирањето е анонимно. Ве молиме искрено да ни одговорите на поставените прашања, нагласувам дека ниту еден од вашите одговори нема да биде злоупотребен и нема да се употреби за друга намена.*

***Благодариме на соработката!***

***Општи податоци:***

Основно училиште: ______________________________

Место:_________________________________________

Пол: а) машки б) женски

Национална припадност: а) македонец б) албанец в) друго

Образование кое го поседувате: а) високо образование б) магистратура в) докторат

Работно искуство: а) до 10 години б) од 10 до 20 години в) над 20 години

1. Кој наставен предмет го предавате?

_____________________________________________________________________________

2. Значењето на моралното воспитание како дел од вкупното воспитание на личноста е :

а) исклучително важно воспитно подрачје

б) еднакво важно како и останатите воспитни подрачја

в) не многу важно воспитно подрачје

3. Моралното воспитание треба да се реализира преку:

а)  посебен наставен предмет

б)  како принцип

в)  посебен наставен предмет и принцип

4. Дали сметате дека е потребно изучувањето на Етиката како задолжителен наставен предмет во основно воспитание и образование?

а) да　　　　　　　　　　　　б) не

5. Според вашето мислење , која треба да биде целта на наставниот предмет Етика?

а) запознавање со етичките учења и теории

б) вреднување на однесувањето и моралните особини на луѓето од околината

в) запознавање со значењето на моралот во човековиот живот

6. Дали сметате дека е потребно изучувањето на Етика во религиите како изборен наставен предмет во основно воспитание и образование?

а) да　　　　　　　　　　　　б) не

7. Која треба да биде целта на наставниот предмет Етика во религиите?

а) запознавање со основните етички поими во религијата

б) запознавање со значењето на моралот

в) да развива вештини за толеранција, дијалог, почитување и соработка со други

8. Колку сметате дека предметите Етика и Етика во религиите им помагаат на учениците во запознавањето на моралните особини?

а) многу

б) малку

в) воопшто не помага

9. Колку сметате дека предметите Етика и Етика во религиите им помага на учениците во вреднувањето на моралните особини?

а) многу

б) малку

в) воопшто не помага

Зошто? (Образложете го вашето мислење)

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

10. Дали во вашето досегашно искуство сте забележале разлика помеѓу учениците кои го изучуваат и оние кој не го изучуваат предметот Етика, во однос на нивното морално воспитание?

а) да (наведете пример)________________________________________________________

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

б) не

11. Дали сметате дека наставниот предмет Етика во религиите треба да го изучуваат сите ученици?

а) да б) не

12. Според ваше мислење дали постојат доволно содржини во наставните програми на останатите предмети од наставниот план на основното воспитание и образование преку кои може да се влијае врз моралното формирање на личноста на учениците?

а) да, постојат доволен број на содржини

б) има содржини, но не доволно

в) нема доволно содржини

13. Според ваше мислење наведете кои други наставни предмети најмногу можат да дадат придонес по однос на моралното воспитание и формирањето на моралните особини кај учениците од основно воспитание и образование?

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

________________________________________________________________

**БАТЕРИЈА НА ИНСТРУМЕНТИ**

***Драг ученику ,***

*Овој анкетен лист се состои од 3 дела, преку него сакаме да испитаме колку ги познаваш и како ги вреднуваш моралните особини, како и да дознаеме какви се твоите мислења и ставови за значењето на наставните предмети Етика и Етика во религиите по однос на формирањето на моралот и моралните особини на учениците.*

*Анкетирањето е анонимно! Одговорите не се оценуваат, ќе се користат за научни цели. Те молиме внимателно, без брзање и искрено да одговориш на дадените прашање.*

***Благодариме на соработката!***

***Општи податоци за ученикот:***

- Училиште:________________________________________
- Место:___________________________________________
- Одделение:_______________________________________
- Пол на ученикот: а)машки б)женски
- Национална припадност: а)македонец б)албанец в)друго

## I ДЕЛ

*Во првиов дел се дадени 20 морални особини.Од неведените 3 тврдења заокружи едно кое според тебе е точно.*

| | |
|---|---|
| 1. Моралната особина совесност значи: | а) Недостаток на чувство на должност и одговорност<br><br>б) Целосно и редовно исполнување на своите должности , чувство на морална обврска<br><br>в) Насоченост кон постигнување на успех во поставените желби |
| 2. Емпатија е: | а) Свртеност кон себе , барање корист само за себе<br><br>б) Сочуствување, разбирање за проблемите на другите луѓе<br><br>в) Незаинтересираност, без страст, безживост |
| 3. Трпеливоста е особина на личноста која: | а) Постапува брзоплето, нагло и непромислено<br><br>б) Чека поволни услови, систематски и доследно се движи кон поставената цел<br><br>в) Делува насилно и има за цел да им нанесе штета на другите луѓе |
| 4. Под толерантност се подразбира: | а) Неупотреба на насилство при побивањето на туѓи мислења и ставови во ситуација на застапување на своите ставови<br><br>б) Давање матријална и морална помош<br><br>в) Слабост, колективност, застрашеност |
| 5. Под праведност се подразбира: | а) Постојана настроеност за негативно оценување<br><br>б) Тесноградост при оценувањето и постапувањето<br><br>в) Непристрасно вреднување на човековите постапки |
| 6. Оптимизам е: | а) Животен став за се што се случува да се гледа од добрата страна<br><br>б) Гледање на нештата од нивната лоша страна<br><br>в) Сомневање во се |
| 7. Хуманост претставува: | А) Човечност, стремеж за облагородување на човекот<br><br>Б) Нечовечност<br><br>В) Желба за соработка и добри односи |
| 8. Пожртвуваност е **:** | а) Несебичен гест , давање нешто некому и правење нешто некому, иако е тешко<br><br>б) Свртеност кон себе , барање корист за себе<br><br>в) Неводење сметка за вредностите , неукажување почит кон другите луѓе |
| 9. Под доследност се подразбира: | а) Постојаност, останување верен на своите ставови и идеи<br><br>б) Имање добри мисли и правење добри дела<br><br>в) Не извршување на зададените должности , несовесност |
| 10. Вистинољубивоста е : | а) Кажување невистини<br><br>б) Дволично и лицемерно однесување<br><br>в) Настојување и стремење да се сознае и да се зборува само точно |

| | |
|---|---|
| 11. Патриотизмот претставува: | а) Љубов кон татковината<br><br>б) Национална нетрпеливост<br><br>в) Тежнеење за починување на другите народи |
| 12. Под самокритичност се подразбира: | а) Истакнување на себе си без никакво оправдување<br><br>б) Отсуство на подготвеност и желба за работа<br><br>в) Критички поглед за сопствените слабости и недостатоци |
| 13. Верност е: | а) Заинтересираност само за себе, саможивост<br><br>б) Преданост, приврзаност, истрајност<br><br>в) Предавство, измама, неодржување на дадениот збор |
| 14. Особината одговорност претставува: | а) Чуство на должност<br><br>б) Способност за самостојно одлучување и делување<br><br>в) Избегнување на работни обврски |
| 15.Особината умереност претставува: | а) Незаситност, лакомост<br><br>б) Држење на средна мера, избегнување на крајности и претерувања<br><br>в) Способност за самостојно одлучување и делување |
| 16. Другарство претставува: | а) Суетно и арогантно однесување<br><br>б) Однос во кој владее разбирање и блискост, меѓусебно почитување<br><br>в) Однос во кој владее срамежливост, повлеченсот |
| 17. Самостојноста е особина на личноста која: | а) Е независна од другите<br><br>б) Е зависна од помошта на другите луѓе<br><br>в) Е способна секогаш да најде излез и адекватно решение |
| 18. Одлучноста е особина на луѓето кои постапуваат: | а) Панично и колебливо<br><br>б) Споро, задоцнето и неделотворно<br><br>в) Енергично, неколебливо и иницијативно |
| 19. Достоинственост е : | а) Непристојно, некултурно однесување<br><br>б) Углед кои го ужива човекот, чувство за својата вредност<br><br>в) Истрајност во остварувањето на своите цели |
| 20. Разумноста претставува: | а) Способност за донесување на решенија во сообразност со разумот<br><br>б) Рамнодушност<br><br>в) Постапување без размислување |

## II ДЕЛ

*Во вториов дел се дадени 20 морални особини. Од нив избери 5 и заокружи ги кои според твое мислење се најважни. Избраните 5 особини подредиги според важноста која им ја придаваш. Од избраните морални особини, таа што најмногу ја цениш впишија во табелата под бројот 1, следните по важност под броевите 2, 3, 4 и последната под бројот 5.*

| | | |
|---|---|---|
| Доследност | Хуманост | Одговорност |
| Толерантност | Совесност | Одлучност |
| Умереност | Вистинољубивост | Верност |
| Патриотизам | Емпатија | Пожртвуваност |
| Самокритичност | Оптимизам | Другарство |
| Достоинственост | Трпеливост | Самостојност |
| Праведност | Разумност | |

| **1.** | **2.** | **3.** | **4.** | **5.** |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |

## III ДЕЛ

*И на крај во третит дел, дадени се неколку прашања каде што одговорот треба да го заокружиш или да образложиш во кратки црти.*

1. Изучувањето на предметите Етика и Етика во религиите помагаат во запознавањето на моралните особини и вредности кај учениците:

а) многу

б) малку

в) воопшто не помага

2. Со изучувањето на предметите Етика и Етика во религиите учениците прават разлика помеѓу доброто и лошото:

а) многу

б) малку

3. Со изучувањето на предметите Етика и Етика во религиите, учениците ги препознаваат и вреднуваат моралните особини кај луѓето?

а) се согласувам

б) делумно се согласувам

в) воопшто не се согласувам

4. Дали и колку по другите наставни предмети обработувате теми за моралот и моралните особини и вредности по кои треба една личност да се води?

а) доволно обработуваме

б) делумно обработуваме

в) воопшто не обработуваме

5. Која ви е омилена тема од областа на моралот за која најмногу би сакале да дискутирате на часовите со вашите наставници и соученици?

____________________________________________________________________________

____________________________________________________________________________

____________________________________________________________

# 4. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Ангелоска, Галевска, Н., (2003), *Методологија на педагошки истражувања,* Скопје.
2. Аристотел, (2003), *Никомахова етика*, Скопје.
3. Аристотел, (1970), *Политика*, Скопје: Култура.
4. Atanasov, Z., (1985), *Istorija na moralnoto vospitanie*, Sofija.
5. Атанасова, Т., Петрова, Ѓорѓева, Е., (2003), *Општа педагогија,* Штип.
6. Баракоска, А., (2007), *Педагогија – учебно помагало*, Скопје: Филозофски факултет.
7. Баракоска, А., (2013), *Општа педагогија,* Скопје: Филозофски факултет.
8. Баракоска, А., (2014), *Педагогија на слободно време,* Скопје.
9. Баракоска, А., (2016), *Меѓународно списание за образование, истражување и обука,* Скопје: МАР-САЖ. 2(1): (1857-9841)
10. Bergman, R. (2004). Identity as Motivation: Toward a Theory of the Moral Self. Во D. K. Lapsley & D. Narvaez (Eds.), *Moral Development, Self, and Identity* (pp. 21-46). https://books.google.mk/books?hl=en&lr=&id=q054AgAAQBAJ&oi=fnd&pg=PA21&dq=bergman+identity+as+motivation&ots=ehuwj7Z7lD&sig=uU-OZuF0RITEXPX4sqpsnYdPpqA&redir_esc=y#v=onepage&q=bergman%20identity%20as%20motivation&f=false (Посетено на: 12.07.2019)
11. Bergman, R. C., (2005), *Educating the Moral Self: From Aristotle to Augusto Blasi*. Doctoral dissertation, The Graduate College at the University of Nebraska, Lincoln.
12. Борота, Поповска, М., (2004), *Деловна етика,* Скопје: Де Гама.
13. Brkic, M., (1985), *Teorija I praksa moralnog odgoja ucenika*, Sarajevo: Veselin Mislesa.
14. Вујаклија, М., (1974), *Лексикон страних речи и израза*, Београд: Просвета.
15. Vukasović, A., (1974), *Moralni odgoj*, Zagreb: Liber.
16. Vukasovic, A., (1977), *Moralne kvalitete nasih ucenika,* Sarajevo: Izdavacki zavod Jugoslovenske akademije.
17. Vuкasovic, A., (1985), *Cilj odgoja*, vo sp. Pedagogija br.2.
18. Vukasović, A., (1993), *Etika, moral, osobenost,* Zagreb: Školska knjiga.

19. Vukasovic, A., (2001), *Pedagogija,* Zagreb: Hrvatski katolicki zbor „MI”.
20. Wagner, E., (1896), *Vollstandige Darstellung der Lehne Herbarts,* achte Auflage, Langenasalza.
21. Gibbs, J., (2003), *Moral development and reality: Beyond the theories of Kohlberg and Hoffman*. Thousand Oaks: Sage Publications.
22. Група автори, (1998), *Млада генерација данас*, Београд: Младост.
23. Danilovic, N., (2003), *Snaga morala,* Beograd: Zaduzbina Andrejevic.
24. Донев, Д., (2011), *Етика во новинарството,* Скопје: УКИМ.
25. Донев, Д., (2018), *Вовед во етика,* Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј”.
26. *Енциклопедиски речник по педагогика*, (1963), Загреб: Матица Хрватске.
27. Заревски, Д., (2005), *Филизофија и етика на современото образование,* Докторска дисперзија, Скопје: Филозофски факултет.
28. Златевски, П., (2010), *Етика во религии* – учебник за V одделение, Скопје: Министерство за образование и наука на Република Македонија.
29. Zlebnik, L., (1970), *Opsta istorija skolstva I pedagoskih ideja,* Beograd: Naucna knjiga.
30. Kohlberg, L., (1968), The Child as a Moral Philosopher. *Psychology Today*, *2* (4), 24-30. http://www.indiana.edu/~koertge/Sem104/Kohlberg.html (Посетено на: 12.07.2019)
31. Kolhberg L., (1981), *The Psihosophy of Moral Development, Moral Stagestand the idea of Justice*, San Francisko.
32. Коменски, Ј.А., (1967), *Велика дидактика,* Београд: Завод за издавање уџбеника.
33. Костов, Б., (2013), *Естетско воспитание*, Скопје.
34. Костов, Б., (2019), *Теорија на воспитание*, Скопје: Филозофски факултет.
35. Костова, М., (1993), *Методика на воспитна работа*, Загреб.
36. Костова, М., (2004), *Теорија на воспитание,* преведени делови од учебникот „Педагогија” од Анте Вукасовиќ, Загреб.
37. Костова, М., Баракоска, А., Маказлиева, Е., (2005), *Педагогија,* Скопје: Просветно дело.
38. Krneta, Lj., Potkonjak N., (1969), *Pedagogija*, Zagreb: Matica Hrvatska.
39. Legrand, L., (1991), *Enseigner la morale aujourd'hui?*, Pariz, Presses Universitaires de France.

40. Лукич, Р., (1982), *Социологија морала*, Београд.
41. Манчев, В., (2002), *Општа педагогија,* Београд: Учитељски факултет.
42. Миленков, П., (2018), *Потреба на современото македонско општество од предметот Етика во религиите во образованието.* https://bigorski.org.mk/etika/potrebata-na-sovremenoto-makedonsko-opshtestvo-od-predmetot-etika-vo-religiite-vo-obrazovanieto/ (Посетено на: 23.08.2019)
43. Миовска, Спасева, С., (2005), *Прагматистичка педагогија и основното образование*, Скопје: Селектор.
44. Момов, В., (1982), *Морал и воспитание*, Софија.
45. Момов, В., (1999), *Етички студии*, Софија.
46. *Моралност и друштвена криза*, (1995), Београд: Институт за педагошки истражувања.
47. *Наставна програма по Етика за VII одделение,* Програма за основно воспитание и образование (2009), Биро за развој на образование. https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2018/02/Nastavna_programa-Etika-VII_odd-mkd.pdf (Посетено на: 23.08.2019)
48. *Наставна програма по Етика во релиите за VI одделение,* Програма за основно воспитание и образование (2010), Биро за развој на образование. https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2018/02/Nastavna_programa-Etika_vo_religiite-VI_odd.pdf (Посетено на: 23.08.2019)
49. *Општествена транзиција и образование,* (1998), Скопје: Филозофски факултет.
50. Pevicevic, V., (1967), *Osnovi etike*, Beograd: Kultura.
51. *Педагошка енциклопедија*, (1989), Београд: Завод за издавање уџбеника.
52. *Педагошки речник*, (1968), Београд: Завод за издавање уџбеника.
53. Perovic, M., (2001), *Etika,* Novi Sad: Grafomedia.
54. Perovic, M., (2013), *Filozofija morala,* Novi Sad: Cenzura.
55. Петрова, Ѓорѓева, Е., (2005), *Современото училиште и моралното воспитание,* Штип: „Софија” – Богданци.
56. Петрова, Ѓорѓева, Е., (2010), *Теорија на воспитание*, Штип: Универзитет „Гоце Делчев”.
57. Петрова, Ѓорѓева, Е., (2013), *Одбрани теми од педагогија,* Штип: Универзитет „Гоце Делчев”.

58. Поповиќ, Б., (1978), *Морални развој и морално воспитање,* Београд: Просвета.
59. Popovic, B., Miocinovic, Lj., (1977), *Moralne vrednosti dece I mladih I njihov razvoj,* Beograd: Prosveta.
60. Potkonjak, N,. (1996), *Opsta pedagogija*, Beograd: Uciteljski fakultet.
61. Puka, B., (1994), *Moral development: Fundamental research in moral development*. https://books.google.mk/books?hl=en&lr=&id=_iv72fD2cokC&oi=fnd&pg=PA321&dq=piaget+moral+development+theory+stages&ots=FGy6ILG41K&sig=onZbHxpAeeFtPvohmLspA3yF6pg&redir_esc=y#v=onepage&q=piaget%20moral%20development%20theory%20stages&f=false (Посетено на: 12.07.2019)
62. Радашин, В., (1970), *Основи моралног воспитања*, Нови Сад: Виша педагошка школа.
63. Рангелова, Е., (1989), *Морална иницијатива, творештво и училиштето*, Софија.
64. Рангелова, Е., (1989), *Класниот раководител и моралното воспитание на учениците*, Софија.
65. Рангелова, Е., (1996), *Моралната култура на учениците*, Софија.
66. Серафимовска, М., (2009*), Етиката и воспитната работа во училиштето*, - Реафирмација на воспитната функција на училиштето (зборник на трудови од тематска расправа), Скопје: Дом на просветни работници на Република Македонија.
67. Симоновска, С., Скаловски, Д., (2012), *Етиката и родот – прирачник,* Скопје.
68. Спасовски, О., (2012), *Позитивна психологија,* Скопје: Филозофски факултет.
69. Schwartz, S. H., (2012), An Overview of the Schwartz Theory of Basic Values. *Online readings in Psychology and Culture*, 2(1). https://doi.org/10.9707/2307-0919.1116 (Посетено на: 12.07.2019)
70. Темков, К., (1998), *Етика – Десет радио предавања,* Скопје: Епоха.
71. Темков, К., (2001), *Етичко образование денес*, Бр. 1, Штип.
72. Темков, К., (2004), *Етички речник,* Скопје: Просветно дело.
73. Темков, К., (2005), *Етика за III година – гимназиско образование,* Скопје: Просветно дело.

74. Темков, К., (2007), *Како да се биде добар*, Скопје: ОХО.
75. Темков, К., (2010) „*Основните вредности на заедничкото живеење*“, „Нова Македонија“, бр. 2879.
76. Фрицханд, А., (2007), *Вредности, вредносни ориентации, морални ставови и модели за идентификација во различни возрасни групи*, магистерски труд, Скопје: Филозофски факултет, Институт за психологија.
77. Фрицханд, А., (2010), *Морално мислење и морална слика за себе во периодот на адолеценција*. Докторска дисертација, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“.
78. Фрицханд, А., (2012), *Моралната себеперцепција на адолесцентите*. Годишен зборник на Филозофскиот факултет, Скопје, 65, 124-139.
79. Фрицханд, А., Стојаноска, Т., (2017), *Моралните предизвици на младите и општествените промени на дваесет и првиот век,* Годишен зборник на Филозофскиот факултет, Скопје.
80. Шимплеша, П., (1968), *Педагогија,* Загреб: Школска књига.
81. Шимплеша, П., (1973), *Педагогија*, Загреб: Педагошки књижевни збор.
82. Шопенхауер, А., (1990), *О темељу морала,* Нови Сад: Братство-Јединство.